**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**м-р Зоран Киткањ**

# Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит

**-докторска дисертација-**

**Ментор:**
**Проф.д-р Зоран Илиќ**

**Скопје, 2009**

## СОДРЖИНА


I. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 4

1. Поим и облици на однесување 4
2. Појмовно определување и дефинирање на престапничкото однесување 5
3. Основни облици на престапничко однесување 10
4. Лица со интелектуален дефицит и нивната пресметливост 20
5. Детерминирање на поимот малолетник и кривично-правна одговорност кај малолетните лица 27
6. Кривична постапка кај малолетните лица 49
7. Алтернативни мерки 54
8. Санкции кон малолетните сторители на кривични дела 57
9. Теории на престапничкото однесување 61

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП 77

1. Предмет на истражувањето
2. Цели на истражувањето 77
3. Задачи на истражувањето 77
4. Хипотези на истражувањето 78
5. Методологија на истражувањето 79
   а) Методи на истражување 79
   б) Техники на истражувањето 79
   в) Инструменти 79
6. Примерок 80

III. АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ 81

1. Асоцијално однесување кај малолетните лица 81

1.1. Обем на асоцијално однесување

1.2. Асоцијално однесување според возраста

1.3. Асоцијално однесување според полот

1.4. Асоцијално однесување според местото на живеење

1.5. Феноменологија на асоцијалното однесување

2. Прекршочно однесување кај малолетните лица 87

2.1. Феноменологија на прекршочно однесување

3. Криминалитет кај малолетните лица 90

3.1. Обем на криминалитетот 90

3.1.1. Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела

3.1.2. Обвинети малолетни лица според групите на кривични дела

3.1.3. Осудени малолетни лица според групите на кривични дела

3.2. Стапка на криминалитетот 98

3.3. Структура на малолетничкиот криминалитет 100

3.3.1. Криминалитет на насилство кај малолетните лица 103

3.3.2 Рецедивизам (повтор) кај малолетните лица 106

3.3.3. Повтор кај малолетните лица според возраста

3.3.4. Повтор според видот на сторените кривични дела

3.4. Времетраење на постапката кај обвинетите малолетни лица 110

3.5. Притвор кај малолетните лица 111

3.6. Дистрибуција на малолетничкиот криминалитет според полот 112

3.7. Криминалитет кај малолетни лица според возраста 116

3.8. Дистрибуција на малолетничкиот криминалитет според етничката припадност 119

3.9. Кривични санкции кон малолетните лица 122

3.10. Начин на извршување на кривичните дела 125

3.11. Рано започнување на вршење кривични дела 128

3.12. Учество на лицата со интелектуален дефицит во малолетничкиот kриминалитет 129

3.13. Работен статус на родителите 131

3.14. Образовна структура кај малолетните престапници 133

3.15. Образовна структура на родителите 135

3.16. Социјална патологија кај малолетниците кои се на издржување на заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор 136

IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ 138

1. Заклучоци 138

2. Предлог мерки 145

ЛИТЕРАТУРА 148

**Вовед**

Познато е дека престапничкото однесување на младите преставува посебна категорија на однесување кое се издвојува на посебно место во рамките на криминалитетот како поширока категорија. Престапничкото однесување кај малолетниците како непожелно и неприфатлво однесување отсекогаш привлекувало сериозно внимание на општествената заедница. Историски гледано оваа појава постоела во сите општествено-историски и економски формации, а и ден денес, како во неразвиените, земјите во развој, така и во високо развиените земји.

Мотив за изборот на проблемот во истражувањето го гледав во поголемата стапка и квалитативната страна на малолетничкиот криминалитет, а посебно се поголемото учество на малолетниците со интелектуален дефицит во масата на криминалитетот воопшто.

Оваа општествена појава во земјите со позитивно законодавство се третира и проучува од повеќе аспекти: криминолошки, криминално-политички, пенолошки, социјално-педагошки, психолошки, дефектолошки, психијатриски итн.

Ако се земе во предвид квалитативната страна на малолетничкиот криминалитет како и учеството на малолетните сторители во вкупниот криминалитет со право може да се констатира дека оваа појава и нејзините актери се сериозен социјален, научен и општествен проблем за секоја современа демократска заедница која бара ангажирање на сите расположливи средства и мерки од страна на државата за да се обезбеди посветла иднина на државата и нејзините граѓани.

# I. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Поим и облици на однесување

За да се сфати поедноставно терминот престапничко однесување потребно е најнапред да се одреди поимот однесување, но и овде наидуваме на проблем бидејќи постојат различни пристапи и сфаќања.

Од социолошки аспект под поимот однесување се подразбира секое држење на поединецот без оглед дали тоа е психичко или физичко, односно активно или пасивно. Според Лукиќ важно е надворешно да се забележи однесувањето доколку тоа е телесно, односно да може преку манифестираните знаци да се осознае доколку е психичко (Lukić R. D., 1962).

Во реалноста споменатите облици на однесување се така поврзани што е тешко да најдеме некој чист облик. Со други зборови кажано нема психичко однесување које не предизвикува одредени барем минимални телесни реакции и обратно не постои телесно однесување во кое не учествува и психичката страна на поединецот. Токму поради споменатото Јашовиќ вели дека престапничкото однесување кое главно се манифестира преку телесна реакција има во себе и психичка страна (Jašović, 1991).

Психолозите најчесто на однесувањето гледаат како поведение или движење кое означува промена на положбата на телото или делови од организмот при што таквата активност на поединецот без помош на инструменти може да се забележи од оние кои го опкружуваат (Ilić Z., 2000).

Постојат 4 основни компоненти на човековото однесување и тоа:

- физичка активност како волево движење на сите или поедини делови од телото;
- мисловна компонента под која се подразбира сакано или несакано продуцирање на мисли;
- емоционална компонента кој се карактеризира со долготрајни чувстава кои се разликуваат од непосредните емоции кои се краткотрајни и главно од реактивна природа;
- физиолошки процеси, компонента која настојува да му пружи на организмот она што му е потребно за функционирање, мислење и чувствување.

Сите четири компоненти на однесувањето се меѓусебно поврзани така да промената во една од нив неминовно ќе продуцира промена во останатите компоненти.

Однесувањето не преставува само она што го правиме туку и она што мислиме и чувствуваме. За однесување се сметаат и физиолошките реакции на организмот (Ilić Z., 2000).

## 2. Поимовно одредување и дефинирање на престапничко однесување

Во научната и стручната литература владее семантичка збрка кога станува збор за дефинирање на категоријата на млади со пореметувања во општественото однесување. Споменатото однесување кај младите многу различно се одредува, а воедно се означува и со различни термини. Околу означувањето на терминот, кој треба да го означи ова девијантно однесување, кое вообичаено го нарекуваме деликвентно, криминално, престапничко, антисоцијално итн., се водат и ќе се водат многу теоретски и научни расправи поради што тешко е да се дојде до универзално и усогласено поимање на наведените термини, а особено ако тие се набљудуваат од аспект на поединечни научни подрачја и во различни временски и просторни димензии.

Во дефинирањето на престапничкото однесување не постои единственост бидејќи образовните профили кои се занимаваат со оваа проблематика имаат различен пристап кон оваа појава.

При одредување на поимот за неприфатливите форми на однесување кај децата и младите секогаш наидуваме на теоретски и практични проблеми. Во тој контекст Југовиќ наведува дека при анализа на судската документација како и во самите разговори со судиите за малолетници истите не придаваат значење на поимот со кој се означуваат младите со неприфатливи и противправни форми на однесување. За нив значајни се заклучоците и предлог мерките, а кој од термините ќе се употреби е нешто споредно (Југовић, 2006).

Кога се зборува за пореметувања во однесувањето треба да се нагласи дека истото треба да се манифестира најмалку шест месеци да би се оквалификувало како такво (Hercigonja, Kocijan 1996).

Проблемите во одредувањето престапничко однесување произлегуваат и од самиот назив, односно со кој термин да се означи таквата непожелна противправна и општествено неодобрена појава. Постојат повеќе термини со кои се означува оваа појава: воспитна запуштеност; лошо општествено однесување кај младите; деликвент-но однесување; престапничко однесување; девијантно однесување; пореметувања во

однесувањето; пореметувања во општественото однесување; малолетничка деликвенција; ризично однесување и др.

Употребата на сите овие термини ствара конфузија во работата со оваа проблематика односно оневозможува практичен прилод кон самата појава. Поради наведените проблеми нужно е и неопходно да се одржат теоретски и научни расправи како би се дошло до универзално и усогласено поимање на употребуваните термини во научната и стручната литература но и во законската регулатива.

Во трудот ќе бидат употребувани повеќе термини како синоними бидејќи различни автори под различни термини подразбираат иста содржина.

Според Брегнат (1968) проблеми се јавуваат и при користењето на самите термини со кои се означува малолетничкото престапништво бидејќи се користат неиздиференцирани критериуми во означувањето на оваа категорија на деца.

Во нашата практика еден од почесто употребуваните термини е воспитна запуштеност. Во поширока смисла на зборот со овој термин се опфаќа целокупната непрегледна и релативна скала на лошо општествено однесување кај младите. Во потесна смисла под воспитна запуштеност се подразбираат само оние облици на девијантно или неприфатливо однесување на младите со кои се кршат оние општествени норми кои не се инкриминирани со казненото законодавство, што значи не се деликвенти, но сепак поголемиот број од нив претставуваат претходен степен или предзнак за деликвентно однесување.

И двете гледишта за воспитна запуштеност во практиката во повеќе земји, па и кај нас, неиздржано се употребуваат како синоними за поимот малолетничка деликвенција.

Според Скаберне, Брегант и други автори термините воспитна запуштеност, воспитна занемареност и воспитна загрозеност неможат да се употребуваат како ознака за било кој облик или вид на однесување, бидејќи споменатите термини означуваат само состојби кои можат да допринесат за појава на некои несакани, неприфатливи и противправни форми на однесување. Воспитно запуштеното дете кое е лишено од нормалните услови на воспитание, може но не мора да манифестира деликвентно однесување. Нормалните услови за воспитание и грижа се само еден од многубројните услови за правилен развој на детето. Со други зборови деликвенцијата не е нужна последица на воспитната запуштеност и занемареност.

Според Бечин (1968) воспитно запуштените деца и млади се лишени од организирано и свесно позитивно влијание на општествените фактори пресудни за нивниот нормален развој.

**Лошо општествено однесување** на младите е термин со кој се опфаќа целокупната скала на несакани неодобрени и противправни форми на однесувања кај споменатите актери. Под општествено однесување се подразбираат сите активности или пак држење на поединецот или група која на било каков начин ги загрозува вредностите, добрата, интересите и односите на луѓето како и општеството во целина.

Од етички и социјален аспект лошо општествено однесување кај младите е резултат на односите меѓу социјалните последици на тоа однесување и системот на општествени норми кои се важечки во дадена средина и даден временски период, заради регулирање на меѓучовечките односи (Paulsen, 1921).

Доколку лошото општествено однесување кај младите е трајно и карактеристично својство на личноста на поединецот, т.е. доколку преминало во ставови и навики на поединецот или пак доколку поединецот е присилен на такво однесување, повеке под влијание на надворешни околности отколку случајни ситуациони фактори, тогаш таквото однесување има карактер на социјален случај. Доколку пак имаме појава на маса на такви случаи, поради што е неопходна широка интервенција од повеќе аспекти, тогаш таквите однесувања стануваат вистински социјален проблем (Bećin, 1968).

На овој термин му се приговара поради неоправданото третирање на самите актери како лоши, бидејќи таквото однесување се јавува како резултат на взаемното дејство на внатрешните и надворешните околности во кои се нашле младите, поради што на нив мора да се гледа повеќе како на жртви на неповолните животни околности. Од друга страна на овој термин се приговара бидејќи има стигматизирачки карактер кој е многу понеповолен од терминот воспитна запуштеност во кој е пренагласена вината на факторите одговорни за воспитување на децата и младите, поради што последниот термин има похумана димензија. Поради споменатите причини во САД оваа категорија на млади од аспект на социјалната работа се нарекува неадаптирани деца и млади (Eliot, 1962).

Овој термин исто така е неадекватен бидејќи со него може да се опфатат младите со444 неделиквентни облици на девијантно однесување како што се неуротичните и психотичните однесувања, а од друга страна не ги опфаќа малолетните престапници

кои се сосема добро прилагодени во рамките на пореметеното општество (Hentig H., 1959).

Еден од почесто употребуваните термини со кои се означува оваа појава е **малолетничка деликвенција.** Во потесна смисла под овој поим се подразбираат сите активности на малолетникот кои се инкриминирани според позитивните кривични законодавства во одредени земји.

Во поширока смисла со терминот малолетничка деликвенција се опфаќаат сите девијации во однесувањето на младите како што се: социјална неприлагоденост, скитање, пушење во училиште, бегање од дома, бегање од училиште, агресивно однесување, насилничко однесување како и сите оние активности кои се инкриминирани според нормите од материјалното кривично право (Daniel W.G., 1961).

Од терминот малолетничка деликвенција произлегуваат поимите деликвент и предделиквент. Под првиот поим подразбираме малолетник кој извршил некое кривично дело инкриминирано по нормите на материјалното кривично право. За разлика од деликвентот, предделиквентот е малолетник кој не е сторител на дела кои се кривично правно инкриминирани, но неговите активности добиваат карактер на непожелно, невообичаено и нестандардно однесување кои лесно можат да го вовлечат во деликвентно однесување (Milutinović M., Aleksić Ž., 1989).

За деликвент се смета она дете чие однесување може да биде осудено како деликвентно по законите на земјата во која тоа дете живее. Малолетникот за едно исто однесување во една земја може да биде обвинет и осуден, а во друга земја да не биде прогласен за деликвент (Clendenen R., 1963).

Robinson ја дефинира деликвенцијата како секое однесување кое одредена заедница во дадено време го смета дека е во конфликт со нејзините најдобри интереси, без разлика дали престапникот е или не е приведен пред суд (Robinson S.M., 1962).

Исто така за означување на оваа појава во литературата (посебно во социолошката) се користи терминот **девијантно однесување.** Под споменатиот термин се подразбира секое човечко однесување кое во значајна мера отстапува, односно ги крши општествените норми на одредена заедница и предизвикува општествена реакија на неодобрување. Гледано од социолошки аспект девијантното однесување го опфаќа не само актот на чинење од страна на поединецот туку и неговите мисли, ставови и чувства бидејќи човечката дејност поврзана е и со она што луѓето мислат и чувствуваат. Ако се земат предвид можните последици на овие различни аспекти на

човечко однесување, секоја општествена заедница најмногу е заинтересирана за она што луѓето го прават или чинат (Lemert E., 1951).

Од повеќето употребувани термини за нас најприфатлив е терминот **престапничко однесување** под кое се подразбира:

„Секое однесување на поединецот или на група млади кое е противопштествено, општествено неприфатливо и непожелно со кое се кршат кривично правните и морални норми на општествената заедница и кое кога е видливо, предизвикува спонтана или организирана општествена реакција со цел да се заштитат општествените добра и вредности како и самите актери на таквото однесување“ (Jašović Ž., 1991).

**Дополнителните проблеми** во објаснувањето и детерминирањето на поимот произлегуваат и од кривично правната положба на малолетните сторители на престапничкото однесување.

Историски гледано календарската возраст на сторителите на престапничкото однесување се респектирала како критериум за нивно правно третирање. Врз основа на споменатиот критериум во земјите со позитивни законодавства од секогаш се настојувало лицата кои не се доволно биолошки, социјално и психолошки зрели да имаат посебен третман како во преткривичната, кривичната постапка така и во одмерувањето на казната, третманот на ресоцијализација и постпеналниот прифат (Carić A., 1975).

Со продирањето на педагошките идеи и едукативните мерки кај оваа категорија на кривично правни субјекти во областа на кривичното право, дефинирањето и одредувањето на поимот малолетничка деликвенција станувало се посложено и потешко (Nations Unies, Etude comparée sur la dilenljuence juvenile, Deudzieme partie, Europe, New York, 1952).

Денес е мал бројот на земјите кои немаат посебни прописи за кривично правната положба на малолетниците. Во најголем број земји, тие прописи се составен дел на кривичниот законик. Во некои земји пак прописите со кои се регулира положбата на малолетните сторители се целосно одвоени од останатото кривично законодавство (Šuklić M., Stevanović I., 1999).

Поедини земји или законодавства се разликуваат меѓусебно и во поглед на инкриминираните активности. Но сепак може да се каже дека во најголем број земји инкриминираните активности се исти како за малолетните така и за полнолетните сторители на престапничко однесување.

## 3. Основни облици на престапничкото однесување

### 3.1. Асоцијално однесување

На посериозните облици на престапничко однесување (криминалитетот и прекршоците) им претходат различни облици на несакани пореметувања во однесувањето кои се јавуваат уште од најраната возраст. Со други зборови кажано најголемиот број на малолетни деликвенти за време на основното образование манифестирале различни форми на пореметувања во однесувањето кои не се директно поврзани со учењето и постигнатиот успех. Таквото однесување во научната и стручната јавност се нарекува предделиквентно. На деликвентното однесување најчесто му претходат однесувања кои настануваат како последица на недоволно знаење, немање свест, социјална и емоционална незрелост, заинтересираност, постоење предрасуди, стереотипи и слично.

Поголем број автори таквото однесување го нарекуваат ризично и токму од овој термин произлегува и класификацијата на децата и младите во Законот за малолетничка правда (ЗМП во продолжение).

Ризичните однесувања кај децата и адолесцентите не мора да претставуваат пат кон деликвентно однесување, но тие секако се предупредувачки знак дека постои склоност и голема веројатност дека ќе започнат или ќе се вовлечат во некои од различните облици на престапничко однесување (Југовиќ, А. 2004).

Според нас под асоцијално однесување се подразбира секоја реакција (психичка или телесна) која отстапува од стандардното и вообичаено однесување со кое се кршат пишани и непишани правила во училишната, семејната и пошироката социјална средина.

Овие однесувања не се правно инкриминирани, но предизвикуваат морална осуда од пошироката социјална средина бидејќи актерите не ги почитуваат или не се придржуваат на општествените морални норми. За разлика од прекршочното и криминалното однесување, асоцијалното има многу помала разорна моќ поради што доведува до помала и не толку организирана реакција (Педагошки речник 1, 1967).

Како Критериуми за пореметувањето во однесувањето според DSM-IV се сметаат: неодговорноста, лажливоста, раздразливоста, лесномисленоста и агресивноста. Токму врз основа на споменатите критериуми во САД антисоцијални пореметувања

на личноста имаат околу 1% од жените и околу 4% од мажите на возраст од 13–30 години (Kessler, R. et al. 1994).

Кога зборуваме за класификација на пореметувањата во однесувањето треба да напоменеме дека најшироко применета е Меѓународната класификација на болестите позната како ИЦД 10 или кај нас МКБ десетта верзија, како и класификацијата на Американското здружение на психијатри верзија 1994 год.

Во МКБ-10 верзија се вбројуваат следните видови пореметувања во однесувањето: претерано учествување и започнување на тепачки; застрашувања; суровост кон други луѓе или животни; жестока деструктивност кон имотот; подметување пожари; кражби; често лажење; изостанување од школо; бегање од дома; чести и тешки изливи на бес без јасен повод или, пак наивен повод; бунтовно, провокативно однесување; и непослушност. Ако зборуваме за асоцијално или ризично однесување дел од наведените критериуми (кражби, подметнување пожари) не може да ги категоризираме како критериуми за овој облик на престапничко однесување бидејќи со нив се кршат кривично правните норми.

Асоцијалното однесување децата и младите ги манифестираат во семејството, во училиштето и во пошироката социјална средина.

Непослушноста и непочитувањето на авторитети се првите знаци кои укажуваат дека детето има проблеми во прилагодувањето кон барањата на училишната, семејната и пошироката социјална средина. Кога зборуваме за непослушност овде мислиме на непослушност кон рационалните авторитети како што се наставниците и останатите претпоставени во училиштето, родителите и другите возрасни лица од кои детето најмногу очекува во развојниот период. Велиме дека е неопходно и нужно прифаќањето на рационалните авторитети, бидејќи во секоја нормална (идеална) ситуација интересите на ученикот и наставникот се движат во иста насока, односно наставникот е задоволен доколку ученикот напредува, но неуспехот на ученикот не е само негов туку и на учителот. Учителот како авторитет наредува и поставува барања, но истите немаат екплоататорска цел како во случајот на работодавец и работникот што е пример за ирационален авторитет (Фром Е, 1981).

За посериозни облици на **асоцијално однесување** се сметаат следните активности на децата и младите: бегање од училиште, одбивање да оди на училиште, бегање од дома, скитање во ноќните часови, консумирање алкохол, питачење, агресивно и насилничко однесување.

Одбивањето да се посетува училиште се разликува од бегањето од часови (изостаноци). Ова поведение кај децата и младите, како преоден и времен проблем во прилагодувањето, е еден од симптомите за реактивните пореметувања и невротични одговори. Овој вид асоцијално однесување најчесто е проследено со одбивање или неградење односи со други лица, повлекување во себе и осаменост. Таквите појави го водат малолетникот во социјална изолација при што останува дома, се затвора во свој свет и со свои внатрешни содржини без активности.

Бегањето од училиште кое може да трае неколку часови, денови, па и месеци станува се почеста појава кај децата и младите, а особено во периодот на транзиција кога имаме ненадејно променет систем на морални вредности. Бегствата од училиште можат да бидат систематски и истите се присутни кај оние малолетници кои манифестираат пореметување во однесувањето, а дел од нив и промени во личноста. (Tadić, N. 1989)

Покрај споменатите имаме и несистематски бегства кои се јавуваат поради различни причини, и тоа: страв од неуспех, избегнување на ситуации да се добие негативна оцена, да се задоволи потребата за некоја игра, посета на спортски натпревар, солидарност со другарот, со одредена група или цело одделение. Кај овие малолетници имаме искривен систем на морални вредности, намалено чувство на одговорност, креативност и активност (Kovačević 1997).

Бегањето од училиште и самоволното напуштање е сериозно неприфатливо однесување, не само затоа што основното, а од оваа година и средното образование, е задолжително според закон, туку и поради крајно неповолните последици што се одразуваат во иднината на овие лица. Овде пред сè мислиме на социјалниот, образовниот, работниот и општествениот статус што допрва треба да го стекне младата индивидуа. Доколку таквите деца и младинци не се третираат адекватно и благовремено голем број од нив подоцна ќе се регуртираат како деликвенти во вистинска смисла.

Бегањето од дома и скитањето, како облици на асоцијално однесување, се јавуваат спорадично – бегањето најчесто за време на пубертетот додека скитањето е специфично за периодот на адолесценција. Кон нив најподложни се емоционално нестабилните и социјално незрелите деца и младинци, кои во своето однесување се имплузивни, депресивни, сугестибилни и воспитно запуштени.

Децата најчесто бегаат или самоволно се оддалечуваат од дома поради напната-та и лошата атмосфера во семејството со цел да ги казнат родителите, односно кај нив

да предизвикаат чувство на вина. Еден дел од нив бегаат поради страв од казна или добивање обврски. Децата и помладите честопати бегаат и поради ослободување од напнатоста и неподносливите ситуации.

Бегањето од дома може да биде знак или повик за помош, или пак барање од неизбежната социјална средина да го измени ставот и односот кон него. Бегањето може да биде и моментална реакција на конфликт како последица на слабото его. Бегањето може да биде планирана и контролирана реакција како резултат на проблеми во прилагодувањето и социјалното функционирање. Децата и младите кои бегат од дома во најголем број случаи потекнуваат од семејства со прикриено или отворено непријателство меѓу родителите и останатите членови, душевни растројства и лоши семејно-материјални околности. Едноставно речено таквите деца семејството не го доживуваат како удобно, здраво и топло.

Според Kroff, пореметувањата во однесувањето во училишната средина можат да се подредад во две пошироки категории и тоа:

- Однесувања кои се усмерени кон надвор – екстернализирани
- Однесувања кои се усмерени кон внатре – интернализирани

Екстернализираните пореметувања во однесувањето се однесуваат на нарушеното поведение, држењето и убедувањата. Во училиштата таквите непристојни однесувања се препознаваат во вербалната и физичката агресија, бунтовноста, непослушноста, невнимателност кон околината, недостаток на самоконтрола и тоа како на телесните така и на психичките реакции (Kroff, H. M 1986).

Според Kroff во оваа група на однесувања се подредува и хиперактивноста која се препознава или карактеризира според проблемите во концентрацијата и задржувањето на вниманието, телесниот немир, неистрајноста во работата и имплусивното однесување. Според некои автори во оваа група на однесувања се вбројува и социјализираното агресивно однесување кое се карактеризира со добра социјализација во рамките на групата врсници која пак агресивно се однесува кон пошироката околина. (H. Quay. 1979).

Во психички напната одделенска атмосфера, наставниците и останатите ученици, споменатите обрасци на однесување, ги доживуваат како непријателски и/или проблематични. Истражувањата од оваа област укажуваат на тоа дека таквите однесувања во училишниот период се предиктори за подоцнежни тешкотии во социјалното прилагодување кои во адолесценцијата можат да се препознаат како

деликвентно однесување, а во возрасниот период како криминално однесување. (Каздин А. Е., 1985).

Резултатите од примената на скали за процена на однесувањето укажуваат дека учениците со помали тешкотии и проблеми во однесувањето се социјално поприфатени за разлика од другите деца (Петровиќ С., 1996).

Интернализираните пореметувања во однесувањето, кои за нас не се толку значајни, ги опфаќаат анксиозноста, повлеченоста, психосоматските пречки, стравот, потиштеноста и др. (H. Ljuaz., 1979).

**Агресивноста** е најсериозен облик на асоцијално однесување и истата според Фром може да биде бенигна и малигна. Бенигната се јавува како реакција на ограничување на слободата, загрозување на нашиот живот, спречување или оневозможување во задоволувањето на егзистенцијалните животни потреби и сл. Таквата агресија е филогенетски програмирана (се јавува и во животинскиот свет) и се манифестира како имплусивен напад врз оние кои ги загрозуваат нашите витални интереси. Другиот вид агресија, која во оваа прилика е предмет на нашиот интерес, е малигната, која е деструктивна и истата може да биде вродена и научена. (Fromm, E., 1976)

Според Жужул агресивноста претставува „чин на однесување или реакција со која намерно на некој или на нешто се нанесува штета или повреда (од физичка или психичка природа) при што таа намера не мора да биде до крај спроведена (реализирана)“.

Жужул М. (1986) разликува експресивна (импулсивна) и инструментална агресивност. Имплусивната-експресивна, или како што уште се нарекува бенигна, настанува поради емоционални фактори и претставува одговор на некоја провокација, фрустрација, навреда или слично во околината на субјектот. За разлика од експресивната, инструменталната (малигна) агресија настанува првенствено поради когнитивни (сознајни) фактори и служи како средство за остварување на некоја цел (Жужул, М. 1986).

Според В. Букилиќ (1991) институционално згрижените малолетни престапници, кои биле изложени на заводски третман, претходно ги манифестирале следните асоцијални однесувања: нередовно посетувале училиште, физички и психички ги злоставувале своите врсници, манифестирале непристоен однос кон постарите (а особено кон спротивниот пол), неадекватен однос кон имотта, тепачки, пушење, коцкање, консумирање алкохол и сл.

Имајќи ги предвид досега изнесените научни ставови на спомenатите и други автори за различните облици на асоцијално однесување можеме да заклучиме дека нужно е и неопходно оваа категорија на деца и млади да се подредат во правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој.

## 3.2. Прекршочно однесување

Прекршочното однесување е облик на престапништво со кое се кршат одредени правни прописи кои се инкриминирани од страна на надлежните институции. Со други зборови кажано прекршоците се противправни дејствија чии обележја се определени со закон. Поведението, предвиденоста во законот, противправноста, вината и казнивоста се елементи на прекршокот. Според формалната структура прекршокот не се разликува од кривичното дело.

Малолетните лица во прекршочното однесување во повеќето земји учествуваат со околу 10–15%. Процентот на застапеност на оваа категорија на сторители во Србија изнесува 12% од вкупниот број прекршоци. Во феноменологијата на овој вид престапничко однесување доминираат прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот, како и прекршоците против јавниот ред и мир, особено тепачките, непристојното и насилничкото однесување (Bošković M., 1995).

Во Германија од вкупно 2.182.600 прекршоци во 2006 година 520.360 или 24% биле сторени од лица на возраст од 14 до 21 година. Од 1990 до 2006 година бројот на сторени прекршоци е зголемен за 30%. Од вкупниот број прекршоци 76% се сторени од малолетници од машки пол. Од вкупниот број пак на сторени прекршоци, 95% се од машкиот пол (Federal Statistical office-(STAT magazine) Juvenile delinquency in Germany 24.01.2008).

Во Канада од вкупниот број на сторени прекршоци 16,4% биле усмерени кон други лица додека 6,2% од прекршоците биле поврзани со наркотични средства (http://www.statcan.gc.ca/pub/85-561-m/2007009/findings-rezultats/40533993-eng.htm).

На помлад малолетник за прекршок може да му се изрече дисциплинска мерка укор или мерки на засилен надзор, од страна на родителите (старателот) или мерка на засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа.

На постар малолетник за прекршок, покрај веќе споменатите мерки наменети за помлад малолетник, може да му се изрече: глоба и протерување на странец од земјата (Чл. 59 ЗМП, Сл. Весник на РМ бр. 87/07).

Доколку малолетното лице не ја плати глобата во одреден рок судот може да ја замени со општо корисна работа. (Чл. 60, ЗМП, Сл. Весник на РМ бр. 87/07)

На малолетните сторители на прекшоци судот може да им изрече и прекршочна санкција задолжително лекување на алкохоличари и наркомани под услови предвидени во Законот за прекршоци. (Чл. 61, ЗМП, Сл. Весник на РМ бр. 87/07)

### 3.3. Криминалитет

Криминалитет е најтежок облик на престапничко однесување со кој се кршат кривично правните норми. За да се сфати подобро што е криминалитет потребно е најпрвин да објасниме што е кривично дело.

Постојат два начина со кои се одредува кривичното дело: формално и материјално. Под формално дефинирање за кривичното дело се сметаат сите оние дејствија и активности (сторување и несторување) кои се забранети и противправни и кои повлекуваат изрекување на кривична санкција. Според материјалното одредување за кривични се сметаат оние дела со кои се загрозуваат основните вредности и добра на општествената заедница. Таквото својство на кривичното дело се нарекува општествена опасност. За кривично дело станува збор кога постои и формален и материјален елемент. Од предмалку кажаното произлегува дека криминалитет е општествено опасно однесување кое е противправно и со закон забрането и казниво. (Ivan Janković, Vesna Pešić, 1988).

Случувањата во последните две децении како што се општествената транзиција, трансформацијата на капиталот, политичката и економската нестабилност, воените дејствија во 2001 година, нестабилноста и вооружените конфликти во соседството, различните меѓународни и регионални притисоци и други фактори, без сомнение имале посредно или непосредно влијание врз обемот и динамиката на малолетничкиот криминалитет.

Во Србија во периодот од 1996–2005 година учеството на малолетниците во вкупната маса на криминалитетот изнесува 6%. Доминацијата на кривичните дела од имотна природа е едно од главните обележја кај малолетничкиот криминалитет. Застрашувачки е податокот што во последните години се зголемува бројот на кривични

дела против животот и телото. Евидентен и загрижувачки е податокот за зголемениот број кривични дела извршени со елементи на насилство (Илиќ, З., 2006).

Според годишните судски извештаи во Македонија кај малолетничкиот криминал исто така доминираат кривичните дела против имотот (80-85%) потоа следуваат кривичните дела против животот и телото, безбедноста на јавниот сообраќај, кривичните дела против јавниот ред, кривичните дела против половата слобода и половиот морал, кривичните дела против правниот сообраќај, против здравјето на луѓето итн. Во вкупниот криминалитет малолетните лица учествуваат со 10–15%.

Кога станува збор за динамиката на криминалитетот во периодот од 1998 до 2007 г., кај возрасните имаме пораст и тој изнесува за 57%, што не е случај кај малолетните лица каде имаме намалување за 27% за истиот период.

Кривичните дела со елементи на насилство спаѓаат меѓу феномените со исклучително деструктивно влијание на социјалната средина. Како специфична појава на цивилизираното и урбано општество, насилството бара мултидисциплинарен пристап во проучувањето (Сингер, М., 1979, „Неки модалитети криминалног насиља“, *Дефектологија* вол. 15/1, стр. 9).

При проучувањето на кривичните дела со елементи на насилство потребно е да се анализира личноста која го врши делото, жртвата која со своето однесување допринело за актот на насилство, како и социјалната ситуација во која делото е сторено. (Ковачевиќ, В. 1979, *Дефектологија* вол. 15/1, стр. 47).

Според повеќето автори кај малолетничкиот криминалитет доминираат две групи кривични дела, а тоа се: кривичните дела против имотот и сообраќајните деликти. Женските малолетни лица вршат значително помалку кривични дела, главно ситни кражби.

Менливоста, епизодноста и краткотрајноста на вршењето казниви дела во периодот на адолесценција се значајни обележја на малолетните престапници (Г. Кајзер, 1996).

Преваленцијата односно обемот и динамиката на криминалитетот зависи од состојбата во општеството, односно неговата економска и политичка стабилност (Мертон 1969), културниот и технолошкиот развој, системот на вредности, и односот кон криминалот. Преваленцијата на криминалитетот не зависи само од реалниот број на сторени кривични дела, туку и од позитивното кривично законодавство на земјата, организацијата на кривично правниот апарат, пеналната и судска политика како и од политичката и економската состојба во земјата (Sutherland, E. H., Cressey, D. R., 1960).

### 3.3.1. Повтор кај малолетните сторители

Во повеќето класификации на деликвентите ја среќаваме и поделбата на примарни сторители – оние кои еднаш извршиле кривично дело и рецидивисти или повторници – лица кои најмалку двапати ги повториле истите, слични или различни деликти. Повторот е специфичен проблем за казненото право и криминалната политика, бидејќи ја тестира или ја става на проба ефикасноста на казната во остварувањето на заштитната функција. Повторот преставува релевантна отежнувачка околност при одмерувањето на казната. Повторното вршење на кривични дела е показател дека врз појавата на криминалот влијание имаат одредени индивидуални и општествени фактори врз кои казнената репресија нема никакво дејство или дека претходно изречената казна имала или можела да има криминогени ефекти. Овој термин се употребува и одредува од повеќе аспекти и тоа: криминолошки-полициски, пенолошки и кривично правен.

Според Камбовски (2005) за полициски повтор станува збор кога сторителот имал повеќе криминални дејствија независно од тоа дали за некое од нив претходно бил осудуван.

Во кривично правна смисла под повтор се подразбира околност или состојба кога сторителот на кривичното дело порано бил осудуван (Kandić Z. 1986).

Од криминолошки аспект за повтор зборуваме кога постои повторување на кривични дела од страна на конкретен сторител. За постоење на повтор во криминолошка смисла не е значаен временскиот период меѓу претходно сторените и новите дела, ниту поранешна осуда или издржана казна за претходното дело (Сулејманов З, 2005).

Според Кралев (2004) за пенолошки повтор станува збор кога едно лице по претходно издржана казна за некое кривично дело повторно ќе дојде во пенитерсиерна установа заради издржување на казна за ново кривично дело.

Од последната дефиниција произлегува дека преземените мерки за претходното издржената казната се покажале како неефикасни кон осуденото лице поради што треба да се засили и прилагоди третманот на ресоцијализација на неговите особини и специфичности.

Повторното вршење на кривични дела е показател за успешноста или неуспешноста на третманот на ресоцијализација на деликвентите, како и на ефикасноста на постпеналниот прифат и нивната социјална интеграција во општествената заедница (Јашовиќ Ж. 1991, стр. 135).

Малолетните повторници се сторители на потешки кривични дела и кај нив голема е веројатноста подоцна да развијат криминална кариера. Повторот е почест кај малолетниците од машкиот пол, така да соодносот се движи од 1:10 во земјите со понизок стандард (тука се вбројува и нашата земја) до 1:3 во економски и културно развиените земји (Henggeler, W. S., *Deliwjuency in Adolescence*, Sage Publications, Newbury Park 1989).

Криминолошката теорија и емпириските истражувања укажуваат дека раното започнување со вршење на кривични дела по правило водат кон рецидивизам како најопасно противправно однесување (Велкова Т, 1999).

Според истиот автор од 70–74% од извршените кривични дела од страна на малолетници се сторени од повторници (Ibidem, стр.104).

Непосетувањето на училиште и ниското образовно ниво се еден од криминогените фактори на рецидивизмот. Во своето истражување Т. Велкова наведува дека од вкупно 25 повеќекратни повторници само еден имал завршено основно образование, додека останатите 24 го прекинале школувањето уште во текот на основното образование (Ибидем, стр. 114).

Научните сознанија укажуваат на тоа дека поголемиот дел од децата и младите со престапничко однесување се регрутираат од групата на деца кои имаат дисхармоничен развој. Поголем број од оваа категорија деца и млади покажуваат слаб интерес за училиште. Значајно е да се напомене дека кај оваа популација постои разлика меѓу манипулативните и вербалните способности (Čordić A., Bojanin S., 1992).

За разика од возрасните криминалци, кои делата ги вршат пресметливо претежно од користољубивост, младите деликвенти во вршењето на деликтите понекогаш повеќе гледаат како чин на храброст и авантура отколку поради материјална корист. Токму поради тоа мотивот за вршење на криминални активности кај возрасните подобро го разбираме отколку кај адолесцентите (Бојанин С., Радуловиќ К, 1988).

Криминалното однесување има повеќекратно штетно влијание: доведува до економска штета по различните видови на сопственост; негативно се одразува во формирањето на личноста на самите актери на таквото однесување; ја смалува продуктивната општествено корисна работа; негативно влијае врз останатите членови на општеството; ја смалува ангажираноста на актерите во општествениот, културниот и спортскиот живот во заедницата; негативно се одразува на стабилизацијата на негативните ставови кон општествените вредности итн. (Kovačević V., 1976).

Од спомнатото произлегува дека малолетничката деликвенција претставува сериозен општествен проблем на кој треба да работат не само органите, установите и институциите кои ја третираат оваа проблематика туку и општеството во целина.

Реакција на деликвентното однесување на младите од страна на општеството постоела отсекогаш и истата се движела од ригорозно општествено и правно реагирање кон толеранција и похумана реакција.

Престапничкото однесување кај младите има низа на обележја и карактеристики заеднички со криминалитетот на полнолетните лица кои се содржани во нејзината природа. Тука пред сè станува збор за активностите кои се инкриминирани според кривично правните норми пропишани од општествената заедница (Милутинови М. 1971).

## 4. Лица со интелектуален дефицит и нивната пресметливост

За поедноставно разбирање на способноста за вина кај оваа категорија сторители на кривични дела неопходно е да се запознаеме со менталната ретардација како состојба, нејзиното дефинирање, класификација и преваленција. Исто така потребно е да се разграничи поимот гранична интелегенција од менталната ретардација бидејќи лицата од двете категории се разликуват меѓусебно по способноста за расудување, мислење, планирање, заклучување, разбирање на комплексните идеи, во начинот на решавање на проблемот и слично.

### 4.1. Ментална ретардација

Менталната ретардација или во поново време интелектуалната попреченост е предмет на интерес на стручни лица од различен профил. Интелектуалната попреченост како состојба се означува со различни термини бидејќи се набљудува од аспект на различни научни подрачја. Најчесто користени термини за означување на оваа состојба кај луѓето се: идиотијата – како еден од најстарите термини, аменција, ментална дефектност, ментално недоволна развиеност, слабоумност, субнормалност, интелектуална ограниченост, пречки во психичкиот развој, интелектуална неспособност, заостанат психички развој, ментална заостанатост и др. Во зависност од тоа кој термин се користи, така се нарекуваат и лицата кај кои е присутна оваа состојба. Како на пример: лица со интелектуален дефицит; интелектуално попречени лица; ментално заостанати лица; лица со пречки во психичкиот развој итн.

## 4.2. Дефинирање на менталната ретардација

Поголемиот број експерти кои се занимаваат со ментална ретардација, при дефинирањето на истата во прв план истакнуваат една од компонентите која е најблиска до природата на теориската концепција која ја застапуваат.

Медицинарите посебно го истакнуваат значењето на повредата на ЦНС. Психолошките ставови се засноваат на значително намалената интелегенција. Социолошките дефиниции на менталната ретардација ја истакнуваат социјалната компетенција на менталната ретардација. Педагозите ги истакнуваат намалените способности за воспитно-образовната работа со оваа популација.

Зборувајќи за олигофрениите од невропсихолошко гледиште, Бојанин (1985) нагласува дека олигофренијата е дефинитивна состојба на заостанат ментален развој во една од фазите од тој развој.

Менталната ретардација се дефинира како намалена способност за која се својствени значајни ограничувања во интелектуалното функционирање и во адаптивното однесување, изразена во поимите, социјалните и практичните адаптивни вештини (Luckasson и сор. 2002).

Интелектуалното функционирање – се однесува на интелигенцијата, која претставува општа ментална способност која ги вклучува расудувањето, мислењето, заклучувањето, планирањето, решавањето на проблемот, апстрактното мислење, разбирањето на комплексните идеи, брзото учење и учењето низ искуствата. Денес сè уште ограничувањата во интелектуалното функционирање најдобро се прикажуваат со помош на IQ (коефициентот на интелигенција, кој отстапува приближно две стандардни девијации од аритметичката средина – помал од 70–75).

Адаптивното однесување е збир на појмовни, социјални и практични вештини кои личноста ги има научено со цел да функционира во секојдневниот живот. Ограничувањата во адаптивното однесување влијаат на типичните, вообичаените, но не и на најдобрите однесувања во секојдневниот живот и способноста за снаоѓање во животните промени и барања на околината. Значителното ограничување е мерка на адаптивно однесување, која отстапува за две стандардни девијации од аритметичката средина на мерниот инструмент на само една компонента (појмовна) или на сите три. Подрачја на адаптивното однесување се: комуникацијата, грижата за себе, живеењето, снаоѓањето во околината, самонасочување, здравјето, сигурноста, слободното време, работата.

Според ИЦД-10 класификација на ментални нарушувања и нарушувања во однесувањето (СЗО - Женева, 1992): Менталната ретардација е состојба на запрен или нецелосен психички развој, кој се карактеризира со нарушување на когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности т.е. сите кои придонесуваат за општото ниво на IQ.

Според Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развој (Службен Весник на РМ, бр. 30/2000) под ментален хендикеп се подразбира: состојба на забавен или нецелосен психички развој кој особено се карактеризира со нарушување на оние способности кои се јавуваат во текот на развојниот период и кои придонесуваат за општото ниво на интелигенција, како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.

## 4.3. Класификација на менталната ретардација

Постојат повеќе класификации на менталната ретардација, но ние овде ќе ги споменеме само оние кои сметаме дека се најсоодветни. Во зависност од кој аспект се разгледува (медицински, психолошки, педагошки, социолошки или дефектолошки), може да констатираме дека секоја од нив има посебен систем на класификација или поделби на менталната ретардација на определени поткатегории.

Медицинските класификации почиваат главно на причинителите на појавата. Во 1992 година, Американската асоцијација за ментална ретардација (ААМД), според етиолошко-медицинската класификација, ја дели менталната ретардација на 9 групи но тие за нас не се предмет на интерес.

Постојат голем број психолошки класификации на менталната ретардација, кои како основен критериум за класификација го земаат степенот на заостанување.

Според класификацијата која ја предлага Светската здравствена организација (ИЦД-10, 1992), менталната ретардација се дели на четири подгрупи, и тоа:

- лесна ментална ретардација - IQ 50-69
- умерена ментална ретардација - IQ 35-49
- тешка ментална ретардација - IQ 21-34
- длабока ментална ретардација - IQ под 20.

Покрај овие основни категории Светската здравствена организација дава и две дополнителни групи и тоа:

- друга ментална ретардација и
- неспецифична ментална ретардација.

Во правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развој во Република Македонија (Службен Весник на РМ, бр 30/2000), стои дека лицата со пречки во психичкиот развој во зависност од степенот на попреченост се делат во четири групи и тоа:

- лица со лесен ментален хендикеп
- лица со умерен ментален хендикеп
- лица со тежок ментален хендикеп и
- лица со длабок ментален хендикеп.

Покрај медицински и психолошки постојат и педагошки (дефектолошки) и социолошки класификации. Додека педагошката (дефектолошката) класификација ги дефинира ментално ретардираните врз основа на способноста за едукација и рехабилитација, социолошката класификација го зема предвид степенот на социјализација кај поедините форми на ментална ретардација.

## 4.4. Преваленција на менталната ретардација

Застапеноста на менталната ретардација, според поголемиот број на студии работени ширум светот, се движи од 1% до 3% од општата популација. Според Светската здравствена организација, менталната ретардација е застапена со 2%.

Групата на лесно ментално ретардираните опфаќа 75% до 85% (Szymaski S. L., & Tanguay, P. E., 1980), а групата на умерено и тешко ментално ретардираните околу 13% (Cytryn L., & Lourie S.R., 1972) од сите ментално ретардирани лица. Snell i Renzaglija (1982) во своите истражувања наведуваат дека четири од илјада деца на училишна возраст имаат IQ помал од 40 (Znaor M., 1995).

Бројни студии покажуваат дека менталната ретардација се среќава почесто кај лицата од машкиот пол. Истражувањето кое го спровеле McLaren i Bryson (1987), покажува дека застапеноста на менталната ретардација е позачестена кај момчињата и тој однос е 2:1 кај лесната ментална ретардација, а 1,5:1 кај тешката ментална ретардација.

Една од класификациите на интелегенцијата и застапеноста на лицата кои припаѓаат на одредени категории ја дава Veksler.

| **Класификација** | **Граница на IQ** | **преваленција** |
|---|---|---|
| Дефектни | 65 < | 2,2 |
| Гранични | 66-79 | 6,7 |
| Тапи | 80-90 | 16,1 |
| Просечни | 91-110 | 50 |
| Бистри нормални | 111-119 | 16,1 |
| Супериорни | 120-127 | 6,7 |
| Мошне супериорни | 128 | 2,2 |

Во поново време сè повеќе се истакнува значењето на социјалната успешност т.е. способноста за прилагодување како критериум за вреднување на интелегенцијата (Bukelić J., 2000).

## 4.5. Гранична интелигенција

Под овој термин се подразбира ниво на интелектуална развиеност кое се наоѓа на граница која ги одвојува просечната (нормалната) интелигенција и менталната ретардација. Лицата со гранична интелигенција на стандардизираните тестови постигнуваат IQ од 70 до 80. Оваа категорија на лица можат да посетуваат редовни училишта, имаат развиена деловна способност, имаат капацитет за самостоен живот, но најчесто не завршуваат високо образование и не се способни за висококреативни и сложени работни задачи (Trebješanin Ž., 2000).

## 4.6. Пресметливост (способност за вина) кај лицата со интелектуален дефицит

Лицата со интелектуален дефицит немаат капацитет правилно да расудуваат и да ги оценуваат општествените појави и процеси т.е. не се во состојба да проценат што е дозволено и нормално а што е забрането и патолошко (Сулејманов З, 2007).

Според Алексоски С., (1997) погодната психолошка основа за вршење на кривични дела и други деликти кај малолетниците произлегува од неразвиената способност за прилагодување кон средината, од недоволно развиената свест за последиците на сопственото однесување, од сугестибилноста како и од немањето на самоконтрола и инхибиции во однесувањето.

Леференс (1986) лицата со интелектуален дефицит кои манифестирале престапничко однесување ги дели во четири групи: првата група на деликвенти со

интелектуален дефицит се карактеризираат со брзи и кратки реакции што тешко се запираат. Втората група ја сочинуваат деликвентите кои вршат деликти со елементи на насилство. Во третата група ги вбројува оние престапници кои се карактеризираат со голема раздразливост и експлозивност поради што делата ги вршат во афект. Последната група ја сочинуваат хипертички умно заостанати лица кои не вршат кривични дела.

Во стручната и научната литературата често се користи терминот **малолетни престапници со заостанат психички развој.** Кандиќ под овој поим подразбира интелектуална неразвиеност и неможност за сфаќање на значењето на делото и управување со своите постапки.

Пресметливоста како поим доаѓа од правната терминологија и ја опфаќа способноста на обвинетиот за вина, односно способноста да се биде одговорен за стореното кривично дело. До таквата констатација се доаѓа исклучително по медицински пат, преку стручни психијатриски експертизи, кои судот може, а и не мора да ги прифати. Значајно е да се напомене дека Кривичниот законик не ја третира директно пресметливоста, туку непресметливоста на обвинетиот, тргнувајќи од претпоставката дека секое полнолетно лице е пресметливо односно способно да ги сфати своите постапки на чинење или нечинење, се додека не се докаже спротивното (Чадловски Г., 1993).

Непресметливоста е институт кој ја исклучува кривичната одговорност кај сторителите на кривични дела. Способноста за вина законот најпрвин ја врзува за возраста на сторителот во време на извршување на кривичното дело. Според нашите закони (Чл. 12. КЗМ) сторителите на казнени дела кои имаат под 14 години се сметаат дека се неспособни за вина. Таквата претпоставка важи и за младите малолетни лица, но кај нив не се исклучува можноста да се испитат состојбите што ја исклучуваат пресметливоста и преземањето мерки на безбедност.

Според член 12 од КЗМ **не е пресметлив** сторителот кој за време на извршувањето на кривичното дело не бил во состојба да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или повремена ментална болест, привремена душевна растроеност или заостанување во психичкиот развој. Наброените состојби преставуваат биолошкки основи на непресметливоста чие психолошко дејство се изразува како целосно исклучување на способноста на сторителот да расудува или управува со своите постапки за време на извршување на казненото дело.

Непресметливоста ги опфаќа интелектуалната и волунтаристичката неспособност. Под **интелектуална** неспособност се подразбира неспособност кај сторителот за расудување поради исклучување на свеста сфатена како целосно и непречено доживување на самиот себе си и сознание за сите други околности и односи што го опкружуваат самиот актер на однесувањето. Под **волунтаристичката неспособност** се подразбира немањето капацитет кај сторителот за управување со сопствените постапки. Со други зборови кажано сторителот може да го сфати значењето на делото дури и во ситуации кога не се исклучени болести или растројства, но не може да ги контролира своите постапки (Камбовски, 2005).

Меѓутоа мора да се има предвид дека законот зборува за конкретно кривично дело и конкретна вина и не дозволува генерализирање за општа пресметливост на сите душевно болни и ментално недоволно развиени личности. Со други зборови кажано интелектуално недоволно развиена личност, за едно кривично дело, во одредено време, може да е непресметлива, бидеји IQ му оневозможува правилно да расудува или пак да управува со своите постапки, но во друго време и за друго дело истата индивидуа може да е пресметлива и тоа посебно ако делото е мотивирано од конкретни побуди кои немаат психичка природа. Токму поради споменатото велиме дека менталното растројство и недоволната интелектуална развиеност не значи секогаш и ослободување од одговорност (Чадловски Г, 1993).

Во ситуации кога биолошките основи на непресметливоста се присутни за време на извршување на делото но немаат одраз или влијание врз интелектуалната и волунтаристичка способност, пресметливоста не е исклучена (на пр.: клептоманот може да е непресметлив ако стори некое дело од имотна природа, но не и за силување). (Камбовски, 2005)

### 4.6.1. Битно намалена пресметливост

Битно намалена пресметливост е институт кој е поврзан со дејството на биолошките основи на непресметливоста кое не ја исклучува во целост казнената одговорност (способноста за вина) туку само битно ја редуцира. Сторителот со битно намалена пресметливост е способен за вина, бидејќи биолошките основи на непресметливоста имаат послаб интензитет, но не ја исклучуваат интелектуалната и волунтаристичка способност. Поради споменатото може да констатирме дека имаме понизок степен на вина, а тоа претставува факултативен основ за ублажување на казната (Камбовски, 2005).

Според Kandić (1986) под битно смалена пресметливост се подразбира таква состојба кај сторителите каде способноста за сфаќање на значењето на делото и управување со постапките е значително намалена.

Од горе наведеното произлегува дека значително смалената пресметливост значи дека сторителот за време на извршувањето на делото бил пресметлив но не во таа мера или до тој степен како целосно пресметливиот сторител на кривично дело.

### 4.6.2. Намалена пресметливост

Намалена пресметливост имаме во оние случаи кога способноста на сторителот да го сфати значењето на делото или способноста да управува со своите постапки била намалена поради некоја од биолошките основи, но не во толкава мера за да не може да се смета за битно намалување поради што сторителот е пресметлив и може да биде прогласен за виновен, со тоа што судот небитно намалената вина ја зема како олеснувачка околност при одмерување на казната (Камбовски, 2005).

## 5. Детерминирање на поимот малолетник и кривична одговорност кај малолетните лица

### Карактеристики за периодот на адолесценција

Созревањето на личноста кај малолетникот е индивидуален процес кој се одвива во одреден временски период, а зависи од културата, традицијата од општествените, економските, социјалните, географските, климатските, биолошките и други фактори во кои индивидуата растела и се развивала. Од предмалку кажаното произлегува дека две индивидуи на иста возраст, кои живеат во различни средини, од психолошки аспект невозможно е да постигнат ист начин и степен на биопсихосоцијален развој (Millutinović M., 1985).

Според Конвенцијата за правата на детето, малолетните лица се дел од целокупната популација кои немаат наполнето 18 години живот поради што истите се сметаат за нецелосно биопсихички и социјално зрели. Најголемиот број на стручни лица кои директно или индиректно се занимаваат со оваа проблематика се сложуваат или се единствени во однос на тоа дека малолетните лица не се доволно ментално зрели и дека немаат таква способност за размислување, расудување каква што ја имаат возрасните лица. Според Фром во овој период секоја индивидуа настојува да ја реализира потребата од наоѓање на свое место и улога во светот кој го опкружува, да

биде дел од општеството, од светот, полноправен, афирмиран и прифатен (Рот Н., 1981).

Во овој развоен период половите хормони имаат големо влијание врз емоционалниот живот поради што имаме значајно и брзо менување на расположението. За време на адолесценцијата кај младата личност се јавува силна желба да го испитува светот околу себе и под лупа да ги набљудува возрасните. Потребата за одвојување и осамостојување од родителите честопати ги вовлекува младите во ризични ситуации. (Енциклопедија Човек, 2007)

Свесно дефининираната потреба кај младите да се биде чесен, храбар, вреден, учен и слично раѓа чисто доживување, искуство, мотив и сознание за одговорноста при реализирањето на сопствениот животен проект. Одговорноста кај адолесцентот за она што го кажува, прави, планира и очекува е основен психички квалитет и предуслов за секој морален чин (Bojanin, S. 1994).

Од аспект на календарска возраст терминот малолетник се совпаѓа со адолесценција, поим кој според Jean-Jacques Rousseau може да се означи како специфичен, драматичен и еден од најзначајните периоди во созревањето на човекот како био-психо-социјално суштество. Едноставно кажано адолесцентите не се повеќе деца, но сè уште не се ни возрасни. Децата и младите за да станат возрасни, самостални и зрели личности неминовно е да поминат низ цела низа преобразби, и тоа како на телесен, така и на интрапсихички и социјален план. Дел од тие трансформации најголемиот број на малолетници ги поминуваат без тешкотии, компликации и проблеми, но никогаш не остануваат незабележани. Секој човек во периодот на адолесценција минува низ периоди на криза, двоумење, талкање, осаменост, дезорганизација, тагување, напнатост, сменување на прогресивни и регресивни тенденции и слично. Поради споменатото велиме дека секое отсуство на било какви двоумења или промени во психо-социјалното функционирање, емотивните состојби и однесувањето означуваат проблематична адолесценција или рана младост, во која од некои прични се блокирани или оневозможени нормалните развојни процеси, кои водат кон преобразување и созревање. Од друга страна пак, не е мал бројот на оние малолетници кои имаат многу тешкотии и проблеми во текот на овој развоен период, што укажува на тоа дека нивната адолесценција е во некоја мера патолошка, односно процес кој повеќе го дезорганизира, отколку реорганизира нивниот психички апарат (Čurić V., Bradić Z., 1997).

Психичката криза која се јавува во овој период е развојна и нормална и по правило спонтано се надминува без стручна интервенција од страна на психолог или детски психијатар. Кризата кај младите се јавува поради еден или повеќе конфликти карактеристични за периодот на адолесценција. Тука пред сѐ мислиме на судирот меѓу желбата за самосталност и зависноста од авторитети (родители, старатели, наставници), конфликт меѓу потребата за личниот идентитет и припадност на групата (групен идентитет), меѓу потребата за љубов и интимност со личноста од спротивниот пол и стравот од блискоста, меѓу интелектот и нагонот, грубоста и нежноста, егоизмот и алтруизмот итн. (Trebješanin Ž., 2000).

Од социолошка гледна точка малолетниците или адолесцентите се наоѓаат во преоден период од детство во зрелост во кој имаме телесно, емоционално, интелектуално и социјално созревање на личноста. Зрелоста, преземањето на улога на возрасни, кое зависи од многу фактори, и фактот дека развојот и созревањето на различни функции се јавуваат на различна календарска возраст, укажуваат на тоа дека границите на адолесценцијата (од 12–20 години) не можат да бидат фиксни туку ориентациони. Основна карактеристика на овој период е барање на сопствениот идентитет кој го следи нагласен стремеж за независност од возрасните и конформирање со врсниците. (*Sociološki leksikon*, Sovremena administracija, Beograd, 1982, str. 1)

Адолесценцијата е развоен период со нејасни и променливи долна и горна граница на календарска возраст поради што во психологијата како и во другите науки не се децидно одредени. Еден број автори за долна граница го земаат почетокот на пубертетот (кој е генерациски променлив и различен во одредени култури), друга пак група автори го земаат крајот на пубертетот (кој е променлив и индивидуален што значи различен). Но најголем дел сметаат дека долната граница на адолесценцијата е 15 година од животот. Горната граница обично трае до целосна зрелост но и овде имаме разлики во зависност од правниот систем кој ги одредува границите на полнолетството. Најголем број земји оваа граница ја одредува меѓу 18–21 година. Заедничка карактеристика за периодот на адолесценција е завршувањето и усовршувањето на сите процеси кои започнале во пубертетот (Крстиќ Д., 1988).

Адолесценцијата е единствен период во животот на секоја индивидуа кој е исклучително комплексен, динамичен и испреплетен со длабоки промени. Секоја индивидуа во периодот на малолетството создава одреден личен поглед на светот, постигнува полова, телесна, интелектуална, емотивна, морална и социјална зрелост но и развива способности за извршување професионална дејност. Малолетните лица

имаат свој стил и начин на живот кој се разликува од детството и зрелоста, па затоа велиме дека тие не се ни деца ни возрасни луѓе, туку нешто „трето". Адолесценцијата е исклучително осетлив период во развојот бидејќи во оваа временска рамка се создава преминот од целосна зависност на децата од родителите во релативна самостојност (Kovačević D., 1997).

Според Kondić K. (1997) зрелоста на младите тесно е врзана со успешноста на родителите изразено преку нивното согласување, адекватно комуницирање и успешното реализирање на преземените улоги.

Во развојниот период децата и младите настојуваат да се изборат или да наметнат одредени правила по кои тие ќе се раководат, поради што може да се констатира дека автономијата или самостојноста има потекло во детството, а свој целосен облик добива по излегувањето од адолесценцијата (Vincent M., 1997).

Во овој развоен период поединецот стекнува чувство на личен идентитет и воедно е подготвен за преземање на некоја рационална општествена улога. Малолетникот станува свесен за сопствените индивидуални особини, за антиципирање на цели во иднината. Младата личност во развојниот период се стреми да открие каква е во сегашноста, и што сака да биде и постигне во иднина (Такашманова-Соколовска Т., 1998).

Воспитно запуштените деца и малолетните престапници се разликуваат од своите врсници по следните особини: асоцијалност, непочитување на авторитети, непослушност, непријателско расположение кон другите, садизам, импулсивност (имаат слаба самоконтрола), помалку се кооперативни, немаат доволно чувство за вина, каење и страв, неправилен однос кон имотта, ниско културно-образовно ниво и сл. (Đorđević D., 1988).

При процена на интелегенцијата (IQ по WISC или W.B. скала) констатирано е дека адолесцентните деликвенти имаат подобро развиени манипулативни отколку вербални способности. Доколку таа разлика изнесува повеќе од 20 поени, тоа укажува дека таквите лица имале гностички проблеми кои не се разрешени за време на школската возраст. Адолесцентите со невротични црти главно вршат имплусивни деликвентни однесувања со чувство на вина и анксиозност. Овие адолесценти обично искажуваат длабока, несвесна потреба за казна поради само ним познат или претпоставуван грев. За разлика од нив адолесцентите со психопатски црти, кои имаат слабо развиена самоконтрола во интерперсоналните односи, компулзивно ги вршат деликтите без чувство на вина (Ajuriaguerra J., 1977).

Децата и младите со пореметувања во однесувањето, не само што се поимпулсивни од нормалните деца, туку и помалку ги манифестираат своите емоции, а како резултат на тоа не се во состојба да ги препознаат и контролираат своите емоционални состојби.

Под влијание на средината во која живеат (која најчесто е нестимулативна со напната и лоша атмосфера) оваа категорија деца и млади повеќе ги негираат своите негативни чувства отколку децата без проблеми во однесувањето. Децата и младите со растројства во однесувањето своите емоции ги искажуваат првенствено преку негативни активности и дела, поради што честопати се случува да не бидат свесни за своите специфични емоционални реакции (Pejović- Milovančević M., 2001).

Според теориите за социјално учење, секое однесување, па и нарушеното, е научено. Пореметувањата во однесувањето имаат когнитивни и афективни компоненти (Cook E.T., Greenberg M.T., and Kushe, C.A., 1994).

Поголемиот број деца и млади со деликвентно однесување потекнуваат од дисфункционални семејства во кои има различни видови нарушувања. Тоа се семејства во кои најмногу недостасува емпатија, способност да се разберат потребите и барањата на другите од околината. Децата и младите кои се институционално згрижени, лишени се од здрава и топла семејна средина, поради што повеќе или помалку им е скратен развојот на емпатијата и позитивните меѓучовечки односи. Не треба да се занемари и фактот дека младите со пореметувања во однесувањето имаат психолошки стресови. Таквите стресови водат потекло од чувството на вина кое настанало како последица на сеќавањето на страдањата на жртвата (Gibs J., C., 1991).

Според Willam и Joan McCord најчесто споменувана карактеристика на малолетните деликвенти е антисоцијалноста. Најголем дел од овие лица се високо имплусивни, агресивни, со слабо или никакво чувство на вина и главно неспособни да оформат трајни афективни врски со останатите (Willam and Joan Mc Cord, 1964).

При одредувањето на малолетството, повеќето правни системи ја земаат календарската возраст како формален критериум. Меѓутоа, ако малолетството е утврдено само врз основа на календарската возраст како критериум, тогаш тоа не е доволно за утврдување на степенот на зрелоста. Со други зборови, без разлика на тоа што календарската возраст е во корелација со степенот на биопсихичката зрелост, зрелоста не е исто што и возраста, бидејќи зависи и од мноштво други фактори од објективен и субјективен карактер. Токму поради тоа се воочуваат и разликите меѓу поединци од иста календарска возраст од различни и од исти социокултурни средини.

На развојот на личноста и одредувањето на зрелоста влијаат повеќе фактори: социјални, културни, историски, климатски, традиционални и др.

Врз основа на кажаното може да се констатира дека малолетството во повеќето земји се одредува повеќе врз база на некои детерминирачки фактори отколку како резултат на проучување на биопсихичкото и социјалното созревање на личноста.

Поради споменатото Lopez-Rey и други автори, како што наведува Јашовиќ, се залагаат за укинување на старосните граници. Наместо нив ова група автори се залага за целосна индивидуализација на кривично правната постапка, криминалната политика и третманот на ресоцијализација. Колку и да изгледа нереален овој пристап на утврдување на степенот на зрелост, во практичната примена неговата научна заснованост не може никој да ја побие и оспори. Со овој пристап индивидуализацијата како еден од водечките принципи во оваа област би добила целосна практична апликација (Jašović, 1991).

Аргументите дека неограничената индивидуализација би довела до арбитража и неизедначеност во судската практика, како и дека ќе се загрози законитоста и еднаквоста на граѓаните пред законот, не се доволно силна да ја побијат и забават индивидуалната проценка на зрелоста на малолетните сторители (Царић А., 1971).

Меѓутоа колку и да е добар принципот на индивидуализација во одредувањето на малолетството, сепак преовладува ставот дека старосните граници не смеат да се укинат бидејќи постојат теориско-методолошки проблеми при утврдувањето на зрелоста, а како второ сè уште не се доволно созреани социјалните и општествените услови.

Сепак најважно е дека третманот на малолетните сторители во најголем број современи законодавства не е репресивен туку доминантно место во третирањето заземаат социјалните, воспитните и други мерки на помош и превоспитување. Меѓутоа важно е да се спомене дека и фиксирањето на долната граница нема длабоко криминално политичко оправдување бидејќи сè поголем е бројот на млади малолетни лица па и деца кои вршат сериозни престапи, а не можат да им се изречат санкции од постојниот репертоар. Поради споменатото, општеството не смее да биде индиферентно кон извршителите на разни престапи од потежок облик, а кои не ја минале означената граница на малолетство (Jašović Ž., 1991).

Посебната положба во материјалното кривично право за малолетниците произлегува од нивната недоволно психичка, емоционална, социјална и телесна развиеност. Поимот млади тесно е поврзан со кривично правната проблематика на

престапничкото однесување кај младите. Без разлика дали кривично правната положба за малолетниците се регулира со посебни закони или се опфаќа во ист закон како и за возрасните, старосните граници на малолетството се утврдуваат со прописи и на тој начин се прецизира поимот малолетник како субјект на однесувањето.

Современите кривично правни законодавства како основен и формален критериум во одредување на поимот малолетник го користат лимитирањето на старосни граници на возраста на извршителите на престапничкото однесување (Јашовић, 1991).

Законски утврдените старосни граници даваат можност сторителот на делото да биде кривично одговорен, кон него да се води кривична постапка, а во случаите кога се исполнети неопходните нормативни правила да му се изрече и изврши некоја од санкциите кои се на располагање.

Во некои кривично правни системи се одредува само горната старосна граница, додека во поголемиот дел држави законодавствата, покрај оваа, се утврдува и долна граница. Утврдувањето на долната граница служи за разграничување меѓу малолетниците и децата додека горната граница ги одвојува малолетните од возрасните сторители на кривични дела. И долната и горната старосна граница во некои законодавства имаат различна смисла и значење. Со други зборови, долната граница во некои земји исклучува секаква одговорност на лицата кои се под таа граница, додека пак во некои земји ја исклучува само примената на казната од можниот репертоар на санкции. Кривичните законодавства во различни земји се разликуваат и во поглед на висината на старосните граници.

Кога станува збор за долната граница имаме три групи на земји и тоа:

- Држави кои воопшто не ја утврдуваат долната граница. Во оваа група се вбројуваат земјите од Латинска Америка како што се: Куба, Колумбија, Мексико, Перу и др. Исто така долна граница не е утврдена и во некои европски земји како на пример: Шпанија, Португалија, Белгија и Холандија.
- Земји кои немаат кривични законодавства, туку се раководат од Куранот, а долната граница ја утврдуваат според степенот на биопсихичката зрелост. Во оваа група спаѓаат државите: Јемен, Саудиска Арабија и др.

Трета група држави ја фиксираат долната граница на старост која варира од 7 до 16 години (Јашовић, 1991).

Кога станува збор за последната група земји каде се вбројува и нашата, најголемиот број од нив ја имаат утврдено долната граница на 14 години, како: Бугарија, Хрватска, Германија, Унгарија, Италија, Румунија, Словенија, Русија, Србија, Јапонија, Кина, Јемен, Виетнам, Либија, Руанда и др. (Unicef, innocenti, digest, Juvenile, Florence- Italy, January, 1998).

Според истражувањата на УНИЦЕФ (1998), дваесет земји во светот долната граница на кривична одговорност ја утврдуваат на 7 години живот. Од европските земји кои овозможуваат делумна кривична одговорност на 7 години се Кипар и Ирска.

Земјите од Блискиот исток (Јордан, Кувајт, Сирија, Либан) исто така ја лимитирале долната граница на кривична одговорност на 7 години. Во оваа група, од азиските земји се вбројуваат: Бангладеш, Хонг Конг, Тајланд, Мијанмар и Пакистан; во Африка: Намимбија, Нигерија, Гана, Зимбабве, а во Средна Америка: Белизе, Тринидад и Тобаго.

За да добиеме појасна слика за одговорноста на децата и младите кои се сторители на кривични дела, во оваа прилика ќе наведеме како истата е регулирана во некои европски и воневропски земји.

Во **Белгија**, генерално долната граница за кривична одговорност е 18 години, но во посебни случаи истата граница може да изнесува 16 години (Particular cases).

Постапката за сторителите на кривични дела кои имаат помалку од 16 односно осумнаесет години е регулирана со посебни прописи кои не им припаѓаат на кривичното право односно кривично-правната постапка (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985, page. 65).

Во истата држава на сторителите кои немаат наполнето 18 години им суди суд за малолетници (La loi du 8 avril 1965 relative a la protection de la jeunesse).

Судот за малолетни сторители на возраст меѓу 16–18 години врз основа на проценката на биопсихосоцијални карактеристики на личноста може да ја прекине постапката и да не изрече ниедна мерка (Filipčić, 1998).

Во **Кипар** долна граница за кривична одговорност изнесува 12 години, а горната 16 години. Сторителите од 7–12 години во оваа земја се кривично неодговорни, но доколку се докаже дека за време на извршувањето на кривичното дело биле способни да сфатат дека некоја активност е забранета или не смеат да ја извршат односно дека се должни да извршат одредено дејство, истите се одговорни (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Во **Австрија** долната старосна граница за можна кривична одговорност е утврдена на 14 години. За лицата сторители на кривични дела помлади од 18 години постојат посебни кривично-правни прописи (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Со реформите во законодавството од 1989 година, за малолетни лица во Австрија се сметаат и лицата кои сè уште немаат наполнето 19 години на кои им се суди пред посебен суд за малолетници (Kangaspunta K., 1995).

Во **Чешка** минималната старосна граница за кривична одговорност е утврдена на 18 години, а лицата на возраст меѓу 15 и 17 години имаат ограничена кривична одговорност (limited criminal responsibility) во однос на полнолетните лица, и можат да бидат изведени пред суд, доколку се процени дека општествената опасност предизвикана од криминалниот акт е значителна. Во Република Чешка не постојат посебни судови за малолетници и на истите им се суди во општите судови кои се специјализирани за оваа популација. Во Република **Словачка** законските одредби се идентични и сè уште важи Кривичниот законик од 1961 година (Kangaspunta K., 1995).

Во **Данска** минималната старосна граница на кривична одговорност изнесува 15 години. Лицата помали од петнаесет години се третираат како деца и кон нив се применуваат мерки на социјалната заштита. Законските одредби даваат можност социјално-заштитни мерки да се применуваат и врз лицата на возраст од 15–18 години. Лицата под 15 годишна возраст се третираат во локални органи на социјална заштита. Пред истите органи исто така можат да се решаваат и случаи на малолетници на возраст меѓу 15–18 години доколку јавниот обвинител одлучи да ја отфрли кривичната постапка (Kangaspunta K., 1995).

Во **Англија** и во **Велс,** долната граница на кривична одговорност изнесува десет години. Во својство на осомничен може да биде и дете меѓу 10 и 14 години кое е способно да ја манифестира криминалната природа на стореното дело што треба да се докаже со вештачење (Criminal Justice Systems in Europe).

Лицето кое има наполнето 14 години е кривично одговорно. На обвинетите кои се помлади од 17 години им се суди во суд за малолетници, одвоен од останатите судови, конституиран како засебен суд во одредена област. Во овие судови врз основа на проценка може да им се суди и на лицата кои имаат навршени 17 години (Kangaspunta K. , 1995).

Малолетните сторители во Англија според законските акти од 1969 и 1980 год. се делат на три групи и тоа:

1. малолетни лица помлади од 17 години,
2. малолетни лица на возраст меѓу 14 и 16 години,
3. деца кои не наполниле 14 години, кои пак се делат на две групи:
    а) деца на возраст меѓу 10–14 години
    б) деца кои не наполниле 10 години и кои се целосно кривично неодговорни.

Децата на возраст од 10 до 14 години можат да бидат осудени, но под услов со вештачењето да се утврди дека биле способни да го сфатат значењето на делото што го сториле (Хамптон Ц., 1982).

Во **Германија** оние сторители на криминални акти кои немаат наполнето 14 години живот се кривично неодговорни. Според законот за судска постапка кон малолетниците во оваа земја, малолетник е секое лице кое во времето на извршување на делото имал навршени 14, а нема навршени 18 години живот. За младо полнолетно лице, како и кај нас, се смета лицето кое има 18, а нема навршено 21 година од животот. Малолетникот е кривично одговорен ако за време на извршување на делото врз основа на својот интелектуален и морален развој бил доволно зрел да ја сфати противправноста на делото и да постапува во согласност со своите расудувања (Jugendgerichsgesetz In der Fassung der Bekanntmachung vom 11. December 1974).

Во **Финска** минималната старосна граница на кривична одговорност изнесува 15 години. Сторителите на кривични дела кои се под оваа старосна граница се третираат како деца и за нив се води посебна постапка пред специјализирани социјални органи (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985, p. 85).

Во **Франција** минималната старосна граница на одговорност изнесува 13 години. Полна кривична одговорност можна е по 18-тата година од животот. Во Франција постои трипартитен систем на деликти според кој деликтните однесувања се делат на: а) прекршоци; б) престапи и в) злочини, и начелно за секој вид однесување постои различна судска надлежност. Кога станува збор за малолетни сторители на деликти, за тоа кој надлежен орган ќе ја води постапката зависи од видот на пред малку споменатите три врсти на деликти. Сите нивоа кои водат постапка против малолетници се специјално обучени за судење на малолетници. Според сторените дела постојат органи кои водат постапка и им пресудуват на малолетниците и тоа:

1. Посебен полициски трибунал за малолетници кои направиле прекршоци.
2. Судии за малолетници, кога се во прашање потешки прекршоци (тие можат да изречат само вонинституционални воспитни мерки, а кога се во прашање

тешки случаи имаат право да предложат на малолетникот да му суди суд во поголем состав (судски совет).

3. Суд кој пресудува за тешки престапи и злочини, а кога се во прашање сторители постари од 16 години, се формира и посебен поротнички суд кој организациски не се разликува од поротата која одлучува во кривичните постапки кај полнолетните лица, со тоа што поротата во кривичните предмети кај малолетниците е составена од 9 членови. Лицата кои се сторители на кривични дела, а немаат навршено 13 години се третираат како деца и кон нив не се води кривична постапка, туку се преземаат со закон предвидени мерки од страна на органите за социјална заштита, а во одредени случаи и пред судовите за млади кои можат да спроведуваат посебен образовен третман и контрола на нивното однесување (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Во **Грција** долната граница на кривична одговорност е утврдена на 12 години. Кон децата од 7 до 12 години се применуваат образовни или социотерапевтски мерки. Проверките и тестирањата на преземените мерки ги спроведуваат органите за социјална заштита. Оваа категорија деца можат да се подложат и на психомедицински третман. Границата за полна кривична одговорност е утврдена на 21 година. Кога станува збор за малолетници на возраст меѓу 12 и 16 години старост, одлука за тоа дали тие ќе се третираат како деца или како осомничени кои можат да бидат кривично одговорни, донесува судот за малолетници во секој конкретен случај. Во ситуациите кога судот одлучил дека овие лица се кривично одговорни, против нив можат да се применат кривични санкции. Доколку санкциите имаат карактер на лишење или ограничување на слободата истите ќе бидат извршувани во посебни специјални установи.

Малолетниците меѓу 17 и 20 години старост имаат ограничена кривична одговорност, но судот има дискреционо право на редуцирање на казната. Во Грција има суд за малолетници, во чија ингеренција спаѓаат сите видови кривични дела кои ги извршиле малолетниците. За малолетниците меѓу 12 и 16 години доколку судот за малолетници процени дека се кривично одговорни, судот може да им изрече специјална санкција на институционален надзор во корективни установи (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Во **Ирска** минималната старосна граница за кривична одговорност е утврдена на 7 години, но целосна кривична одговорност настапува со навршени 14 години (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Новиот кривичен законик на Ирска предвидува зголемување на старосната граница на кривична одговорност и конституирање на посебни мерки за заштита на децата со деликвентно однесување. Во Ирска апсолутно се претпоставува дека децата под 7 годишна возраст не се способни за целосно расудување, поради што не можат да се санкционираат во било која кривична процедура. За лицата од 7 до 14 години се смета дека не се доволно зрели да расудуваат. Оваа претпоставка не значи дека важи за секој случај што значи дека истата може да се промени доколку постојат силни докази кои укажуваат на тоа дека детето можело да направи разлика меѓу доброто и лошото. Лицата кои имаат навршено 17 години се сметаат за млади полнолетни лица (Kangaspunta K., 1995).

Во **Унгарија** не постојат судови за малолетници кои се функционално одвоени од општинските или окружните судови. За малолетни сторители на деликти се сметаат лицата меѓу 14 и 18 годишна возраст кон кои се изрекуваат мерки од воспитно образовен карактер или социјално заштитни мерки од страна на посебни социјални органи. Доколку се работи за посериозни кривични дела на малолетниците им пресудува судот од општа надлежност.

Во **Италија** минималната старосна граница на кривична одговорност изнесува 14 години, а горната граница е утврдена на 18 година. Малолетните сторители имаат ограничена или намалена кривична одговорност. Судијата има право да проценува дали лицето со намалена кривична одговорност го има постигнато потребниот степен на зрелост кој подразбира одговорност за извршениот акт.

Во Италија постојат посебни судови за малолетниците од 14 до 18 години и истиот е составен од двајца професионални судии (редовно вработени) и двајца хонорарни судии (психолози или стручни лица за малолетнички криминалитет). Иста таква структура имаат и апелационите судови за малолетници (Kangaspunta K., 1995)

**Во Холандија** минималната старосна граница на кривична одговорност изнесува 12 години, додека целосната одговорност настапува во 18-та година. Сторителите на кривични дела помали од 12 години се третираат пред надлежни социјални служби или пред граѓански суд за малолетници. Исто така законодавецот дава можности и лицата меѓу 12 и 18 години да бидат иземени од вообичаените кривични процедури.

Повеќето лесни и тривијални кривични дела сторени од деца се решаваат на оперативно ниво пред одредени полициски органи, со одобрување од страна на правосудните органи, но без формална законска јурисдикција. Повеќето тешки, сериозни или поважни кривични случаеви во кои се вклучени деца или малолетници, се решаваат од страна на посебен орган, кој претставува троделен совет составен од преставници на полицијата, јавниот (државниот) обвинител и преставник од одборот за заштита на децата. Споменатиот совет често ја запира постапката без консеквенци во иднина (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

**Во Северна Ирска** долната граница на кривична одговорност е 13 години, додека горната старосна граница е утврдена на 17 години. Кривичните предмети за малолетници се решаваат пред судот за малолетници кои го сочинуваат администратор според местото на живеење и двајца граѓани од кои најмалку еден треба да биде од женски пол, а кои се избираат од листата на судот за малолетници (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Во **Норвешка,** до последните реформи во областа на кривичното законодавство, минималната старосна граница на одговорност беше утврдена на 14 години. Со реформите во 1990 година таа граница е поместена на 15 години. За повеќето кривични предмети, чии актери се малолетници или тинејџери, надлежните органи се запознаваат благодарение на одборите за заштита на децата. Членовите на тие одбори се бираат од страна на локалните авторитети (Kangaspunta K., 1995).

Споменатите органи се дел од системот на социјални служби и истите се под ингеренција на Министерствотото за социјални грижи (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Системот на надлежност за кривичните предмети сторени од малолетници е многу сличен со оној кој важи во Шведска. Надлежноста во однос на старосната граница на сторителите е поделена меѓу посебен административен орган и класичните судови. За сторителите под 15 години исклучиво е надлежен административниот орган. За сторителите постари од 15, но не повеќе од 18 години живот, надлежноста е конкурентна, бидејќи постапката може да се води или пред административниот орган или пред судот. Кој орган ќе ја води постапката зависи од проценката на надлежниот јавен обвинител.

Норвешкиот кривичен систем не ги опфаќа т.н. капитални казни. За сторителите на кривични дела на возраст меѓу 14 и 20 години најчесто се изрекуваат условни

пресуди, одредени мерки за надзор, но и самото извршување на санкциите под пропишани услови може да се суспендираат (Kangaspunta K., 1995).

Законот за општински одбори за израмнување, помирување на спорови (посреднички одбори) донесен на 15.03.1991 г., според член 1 овозможува општинските одбори да посредуваат во споровите кои настануваат како последица на противзаконско однесување или друго казниво делување на лицата со одредена старосна граница. Со законот се обврзани сите општини да го формираат наведениот одбор, а понекогаш околностите налагаат да две или повеќе општини формираат заеднички одбор. Медијаторите според член 3 од наведениот закон се именуваат од страна на претседателот на општинскиот совет, преставник на полицијата и координаторот на одборот со мандат од четири години. Медијатор или посредник може да биде лице кое има наполнето 25 години. За медијаторот на одборот не смее да биде именувано лице на кое во последните пет години му е изречена некоја воспитна мерка или во последните десет години е отпуштен од затвор, или пак е на условен отпуст. Израмнувањето по правило се врши во просториите на општината, но во исклучителни случаи може и на некое друго место. Според член 7 од овој закон двете странки мора да се сретнат лично, а доколку оштетената страна е организација, тогаш истата е застапена од полномошник.

Постигнатиот договор меѓу странките треба да го одобри посредникот и истиот мора да биде во писмена форма, а доколку договорот вклучува одредена парична казна, мора да се одреди рок на исплатата, со што ќе се нагласи дека порамнувањето е дефинитивно. Со посебна одредба се обврзува одборот кога израмнувањето е заклучено и документацијата се доставува до надлежниот јавен обвинител, кој исто така се известува при евентуалното кршење на договорот, односно за исполнувањето на условите од договорот. За да се избегне стигматизирањето, одредбите од законот налагаат покренувањето и водењето на постапката пред општинскиот одбор да не се бележат во казнената евиденција (Konfliktrldet, 1996).

**Шведска** има мошне софистициран систем на постапување со деликвентните деца и малолетници, кој произлегува не само од старосните граници на кривичната одговорност, туку и од начинот на кој е организирано правосудството, одредени социјални служби кои ги решаваат прашањата од областа на општествената заштита на младите деликвенти (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Судскиот систем во Шведска е целосно независен од Министерството за правда и истиот се состои од: окружни судови кои се првостепени, апелациони (жалбени) и

врховен суд (The National Council for Crime Prevention Sweden, The Swedish Penal Code, 1985 of Judicial Procedure Stockholm, Maz, 1985).

Во почетокот сите случаи ги води полицијата, а подоцна тоа зависи од календарската возраст на сторителите и од сериозноста на стореното кривично дело. Доколку сторителот нема 15 години старост случајот го води посебен управен орган – одбор за социјална заштита (Social Welfare Committee) на ниво на локалната заедница. Кога сторителот е постар од 15 години, а извршеното дело нема големо значење и вклучува можност за парично казнување, службеното лице од полицијата може да го предупреди, или да му врачи уплатница со запишан износ на паричната казна. Сите потешки кривични дела полицијата ги предава на јавниот обвинител кој може да одреди и дополнителна парична казна по утврдената вина. Јавниот обвинител може да ја запре постапката пред судот и случајот да му го препушти на окружниот одбор за понатамошо водење на постапка, но според административните правила. Јавниот обвинител има дискреционо право да одлучува дали постапката ќе се води пред органот за социјална заштита или пред редовниот кривичен суд. Главна забелешка на шведскиот систем е непостоењето на судови за малолетници. Друга забелешка е тоа што судиите не се специјализирани за водење на постапка со малолетни лица (The National Council for Crime Prevention Sweden, The Swedish Penal Code 1986, Stockholm, 1986).

Во **Швајцарија** минималната старосна граница на кривична одговорност изнесува **седум** години. Сторителите на кривични дела кои се на возраст меѓу 7 и 14 години се предмет на специјален орган, поблизок или посличен на службите за социјална заштита на децата, отколку на судовите за малолетници. Сторителите на возраст меѓу 15 и 17 години се сметаат за малолетници кон кои се води кривична постапка пред посебен орган (criminal justice authorites). Лицата кои имаат наполнето 18 години се сметаат за полнолетни лица. Во Швајцарија постапката може да се води како пред административниот орган така и пред судските органи. Во 18 кантони постапката се води исклучиво пред судските органи, додека во 8 кантони постапката се води пред административните органи (Кангаспунта, 1995).

Во **Руската федерација** кривично е одговорно лицето кое има навршено **16** години старост. Таквата норма е од општ карактер бидејќи старосната граница за посериозни кривични дела може да се помести на **14** години, но во ниеден случај малолетно лице не може да биде осудено на смрт. Таквите кривични дела се таксативно и лимитативно наброени: убиство; смислено предизвикување на тешки

штети по здравјето; киднапирање; силување; насилни дејствија од сексуален карактер; кражба; грабеж; разбојништво; изнуда; уништување или оштетување на имот со постоење на отежнувачки околности сторени со умисла; тероризам; земање на заложници; намерно и лажно пријавување на терористички акт; вандализам; хулиганство при отежнувачки околности; одземање или изнуда на оружје, боева муниција, експлозивни материи и експлозивни направи; и одземање или изнуда на наркотични средства или психотропни супстанци. Нема да се смета за кривично одговорно лицето кое заостанува во својот интелектуален развој поради што не бил во состојба да го сфати значењето на делото што го сторил и општествената опасност од своето чинење или нечинење и не можел да управува со своите постапки. На овој начин законодавецот дефинирал една врста на непресметливост (UNICEF. International Child Development Centre, Innocenti digest, Juvenile Justice, Florence-Italy, 1998).

Во **Полска** Минимална старосна граница на кривична одговорност изнесува 17 години, но во некои ситуации и лицата на старост од 16 години можат да бидат изведени пред суд како и полнолетните лица кои се сметаат за целосно кривично одговорни. Во случаите кога сторителите се помали од границата на кривичната одговорност, односно кога таквите лица бараат заштита или грижа, таквите предмети се решаваат пред регионални семејни судови, вклучувајќи и специјална процедура (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Во **Португалија** долна граница на кривична одговорност изнесува16 години. Во оваа земја постојат посебни комитети за грижа и помош на децата кои немаат навршено 12 години, а манифестираат облици на престапништво (К. Кангаспунта оп. цит., стр.152).

Судиите за малолетници им пресудуват на сторителите на кривични дела кои се на возраст меѓу 12 и 16 години старост, но покрај тоа во нивна надлежност можат да бидат и сторителите на деликти кои имаат помалку од 12 години, доколку посебен одбор за заштита оцени дека сторителот поседувал доволен степен на зрелост за сфаќање на значењето и тежината на делото. Истите судови можат да водат постапка и за лицата стари до 18 години на кои им е потребна помош и грижа, при што судовите можат да изречат одредена воспитна мерка (Filipčić K., 1998).

Во **Румунија** минималната старосна граница изнесува 14 години, а оние кои се постари од 18 години се третираат како полнолетни лица. Во оваа земја не постојат посебни судови за малолетници така што доколку станува збор за сторител на возраст меѓу 14 и 16 години судијата мора да констатира дали малолетникот достигнал

доволен степен на зрелост за да се смета одговорен за одредениот акт (Filipčić K., 1998).

Во **Шкотска** за да постои кривична одговорност сторителот треба да има минимум 8 години живот. На осомничените кои имаат под 16 години им суди судски совет составен од три лица. Лицата на возраст до 16 години по правило одговараат пред посебен административен орган или одбор (Chindrens Panel) чии членови ги именува надлежен функционер од управниот орган на локалната област (Filipčić K., 1998).

Одборот се состои од 5 членови, волонтери кои живеат во местото каде живее и малолетникот. Три членови од одборот подоцна стануваат членови на посебна комисија, а законска обврска е да бидат застапени двата пола. Задача на комисијата е да одлучи кои мерки се најадекватни за превоспитување и ресоцијализација. Клучна улога во комисијата има репортерот кој го избира самата комисија од сопствените редови. Полицијата, училиштето, социјалните служби и другите субјекти се должни на репортерот да му поднесат извештај за малолетникот, што се однесува на проценката дали кон него треба казнено да се делува или пак да се преземаат мерки од социјално-заштитен карактер, дали е загрозен неговиот развој во социјалната средина во која живее и др. По прибирањето на податоците репортерот ја известува комисијата и ги презема потребните мерки. Таквиот развиен административен систем не е единствен начин на постапување во Шкотска, бидејќи јавниот обвинител има можност детето (малолетникот) кое има навршено 8 години да го обвини пред суд каде што постапката се одвива според класичните кривични правила. Сторителите меѓу 16 и 20 години се сметаат за малолетни лица. Полна кривична одговорност следува за лицата кои имаат навршено 21 година старост (Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985).

Кривично-правниот систем во **Австралија** е мошне специфичен, затоа што поедини држави поседуваат сопствено материјално и процесно кривично право, своја полиција, свои судови, затвори и институции за малолетници, како и други корективни служби, односно институции кои се занимаваат со третман на малолетна деликвенција. Државите треба да ги ускладат своите правни прописи со федеративното уредување. Правниот систем е англосаксонски и првенствено се базира врз англиското право (Crime and Justice in Asia and Pacific, A Report on the Third United Nations Survey of Crime Trends, Operations of Criminal Justice Systems and Crime Prevention, Strategies, Compiled and published by UNAFEI and AIC, Tokyo and Canbera, 1990).

Кривичната постапка кон малолетните сторители е многу слична како кај возрасните, дури можат да бидат и уапсени, осудени и упатени во адекватни корективни установи според правилата на општата кривична постапка. Кога станува збор за посериозни кривични дела како што се убиство и дела поврзани со употреба на оружје кон детето се спроведува постапка пред врховниот суд како и за полнолетните сторители. Преткривичната постапка е иста како и кај полнолетните лица (Crime and Justice in Asia and Pacific).

Минималната старосна граница на кривична одговорност не е иста во сите држави членки на федерацијата. Во некои членки таа изнесува 7 години, во други 8 години, а во најголем број на австралиски држави таа изнесува 10 години со тоа што се води сметка, како и во останатите англосаксонски правни системи, дали сторителот на таа календарска возраст има постигнато таков степен на интелектуален развој за да може да ја сфати криминалната природа на своето дело (UNICEF, Innocenti digest, Juvenile Justice, Florence-Italy, January, 1998).

Во **Канада** на сторителите на кривични дела стари меѓу 12 и 17 години им се суди пред суд за малолетници според правилата кои произлегуваат од кривичниот законик и Уставот на федерацијата. Во канадскиот систем постои можност на молба од највисоките органи и препорака на судијата за малолетници предметот да се префрли во јурисдикција на судот за полнолетни лица (Кангаспунта К, 1995).

Во Канада постои широка нормативна можност да се избегне формалното обвинување на малолетниците со примена на т.н. диверзиони или алтернативни мерки од страна на специјализирани општествени служби. Провинциите се овластени, престапите на лица кои се помлади од 12 години, да ги решаваат преку службите за социјална заштита (Ibidem, p. 79).

Во **Кина** лицата кои немаат навршено 14 години се целосно кривично неодговорни. Кривичната одговорност настапува на 16 години старост. Малолетниците меѓу 14 и 16 години делумно се кривично одговорни за кривични дела како што се убиство со умисла и без умисла, тешки телесни повреди, провали, намерни пожари, кражби од навика и други дела со кои сериозно се нарушуваат општествените добра. За сторителите од 14 до 18 години се предвидени поблаги казни, кои се специфични и намалени во рамките на законот. Кога сторителот нема 16 години, неговите родители, старатели или други авторитети и тутори се должни да преземат дисциплински мерки, а кога е тоа неопходно према малолетникот се преземаат мерки на заштита и рехабилитација од државните власти (Crime and Justice in Asia and the Pacific, a Report

on the Third United Nations Survey of Crime Trends, Operations of Criminal Justice Systems and Crime Prevention, Strategies, 1980-1986, Compiled and published by UNAFEI and AIC, Tokyo and Canbera, 1990).

Во **Хонг Конг** минималната граница за кривична одговорност е утврдена на 7 години. Лицата кои не навршиле 14 години старост законски се третираат како деца (a Child). За млада личност (a Young Person) се сметаат лицата кои имаат навршено 14 а сè уште немаат 16 години старост. Кривичните случаеви се решаваат пред посебни судови за малолетници. За млади сторители на кривични дела се сметаат оние кои имаат 20 а немаат 21 година. За млади полнолетни лица се третираат лицата кои имаат меѓу 21 и 24 години старост (Ibidem, p. 91).

**Индија** е единствената земја во која **полот** претставува критериум за утврдување на старосната граница на кривично-правна одговорност. Такво специфично кривично-правно дефинирање на старосните граници на кривична одговорност не се среќава во останатите правни системи. И покрај тоа што половата еднаквост во секој поглед преставува цивилизациско достигнување, оваа земја го користи како еден од критериумите за лимитирање на старосните граници на одговорноста.

Минимална граница за кривична одговорност во оваа земја изнесува **седум години.** За малолетни сторители се сметаат машките лица кои имаат навршено 16, а немаат 21 година старост. За женски малолетни сторители се сметаат девојките кои имаат 18 а се помлади од 21 година старост. Кон машките и женските сторители на кривични дела се применува посебен третман во однос на полнолетните сторители. Заштитата на малолетниците, судската постапка и третманот на оваа категорија на сторители се регулирани со Законот за малолетници од 1986 година (Ibidem, pp. 95–96).

Во **Јапонија** минималната старосна граница за постоење на кривична одговорност изнесува 14 години. За малолетни деликвенти се сметаат лицата кои не наполниле 20 години, а постапката кон нив се води пред специјален орган т.н. семеен суд (The Family Court, Court Organization Law Public Prosecutors Office Law, Ministry of Justice Japan, Tokyo, 1970).

Споменатиот суд е примарно надлежен и во постапките кон сите малолетни сторители на кривични дела, дури и за најтешките злочини како што се убиствата (homocides), намерно предизвиканите пожари, тешките сообраќајни деликти и др. (Crime and Justice in Asia and the Pacific, a Report on the Third United Nations Survey of Crime Trende, Operations of Criminal Justice Systems and Crime Prevention Strategies, Compiled and Published by UNAFEI and AIC, Tokyo and Canbera).

Јапонскиот кривично-правен систем се карактеризира со нагласена примена на т.н. диверзиони мерки кои се разликуваат од класичните протесни и судски мерки. Алтернативните мерки во постапката доаѓаат од страна на различни субјекти надлежни за сузбивање на деликвенцијата. Така на пример полицијата има право за полесните кривични случаи т.н. trivial cases да не го извести јавниот обвинител за покренување на постапка. Дури и кога постојат материјални докази со кои се потврдува вината на сторителот, доколку е тоа во интерес на општеството и на самите актери на однесувањето, јавниот обвинител има дискреционо право да не покренува кривична постапка. Исто така судот има дискреционо право да го суспендира извршувањето на извршената кривична санкција за лишување од слобода (Ибид., стр. 114.).

Во **Нов Зеланд** постојат повеќе специјализирани судови кои вршат специјални функции, а еден од нив е и судот за деца и малолетници (the Children and Yong Persons Court) основани со акт од 1974 година. Овие судови се надлежни за грижа, заштита и контрола на децата и младите. Од 1980 година се формира семеен суд кој е надлежен да пресудува за кривични дела кои ги сториле децата и малолетниците (Ибид., стр. 129).

Надлежноста се исклучува за делата: убиство со умисла, лишување од живот од небрежност и сообраќајни кривични дела. На жалбата на одлуките на судот за децата и малолетниците решава Високиот суд. Минималната старосна граница за постоење на кривична одговорност во Нов Зеланд изнесува 10 години (UNICEF, Innocent digest, Juvenile Justice, Florence-Italy, Januarz,1998)

Нов Зеланд е една од земјите кои посветуваат најмногу внимание на децата и малолетниците, и тоа не само кога тие се сторители на кривични дела туку и во случаите кога се поврзани на било кој начин со кривичното дело. Тука пред сѐ се мисли на улогата на децата и младите како сведоци во кривичната процедура. Со реформите во законодавството од 1989 години се воспоставуваат нови правила во изнесувањето на доказите кога нивен извор се деца. Децата сведоци не мора да бидат сослушувани, а тоа значи дека во доказната постапка можат да се користат видео и аудио материјали за исказите. Исказите од децата сведоци можат да се користат во сите наредни фази од кривично-правната процедура без нивно дополнително повикување и непотребно вознемирување (Pipe, M. E. i Henaghan, M., Accommodating children's testimony: legal reforms in New Zeland, Criminal Justice and Behavior, Newbury Park, 1996, br. 23/2).

Кога се во прашање старосните граници за постоење на кривична одговорност во **САД** постојат извесни разлики во државите членки на федерацијата. Во најголем број на државите членки на федерацијата, границата за кривична одговорност се движи од 16 до 18 години (Kangaspunta., 1995).

САД се вбројуваат во екстремно ретките држави чиј кривично-правен систем овозможува извршување на смртна казна и над многу млади лица. До 1991 година во САД смртната казна била пропишана и извршувана во 36 членки на федерацијата. Бројот на држави членки на федерацијата во кои се изрекува смртната казна од 36 во 1991 во 2005 година е намален на 20 (http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/articles/A62584-2005mar1.html).

Врховниот суд на САД од 2002 година ја исклучува можноста за изрекување на смртна казна за лесно ментално ретардираните малолетни лица. Најмалку смртни казни се изречени во 2004 година вкупно 130 од кои биле извршени 59.

Федералните прописи даваат можност поедини држави да пропишат, изречат и извршат смртни казни кога се во прашање т.н. капитални кривични дела (capital offences): издавање на доверливи информации кои се однесуваат на надворешната безбедност (шпионажа), кривичните дела предавство, разбојништво (грабеж на банки), земање заложници, а во некои држави и за кривичните дела силување на деца под 14 години и киднапирање авиони. По некоја логика некои од наведените кривични дела и не можат да бидат сторени од страна на малолетни лица како што е на пример кривичното дело велепредавство.

Минималната староснa граница, кога може да се изрече смртната казна, е различна во сите 20 членки од Федерацијата – од 10 до 18 години. Методот на егзекуција исто така варира во различни држави: од вбризгување смртоносни инекции; убивање во гасна комора; убивање со електричен шок; бесење и стрелање (Kangaspunta., 1995).

Споменатите нормативни можности за изрекување на смртна казна кон децата и младите во САД се целосно нехумани и не соодветствуваат со светските тенденции во однос на малолетничката деликвенција, а особено во однос на Стандардните минимални правила на Обединетите нации за малолетничка правда – Пекиншките правила усвоени со резолуцијата бр. 40/33 на Генералното собрание на ОН од 29.11.1985 година.

Кога сме кај смртната казна **Иран** е земја во која се егзикутираат најголем број малолетни лица. Од вкупниот број извршени смртни казни во светот над малолетните

лица, **2/3** се извршени во Иран (Drug War Chronicle-world leading drug policy newsletter Issue # 557, 24/10/2008).

Позитивните законодавстава меѓу кои и македонското разликуваат и **млади полнолетни лица** како посебна кривично-правна категорија и истата ја третираат како преодна фаза меѓу малолетните и возрасните сторители на кривични дела.

Во нашето но и во законодавствата во поранешните ЈУ републики, доколку судот одлучи, за оваа категорија на сторители на кривични дела кои се на возраст од 18-21 година живот можат да се применат исти постапки и мерки како кај малолетните лица.

Во Македонија според ЗМП ја имаме следната класификација на малолетните лица.

- За **дете во ризик** според член 12 од ЗМП се смета малолетникот кој за време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил 7 а не наполнил 14 години. За дете во ризик се смета и малолетник до 14-годишна возраст – зависник од употреба на дроги, психотропни супстанци или алкохол; дете со пречки во развојот, дете – жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на питање, скитање или проституција, поради што е или може да дојде во судир со законот.

- **Помлад малолетник во ризик** е лице кое во време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело (за кое е предвидено парична казна или затвор до три години) или прекршок, има наполнето 14 а нема наполнето 16 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанци или алкохол, дете со пречки во развојот, воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот.

- **Постар малолетник во ризик** е лице кое во време на извршување на дејствието што со закон е определено како кривично дело (за кое е предвидено парична казна или затвор до три години) или прекршок, има наполнето 16 а не наполнил 18 години, зависник од употреба на дроги, психотропни супстанци или алкохол, дете со пречки во развојот, воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква

состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот.

## 6. Кривично правна постапка кај малолетните лица

Имајќи ја предвид биопсихосоцијалната зрелост кај малолетните сторители, законодавецот предвидува посебна постапка за оваа категорија извршители.

Родителите на уапсеното малолетно лице имаат право да присуствуваат за цело време на полициската истрага. Во оние ситуации кога детето нема родители органите на прогонот се должни да го известат социјалниот работник кој се грижи за детето. Истражувањата покажале дека родителите често пати не се однесуваат адекватно кон своето дете, односно не го поддржуваат и гледаат на него како лице кое му нанело срам на семејството. Често пати децата и младите се уплашени односно имаат страв од контактот со родителите и казната која треба да следува (Paul Softley 1985).

Постојат родители кои поради нискиот IQ не се во можност реално да ја сфатат ситуацијата во која се наоѓа нивното дете поради што нивните совети не би биле од интерес за детето. Токму поради споменатото не би било праведно да се допушти земање изјава од малолетникот за време на распитот (Јанкуловски, З. 1994).

Кога уапсеното малолетно лице има пречки во интелектуалниот развој органите се должни да консултираат лекар, а во исклучителни случаеви, доколку за тоа има потреба, лицето може да се смести и во болница, при што треба да се контактираат и неговите родители (законски старатели) или социјалниот работник (Human Rights-A Compilation of International Instruments, New York: United Nations, 1988).

На децата до 18 години им се дава посебна можност при сослушувањето во сите судски и административни постапки кои се однесуваат на него, било директно или преку застапникот на начин кој е во согласност со меѓународните процедури (Конвенција за правата на детето, ООН 1989).

Повеќе меѓународни документи меѓу кои и Стандардните минимални правила за малолетничка правда инсистираат дека малолетното лице може да се лиши од слобода само во краен случај и за краток временски период (UN General Asembly Rezolution A/Res./40/34, The Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice, 1985).

Во Македонија во Основните судови се формирани специјализирани оддели за малолетнички криминалитет, составени од судии за малолетници, совети за малолетници и советници за малолетници. (чл.94. ЗМП)

Во Србија советот за малолетници во првостепениот суд го сочинуваат судија за малолетници и двајца судии поротници по правило од различен пол (Milanković Lj, 2005).

Според чл. 95 од ЗМП судиите поротници се бираат од редовите на наставници, педагози, воспитувачи, психолози и други стручни профили кои имаат искуство во работата со децата и младите.

Според ЗМП ЦСР е должен да достави извештај за малолетникот и околностите под кои делото е сторено. По добивањето на извештајот судијата за малолетници ќе го изнесе предметот пред советот за малолетници заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена.

Посебна кривична постапка е предвидена и за лицата кои делото го сториле како малолетници, а за време на покренувањето на постапката не наполниле 21 година жвот. Некои одредби од кривичната постапка кои се однесуваат на малолетните лица можат да се применат и за младите полнолетни лица кога ќе се констатира дека воспитната мерка ќе биде целисходна (ЗКП на РМ 2005).

Според ЗМП на малолетно лице не може да му се суди во отсуство. Во Србија истата одредба важи и за младо полнолетното лице.

Малолетното лице мора да има бранител, како за првото сослушување, така и во текот на целата постапка. Доколку неговиот законски застапник не земе бранител, тогаш бранителот по службена должност ќе го постави судијата за малолетници.

Во Србија бранители на малолетни лица можат да бидат само адвокати кои имаат посебни познавања од областа на правата на децата и малолетничката деликвенција (Zakon o maloletnim učiniocima krivičnih dela i krivično pravna zaštita maloletnih lica 2005).

Лицата кои ја познаваат структурта и зрелоста на личноста на малолетникот и неговите семејно материјални прилики должни се да сведочат во кривичната постапка (ЗМП на РМ 2007).

До колку малолетникот учествувал во вршење кривични дела заедно со полнолетно лице, постапката против него ќе се одвои. Во одредени случаи, заради сестрано расветлување и разјаснување на делото, советот за малолетници може да одлучи постапката за малолетникот и полнолетното лице да се спојат со тоа што за

малолетникот ќе бидат применувани одредбите кои важат за малолетни лица (Чл. 475 ЗКП на РМ, 2005).

Органот на старателство за постапката е информиран од страна на јавниот обвинител или од судијата за малолетници. Во текот на постапката органот на старателство има право да дава предлози и да укажува на фактите кои се однесуваат на личноста на малолетникот и условите во кои живеел, а се од важност за донесување на правилна одлука (ЗМП, чл. 90, 2007).

Со исклучок на итните постапки, малолетникот се повикува од страна на надлежните органи преку родителите или законските застапници. Одлуките за малолетните лица не се огласуваат на огласна табла, а се доставуваат до бранителот, семејството или до старателот (ЗМП, 2007).

Органите кои учествуваат во постапката кон малолетното лице како и другите органи и институции од кои се бараат информации, извештаи или мислење должни се да постапуваат итно за да постапката заврши побргу (ЗМП).

Главно обележје на постапката кај малолетните лица е фактот што акцент се става на извршителот на делото односно на неговата личност, а не на тежината на делото (Матевски Н., 2004).

Во Србија јавен обвинтел за малолетници може да биде лице кое поседува посебни знаења од областа на правата на децата и малолетничката деликвенција (Zakon o maloletnim učiniocima krivičnih dela i krivično pravna zaštita maloletnih lica, 2005).

За кривичните дела за кои е предвидена казна затвор до 3 години или парична казна, јавниот обвинител може да одлучи да не побара покренување на кривична постапка и покрај тоа што постојат материјални докази од кои произлегува основаното сомневање дека малолетникот е сторител на кривичното дело (Чл. 68, ЗМП 2007).

Јавниот обвинител не поднесува барање за постапка пред судот во оние случаи кога смета дека не би било целисходно истата да се води поради природата на кривичното дело, околностите под кои е извршено, семејно материјалните прилики и личните својства на малолетникот.

Јавниот обвинител може условно да го одложи поведувањето на постапката пред судот за време од 6 месеци, под услов, во тој период, малолетникот да не стори друго кривично дело, да ја надомести штетата или да ги санира последиците настанати од извршувањето на делото.

Нема да поведе постапка и во случаи кога во извештајот на ЦСР стои дека е постигната спогодба меѓу малолетникот и неговите родители и оштетениот за враќање

на имотната корист, надоместување на штетата или санирање на штетните последици предизвикани со сторување на делото.

Јавниот обвинител може да побара од судот да одреди општокорисна работа од 30 часа.

**Подготвителна постапка**

Според ЗМП и ЗКП барање за покренување на подготвителна постапка до судијта за малолетници поднесува јавниот обвинител. Во случаи кога судијата не се сложува со барањето обвинителот може да побара за тоа да одлучува советот за малолетници на основниот суд.

Според ЗКП чл. 489 во подготвителната постапка кон малолетникот значајно е да се утврди неговата календарска возраст, фактите кои се значајни за проценка на неговата зрелост, да се испитаат семејно-материјалние прилики во кои малолетникот живее, како и други околности кои се значајни и влијаат врз неговата личност и однесување. Заради утврдување на споменатите околности потребно е да се сослушаат родителите (старателите) на малолетникот, како и други лица кои можат да придонесат за подобро расветлување на случајот.

За споменатите податоци судот обезбедува и мислење од органот на старателство, а доколку на малолетникот му била изречена заводска мерка ќе обезбеди и извештај од заводот или установата која ја применувала таа воспитна мерка.

Судот може да ангажира лекари, психолози, педагози и други стручни лица за вештачење односно утврдување на здравствената состојба, степенот на биопсихосоцијалната зрелост и други карактеристики на личноста.

При сослушувањето на малолетникот во подготвителната постапка мора да присуствуваат јавниот обвинител, родителот односно старателот или усвоителот на малолетникот. При изведување на поедини активности врзани за подготвителната постапка судијата може да го отстрани малолетникот.

Во одредени случаи судијата може да го спречи присуството на родителот, старателот или усвоителот доколку тоа е од интерес на малолетникот. Во самата подготвителна постапка судијата за малолетници може да одобри и присуство на органот на старателство.

Во текот на сослушувањето до колку тоа е потребно судијата може да побара истото да се одвива во присуство на психолог, психијатар или друго стручно лице кои можат да даваат свои предлози и да поставуваат прашања на лицето кое се сослушува.

Во текот на подготвителната постапка судијата може да донесе решение за сместување на малолетникот во прифатилиште или воспитна установа кога тоа е потребно заради издвојување од средината во која живеел, или заради давање на помош, заштита, надзор или подобро сместување.

Во исклучителни случаеви судијата за малолетници може да одреди мерка притвор (не подолг од 30 дена) кога за тоа постојат причини, а истите не можат да се постигнат со мерката привремено сместување. Малолетникот притворот го издржува одвоено од полнолетните лица. Притворот може да се продолжи најмногу за уште 60 дена од страна на советот за малолетници (ЗКП и ЗМП на РМ).

Времето поминато во притвор како и секое друго лишување од слобода се пресметува во траењето на изречената заводската мерка или казната малолетнички затвор.

Од досега произнесеното може да се констатира дека судијата за малолетници ги има истите законски права од ЗКП како истражниот судија кај полнолетните притворени лица.

Откако ќе ги испита сите околности кои се однесуваат на извршување на делото и на личноста на малолетникот судијата за малолетници ги доставува списите на надлежниот јавен обвинител кој во рок од 8 дена треба да достави предлог до советот за малолетници за казнување или примена на воспитна мерка.

Ако во текот на подготвителната постапка јавниот обвинител констатира дека нема основа за водење на постапка кон малолетникот поради неговата зрелост, семејно-материјалните прилики, природата на кривичното дело и други околности, може да му предложи на судијата да ја запре постапката.

За таквиот предлог обвинителот треба да го извести и органот за старателство, кој е должен, доколку не се согласува со предлогот, да го извести судијата за малолетници во рок не подолг од 8 дена од денот на известувањето на јавниот обвинител.

Во случаите кога судијата или пак органот на старателство не се согласуват со предлогот на јавниот обвинител, за тоа одлучува советот за малолетници на повисокиот суд.

## 7. Алтернативни мерки

Конвенцијата за правата на детето, Стандардните минимални правила на ОН за малолетничко правосудство и посебно Стандардните минимални правила на ОН за алтернативни мерки на институционалниот третман поттикнуваат користење на диверзиони мерки кои се преземаат и спроведуваат пред судењето.

Целта на алтернативните мерки е да не се примени казна кон постариот малолетник, кој е способен за вина, кога тоа не е нужно заради спречување на вршење на кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана на казна или примена на мерки на помош, заштита или надзор на слобода, доволно ќе влијаат врз неговиот правилен развој и вклучување во социјалната средина.

На постар малолетник според ЗМП можат да му се изречат следните алтернативни мерки:

### 7.1. Поим на алтернативни (диверзиони) мерки

Под диверзиони мерки се подразбираат сите оние активности, ситуации на менување од одреден правец како и употреба на одредени дејствија со кои би се овозможило корекција на стореното, надополнување на препуштеното и слично (Anttila I, 1985).

Диверзионите мерки се состојат во давање на овластување на надлежниот јавен обвинител за малолетници кој во соработка со одделот за малолетни престапници при органите за внатрешни работи, ЦСР и други служби, да го ослободат малолетниот сторител или да му одредат примена на соодветни алтернативни мерки кои немаат репресивен карактер и не би довеле до негова стигматизација и етикетирање. Преземањето на споменатите мерки мора да биде во согласност на малолетникот кој бил во судир со законот (Milosavljević M., 2005).

### 7.2. Облици на примена на алтернативните мерки

Постојат два облика за примена на диверзионите мерки. Едниот од нив се нарекува **едноставна диверзија** и истиот има двојна примена. Првиот начин на примена претставува еден процесно правен механизам на социјална контрола на деликвентното однесување на младите кој на јавниот обвинител му дава дискреционо право во поглед на покренување на кривичната постапка. Таквото право на обвинителот се базира врз проценката на оправданост за водење на постапката која

зависи од општествената опасност на стореното дело, околностите под кои истото е сторено, семејно-материјалните прилики на малолетникот и неговите лични својства. Вториот начин на едноставна диверзија се среќава во ситуации кога сторител на делото е малолетник кој во моментот издржува една од постоечкиот репертоар на санкции.

Другиот облик на диверзија се нарекува **диверзија со интервенција** или условен опортунитет. Овој облик на диверзија подразбира опомена или предупредување на полицијата или обвинителството, различни видови на надзор над малолетникот, извршување различни видови општествено корисна работа во корист на заедницата, учество во разни проекти во локалната самоуправа, обештетување на оштетениот, посредување меѓу жртвата и малолетниот сторител на делото, задолжително посетување на одредени курсеви и др. Овој модел на диверзија може да се примени пред да започне судењето, односно да преставува услов истото да не започне (Anttila I, 1985).

Видови алтернативни мерки

**а) Условна осуда со заштитен надзор** која се изрекува во оние случаи кога на малолетникот му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Во случаите кога на малолетникот му е утврдена казна малолетнички затвор и парична казна судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната малолетничи затвор. Оваа алтернативна мерка не може да трае пократко од една ниту подолго од три години. Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски одредени со Законот за малолетничка правда за кои малолетникот е должен да се придржува во времето на проверување кое е регулирано со Правилникот за извршување на стручно-инструкторскиот надзор во извршувањето на алтернативните мерки. Судот може да ја отповика условната осуда ако малолетникот за времето на проверување не ги исполнил наложените обврски или сторил некое кривично дело за кое е утврдена казна затвор во траење подолго од три години.

**б) Условно запирање на постапката** кон малолетникот кој сторил кривично дело за кое е предвидено парична казна или казна затвор до пет години, ако малолетниот се покае за стореното дело, ако ги отстранил последиците на делото, ако ја надоместил штетата и се помирил со оштетениот кој е согласен за прекинување на постапката, под услов во период од две години малолетникот да не стори друго кривично дело.

**в) Општокорисна работа** во траење од 5 до 100 часа како алтернативна мерка судот ја изрекува во случаите кога постариот малолетник сторил кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до 3 години. Целта на оваа мерка е да обезбеди влијание за правилен развој и развивање на личната одговорност кај малолетникот и манифестирање на прифатливи форми на однесување. Надзорот над исполнувањето на обврските го врши ЦСР кој е должен најмалку еднаш месечно да го известува судот за извршувањето на мерката. Начинот на проверување на општо корисната работа е регулирана со Правилникот за видот и условите на извршување на општокорисната работа. Доколку малолетникот не ги исполнува наложените работни обврски судот ќе ја замени оваа мерка со дисциплинска или мерка на засилен надзор (Чл. 57 ЗМП и чл. 91 од КЗ на РМ).

Со алтернативните мерки се овозможува малолетникот да го сочува и понатаму развива емоционалниот и социјалниот контакт со лицата од неизбежната и изборната социјална средина. Со примената на овие мерки малолетникот не е подложен на разните депривации како и на криминалните инфекции што ги создава затворениот систем. Примената на овие мерки му овозможуваат на малолетното лице да ги користи вонинституционалните облици на социјална заштита и помош во заедницата.

Со примена на алтернативните мерки, ретрибутивната се заменува со ресторативна правда која подразбира повторно воспоставување на поранешниот статус и права на жртвата преку одредени конкретни активности од страна на сторителот насочени кон самата жртва (International review of Criminal policy, 1990).

Позитивното законодавство во Србија дава можности за малолетните сторители на кривични дела за кои е пропишана казна затвор до пет години или парична казна, да се применат еден или повеќе воспитни налози од страна на јавниот обвинител или судијата за малолетници. Меѓутоа дали ќе се примени некоја од воспитните обврски (налози) зависи од тоа дали малолетникот го признава делото, како и од неговиот однос кон оштетениот (Обрадовиќ Д. и Милошевиќ Н, 2005).

Од пред малку споменатото произлегува дека воспитните налози доаѓаат предвид само тогаш кога кај малолетникот е развиено чувството за вина и каење за стореното дело.

Позитивните законодавства при изборот на санкцијата треба да се раководат и од искуството од практиката дека благовремената и помалку строгата мерка или казна поттикнуваат манифестирање на прифатливи форми на однесување.

## 8. Санкции кон малолетните сторители на кривични дела

8.1.Карактеристики и цели на кривичните санкции

Една од основните карактеристики на санкциите наменети за малолетните сторители е нивниот плурализам. Бројот и разноврсноста на кривичните санкции овозможува примена на истите кај различни категории на малолетни престапници што отвора широк простор за индивидуализација и нивна адекватна примена.

Изборот на санкцијата во голема мера зависи од личните својства на сторителот и конкретното кривично дело.

Според Kandić Z, (1986) изречената кривична санкција нема за цел освета на државата над поединецот поради извршеното дело туку негово превоспитување и повторно вклучување во општествената средина.

Со други зборови кажано целта на изречената санкција е прифаќање на нормите и вредностите што ги поставува општествената заедница која може да се постигне со корекција на негативните општествени и морални ставови.

Според чл. 39 од КЗ, а и според новодонесениот Закон за Малолетничка правда на РМ при изборот и одмерувањето на санкцијата судот ги зема предвид возраста и зрелоста на малолетникот, неговите лични својства, степенот на пореметувањата во однесувањето, тежината на дејствието што со закон е одредено како кривично дело или прекршок, мотивот од кој е делото сторено, приликите во кои живеел, последиците од таквото дејствие, однесувањето по извршување на делото, а особено дали правел напори да спречи појава на последици, дали ја надоместил штетата, дали претходно бил во судир со законите, од потребите за воспитание, образование и заштита и други околности кои можат да бидат значајни за изрекувањето на онаа мерка со која најдобро ќе се постигне целта.

Токму во тој правец Матевски Н. (2004) укажува дека воспитните мерки како санкции за малолетните лица не се одредуваат сразмерно на делото и кривичната одговорност на малолетникот туку врз основа на неговите посебни психолошки, емоционални, социјални и образовни потреби.

Од пред малку кажаното може да заклучиме дека третманот на ресоцијализација при извршувањето на некоја од изречените санкции има за цел развивање на чувство за вина и каење на малолетникот за стореното дело како и развивање на неговата личната

одговорност врз база на усвојување на вообичаените стандарди и норми утврдени со позитивните законски прописи.

Според КЗ на РМ кон малолетно лице кое во времето на извршување на делото не наполнил 14 години живот не може да му се изрече кривична санкција.

Одредбите кои важат за малолетните лица можат да се применат уште за две категории на сторители: за полнолетните сторители кои делото го сториле како малолетници, а во исклучителни случаи и за помладите полнолетни лица.

Според ЗМП на помлад малолетник може да му се изрече само воспитна мерка додека на постарите покрај воспитна мерка може да им се изрече во исклучителни случаи казна и алтернативни мерки.

## 8.2. Видови на кривични санкации

### 8.2.1. Воспитни мерки

Воспитните мерки се најпопуларните санкции кои се наменети за малолетните сторители на кривични дела. Од останатите санкции се разликуваат како во формална така и во материјална смисла бидејќи првенствено се наменети за давање помош, заштита, различни видови на надзор, како и за развивање на лична одговорност, а сè со цел да се овозможи успешна и ефикасна ресоцијализација на младите кои дошле во судир со законот.

Со Кривичниот законик како и со Законот за малолетничка правда (КЗ и ЗМП во продолжение) воспитните мерки се групирани според својата тежина во три основни категории:

- Дисциплински мерки во кои се вбројуваат: укор и упатување во дисциплински центар.
- Мерки на засилен надзор, кои можат да бидат: од страна на родители-старатели; згрижувачко семејство; и засилен надзор од ЦСР како орган на старателство.
- Заводски воспитни мерки, во кои се вбројуваат: упатување во воспитна установа; упатување во воспитно поправен дом. Времетраењето на оваа мерка не може да биде подолго од 5 години (Чл. 31, ЗМП).

Дисциплинските мерки се наменети за малолетниците чие поведение и лични својства укажуваат дека делата ги сториле од непромисленост, а живеат во такви

семејно-материјални прилики во кои може да се очекува дека целта на воспитните мерки ќе биде остварена без посебна помош или надзор.

Мерките на засилен надзор се применуваат кај оние малолетници кај кои родителите или законските старатели не ја исполнувале социјално-заштитната и воспитната функција во семејството (за кои се обврзани според законот за семејство), а не е потребно негово целосно одвојување од неизбежната лична средина.

Заводските воспитни мерки се изрекуваат на оние малолетници на кои им е потребен поопсежен и долготраен третман за ресоцијализација со издвојување од неизбежната и изборната социјална средина кои негативно влијаеле врз нивниот развој (Stakić Đ. 1991).

Според чл. 81 од КЗ/2004 и чл. 38 од ЗМП/07 година при изрекување на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот на малолетникот може да му одреди една или повеќе **посебни обврски** заради поефикасна реализација на изречената мерка. Обврски кои можат да се изречат од страна на судот се:

- да му се извини на оштетеното лице,
- да ја поправи или надомести штетата предизвикана со кривичното дело,
- редовно да го посетува училиштето,
- да не изостанува од работа и да се оспособува за работа врз основа на неговите интелектуални и физички потенцијали,
- да му забрани употреба на алкохол, дрога и други психотропни супстанци,
- да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште,
- корисно да го користи слободното време,
- да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност,
- да се преквалификува заради задржување на работно место што го има или заради претпоставки за вработување,
- да овозможи увид и совети во распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува,
- да се вклучи во работа на хуманитарна, еколошка, комунална или невладина организација,
- да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува пробите или тренинзите.

Судот на предлог на ЦСР може да ги промени обврските. Исто така судот им укажува на малолетникот, неговите родители или старатели дека доколку не ги

исполнува обврските може да се упати во дисциплински центар или да му се изрече заводска мерка.

Во Србија при изборот на посебните обврски (воспитни налози) надлежниот јавен обвинител и судијата за малолетници треба да ги земат предвид интересите на малолетникот и оштетениот водејќи сметка дека со примената на една или повеќе посебни обврски не се попречи школувањето или професионалното оспособување на малолетникот (Obradović D. и Milošević N., 2005).

### 8.2.2. Казни за малолетни лица

Овие кривични санкции се предвидени за постарите малолетни лица односно лицата кои имаат наполнето 16 години живот. Се изрекуваат поради тешки последици кои настанале со извршување на делото и поради високиот степен на кривична одговорност. Според позитивните законски прописи во Македонија на постарите малолетни лица може да им се изречат следните казни:

- малолетнички затвор
- парична казна
- забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија
- протерување на странец од земјата

Според ЗМП казната малолетнички затвор може да се изрече само како главна казна, додека паричната казна може да се изрече како главна или споредна казна заедно со казната малолетнички затвор или со условната осуда.

Забраната за управување со моторно возило и протерување на странец од земјата исто така можат да бидат изречени како главна или споредна казна (Чл. 43. ЗМП).

Казната малолетнички затвор може да се изрече на постар малолетник кој има висок степен на кривична одговорност за кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 5 години. Времетраењето на казната не може да биде помалку од една ниту повеќе од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година (Чл. 44, ЗМП).

Според истиот член од споменатиот закон по една третина од издржаната казна, но не пред да издржи 6 месеци доколку ефектите од третманот на ресоцијализација се видливи малолетникот може да добие условен отпуст. За време на условниот отпуст

судот му одредува мерка на засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа. Надзорот вобичаено е пократок од условниот отпуст но по потреба може да трае и една година повеќе од завршувањето на условниот отпуст.

8.2.3. Мерки на безбедност

Според КЗ и ЗМП (2007) на РМ на малолетникот на кого му е изречена воспитна мерка или казна судот може да му изрече и некоја од следните мерки на безбедност:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,
- задолжително психијатриско лекување на слобода,
- задолжително лекување на алкохоличари и наркомани,

Мерката задолжително лекување на алкохоличари и наркомани може да се изрече и без изрекување на воспитна мерка или казна.

8.3. Санкции за сторени прекршоци кај малолетните лица

На малолетните сторители на прекршоци може да им се изречат: дисциплинска мерка укор или мерка на засилен надзор од страна на родителите (старателот) или мерки на засилен надзор од страна на ЦСР. Времетраењето на мерката засилен надзор не може да биде пократко од 30 дена ниту подолго од една година. Кон оваа мерка судот може да одреди и задолжително лекување на алкохоличари, наркомани и други посебни обврски предвидени со ЗМП. На постарите малолетни лица покрај споменатите санкции може да им се изрече и глоба не помала од 15 евра и не поголема од 500 евра под условите одредени со Законот за прекршоци.

# 9. Теории на престапничкото однесување

## 9.1. Антрополошка теорија

Оваа теорија вниманието го насочува кон сторителот на делото, укажувајќи на тоа дека деликтот истовремено преставува и индивидуална и социјална реалност која не може да се издвои од структурата на личноста што го извршила делото (Арнаудовски Љ., 2007).

Споменатата теорија извршила особено влијание врз криминолошката мисла кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Ломрозо и неговите следбеници настојувале да

ја објаснат личноста на извршителот како биоконституционален тип, а стореното дело како израз на конституционална настроеност или склоност за вршење на деликти, која склоност се активира или буди под одредени услови во општествената и природната средина.

За да ја докажат наследноста на физичките особини како и поврзаноста меѓу физичките и психичките карактеристики, Niceforo, Morseli, Hageman J. Lange и други автори вршеле опсежни истражувања на близнаци и семејства со криминало досие (Милутиновић М, 1961).

## 9.2. Биолошки теории

а) Расната теорија е посебна варијанта на биолошките теории, бидејќи и таа го објаснува деликвентното однесување со вродените склоности и наследните предиспозиции кај припадниците на одредена раса. Со други зборови оваа теорија расата ја третира како криминоген фактор (Jašović Ž., 1991).

И покрај статистичките показатели дека обемот и порастот кај црнечкото население доаѓа до израз, оваа теорија трпи многу критики како научно неиздржана и апсурдна. На расната теорија и се приговара и се оспорува бидејќи ги отфрла примарните влијанија и причинските врски, а се заснова врз нереални криминогени фактори како што се вродените предиспозиции, наследувањето и расната припадност. Имено познато ни е дека црнците во САД живеат во неадекватни стамбено материјални услови, најголем дел од нив немаат или имаат минимум образование, имаат скромни плати, лоши работни места и слични услови кои го потхрануваат престапничкото однесување. Во Европа (Германија) застапниците на оваа теорија, улогата на расната припадност како криминоген фактор ја објаснувале со доминантното учество на Евреите во кривичните дела како што се зеленаштво, фалсификување и лажниот банкрот (Hentig H., 1959).

б) Ендокрината теорија е една од биолошите теории која девијантното и криминалното однесување го објаснува со пореметувањата во функционирањето на ендокриниот систем. Со други зборови според оваа теорија деликвентното однесување е резултат на нефункционирањето на жлездите со внатрешно лачење поради што се нарушува балансот на одредени хормони во организмот кои се од голема важност за инстиктите и емоционалниот живот на човекот. Поради недоволното или преголемото лачење,

одредени хормони влијаат врз темпераментот, однесувањето и прилагодувањето на човекот (Сулејманов З., 2000).

Во последните децении на оваа теорија не и се придава значење бидејќи истражувањата покажале дека меѓу осудените лица и лицата на слобода нема разлики во поглед на функционирањето на ендокриниот систем и пореметувањата во метаболизмот (Milutinović M., 1988).

в)Теорија на хромозомски абнормалности – ја објаснува врската меѓу гените и деликвентното однесување. Според оваа теорија вишокот на Y хромозом доведува до нумеричка абнормалност во кариотипот на мажите така што наместо нормален имаме 46 XYY кариотип. Овие лица покажуваат склоност кон висок раст и деликвентно однесување (посебно сексуални деликти, кражби и убиства). Жените кои имаат вишок на X хромозом добиваат кариотип 46 XX и истите имаат поголеми предиспозиции за ментални пореметувања и клептоманија (Bošković, M. 1995).

Споменатите кариотипи се 50-70% повеќе присутни кај популацијата на осудени отколку кај неделиквентните истражувачки групи. Меѓутоа мора да се има предвид дека преваленцијата на ова хромозомска аберација е присутна само кај 1-2% престапници од машкиот пол (Ačimović M.,1977).

Исто така истражувањата на Jacobs и неговите соработници укажуваат дека меѓу популацијата која се занимавала со инкриминирани активности сразмерно поголем е бројот на лицата со кариотип XYY отколку кај лицата кои не биле во судир со законите (Jacobs P. A., Melville B. M., Brittain M. M., Mc Clemont R. P., 1965).

Брунер и неговите соработници во своите истражувања за влијанието на генетскиот фактор врз криминалното однесување констатирале една ретка мутација на ген кој се наоѓа на X хромозомот, а ја контролира синтезата на ензимот моноамин оксидаза кој е вклучен во метаболизмот на важни трансмитери во мозокот. Споменатата мутација доведува до отсуство на MAO-A ензимот што резултира со синдром на гранична ментална ретардација, пироманство и инкриминирани активности против половата слобода (Brunner H.G, et. al. 1993).

Според резултатите од повеќе истражувања, недостатокот на MAO-A ензимот задолжително не доведува до пореметувања во однесувањето, со други зборови кажано постои голем дел од популацијата со тој недостаток кои се просоцијално усмерени односно не отстапуваат од стандардното и вообичаено однесување во средината каде што живеат (Трајковски В., 2004).

## 9.3. Биосоцијални теории

Под влијание на критиките на биолошките, антрополошките и психопатолошките сфаќања како и поради сè посилните сознанија за детерминантите на деликвентното однесување еден број застапници на споменатите учења сè повеќе го респектирале и влијанието на социјалната средина. На тој начин се појавиле и развивале и т.н. **биосоцијални теории** според кои деликвентното однесување е условено од биолошките и факторите на општествената средина (Jašović Ž, 1991).

Според застапниците на оваа теорија деликвентното однесување преставува биосоцијална појава. Според Laignel-La Vastin и Stanciu V. (1964) за поефикасно појмовно одредување на деликвенцијата како индивидуална појава неопходно е познавање на биолошките и на социолошките чинители бидејќи социјалната средина и наследството се во меѓусебно влијание.

Оваа теорија во осумдесетите години ја развил Cloninger R. со своите соработници. Тие дошле до констатација дека трите наследни и основни црти на личноста: потребата од новини, зависноста од наградување или поткрепување и избегнувањето на траумите се тесно поврзани со системите на ЦНС за активација, одржување и инхибиција на однесувањето кои се модулираат преку допаминот, норадреналинот и сератонинот (Švrakić D, 1989).

## 9.4. Психолошки теории

Оваа група на теории произлегуваат од социјалната медицина, а настанале како резултат на критиките на биолошките учења за престапничкото однесување.

Застапниците на психолошките теории во објаснувањето на престапникот и деликвентната активност тргнуваат од психичките својства и влијанија, додека општествените фактори и услови ги ставаат во втор план. Најзначајни психолошки теории и учења кои оствариле силно влијание во областа на етиологијата на малолетничката деликвенција се следните: психоаналитичка теорија, теорија на неприлагоденост, теорија на интелегенција, теорија на фрустрација, теорија на условување.

а) Психоаналитичка теорија

Постојат различни варијанти на оваа теорија кои во основа не се разликуваат. Заедничко за сите теории од оваа област е тоа што во објаснувањето на престапничкото однесување тргнуваат од потсвесните сили и нагони и ставот дека криминалното

поведение се јавува како последица на разни конфликти кои настануваат врз база на делувањето на неконтролирани психички сили, при што поединицетот не е свесен за неговите честопати скриени намери. Токму поради тоа поимот несвесно зазема централно место во сите варијанти на психоаналитичката теорија воопшто, а особено во нивното објаснување на криминалитетот. Според сите варијанти на оваа теорија, секој поединец во себе носи потсвесни импулси и нагони за недозволено и опасно однесување, што го доведува во судир со законските норми и прифатените општествени вредности и стандарди. Дали поединецот ќе се однесува инкриминирано зависи од неговата самоконтрола која се стекнува и развива во процесот на воспитување. Потиснатата сексуална желба, чувството на инфериорност и сл., неадекватно социјализираната личност ги компензира со недозволени и противправни активности (Milutinović M., 1988).

За подобро разбирање на несвесното и неговото делување или причинување на недозволени и противправни дејствија, од особено значење е да се познава структурата на личноста, нејзината динамика и развој (Jašović, Ž. 1991).

Според Фројд, структурата на личноста е составена од три дела ID, EGO и SUPER-EGO. **ID** или ОНО е потсистем на личноста кој е составен од вродени инстикти од кои потекнува целокупната биолошка и психичка енергија кај човекот. ID секогаш настојува да ги задоволи своите потреби отфрлајќи ги принципите, нормите и вредностите што ги воспоставила општествената заедница (Н. Рот, Психологија личности, Завод ѕа уџбенике и наставна средства, Београд, 1981).

Во рамките на ID Фројд разликува две групи на инстикти или нагони. Првата група го сочинуваат нагоните за живот (eros) во кој ги вбројуваме нагонот за глад, жед и сексуалните инстикти кои служат за продолжување на човековата врста. Друга група на нагони се инстиктите на смрт (tanatos) кои се извори на склоност на луѓето кон агресија, разорување, убиства, прогони и сл. (Н. Рот, 1981).

Друга компонента од структурата на личноста е EGO или JAC, чија главна активност се состои во т.н. секундарни процеси како што се перцепциите, кои ни овозможуваат да ги воочуваме и разликуваме различните објекти кои можат да ни помогнат во задоволувањето и реалното мислење кое ни помага да ги процениме најпогодните начини за остварување на потребите и желбите. Егото тежнее да ги задоволи потребите кои доаѓаат од ID, раководејќи се според принципот на реалност, а не според принципот на задоволство. Поради наведеното, егото се нарекува разумен слуга на еден силен неразумен господар. Без ID не би постоел EGO и неговата

функција. Егото е компонента која посредува меѓу потребите на ID и барањата на SUPER-EGO (Рот Н., 1981).

Третиот дел од структурата на личноста се вика SUPER-EGO и него го сочинуваат систем на норми, принципи, вредности и стандарди на одредено општество што ги усвоила личноста. Оваа компонента на личноста претставува механизам за контрола и надзор во задоволувањето на потребите кои доаѓаат од ID. Со други зборови суперегото врши цензура, ги канализира и насочува силите на ид кон општествено прифатлив начин на задоволување на потребите (Рот Н., 1981).

Според психоаналитичката теорија кај секој поединец постојат вродени инстикти со криминални тенденции. Дали таквите тенденции ќе се манифестираат зависи од степенот на развиеност на ego-то чија функција е да ги усклади потребите на id-от со реалноста, а особено од развиеноста на SUPER-EGO–то како контролен механизам кој има задача однесувањето на поединецот да го усклади со воспоставените норми и стандарди на општествената заедница. Од кажаното произлегува дека веројатноста да се манифестира пореметувања во однесувањето е помала доколку EGO –то како свесна личност и SUPER-EGO-то како социјализирана личност се поразвиени.

Развиеноста пак на овие две компоненти зависи од тоа како детето ги прилагодувало своите инстикти во најраната возраст, модифицирал или потиснувал согласно барањата што ги поставувала неизбежната и случајната социјална средина, при што одлучувачка улога имала идентификацијата со родителите и наставниците. Овој пристап во објаснувањето на деликвентното однесување го користеле следбениците на S. Freud и тоа пред сè Adler, Jung, F. Aleksandar, P. Štaub, Abraham, Štekel, Ajhorn и др. (Jašović Ž., 1991).

б) Теорија на интелигенцијата

Голем број на автори сметаат дека интелектуалниот дефицит е еден од најзначајните фактори кои доведуваат до престапничко однесување. Според оваа теорија престапнички се однесуваат недоволно интелигентните и слабоумните лица кои не се во состојба да ја сфатат тежината и опасноста на своите постапки, ниту пак се свесни за можните последици кои се јавуваат како резултат на преземените активности. Научните сознанија од првобитните истражувања укажувале дека меѓу деликвентите има значително поголем процент на помалку интелегентни, па и слабоумни лица. Бројот на лица со интелектуален дефицит во деликвентната популација во некои истражувања достигнувал до 50% (Jašović Ž., 1991).

Друга варијанта на оваа теорија, престапничкото однесување го објаснува со ниското образовно ниво, кое пак е последица на низок коефициент на интелегенција. (Bošković M., 1995). Меѓутоа други автори укажуваат на тоа дека ниското образовно ниво на деликвентите не е исклучително последица на интелектуалниот дефицит, туку може и најчесто е резултат на взаемно дејство на ред други психолошки, здравствени и социјални услови и влијанија (Jašović, Ž. 1991).

Таквите и слични резултати подоцна се покажале како нерелевантни бидејќи биле користени непрецизни мерни инструменти. Резултатите од поновите истражувања, реализирани со посовремени мерни инструменти за мерење на интелегенција покажаа дека разликите во IQ меѓу деликвентите и неделиквентите се незначителни, поради што степенот на интелегенција не може да се смета за значаен генерален криминоген фактор. Група автори пак укажуваат на тоа дека меѓу чесните граѓани има сторители на кривични дела кои благодарејќи на својата интелигенција ја избегнале интервенцијата на органите на прогонот (Jašović Ž.1991).

Резултатите од поновите истражувања укажуваат дека интелегенцијата сама по себе не може да биде криминоген фактор, туку дејствува криминогено заедно со други психолошки и социјални чинители (Wooton B., 1959).

Од досега кажаното може да се заклучи дека интелектуалниот дефицит го оневозможува адекватното проценување на разни животни ситуации, па и ризици кои водат кон вршење на инкриминирани активности. Но тој не може да биде најзначаен фактор, а уште помалку и единствен фактор за престапничкото однесување.

в) Теорија на неприлагоденост

Неспособноста на поединецот да се прилагоди и адаптира на дадените социјални услови или, подецидно кажано на утврдениот систем на норми и вредности, претставува главна причина за манифестирање на криминалитет и разни социјално-патолошки појави (Milutinović M., 1988).

Според оваа теорија престапници се оние лица кои несоодветно се интегрирани и адаптирани на процесите, односите и на системот на вредности во дадената општествена заедница. Причините за неинтегрираноста или неспособноста за адаптирање во дадените социјални прилики, претставниците на оваа теорија ги гледаат во психичките својства на личноста (Jašović, Ž. 1991).

Поради неспособноста да се прилагоди на дадените социјални прилики, личноста бира недозволени средства и методи при задоволувањето на сопствените

желби и мотиви. Според Арнаудовски (2007) корените на неприлагоденоста не треба да се бараат само во психичките својства на личноста туку и во многубројните општествени, економски, политички, социо-културни и други фактори кои го дезорганизираат општеството и ја отежнуваат интеграцијата на отуѓениот човек.

Од споменатото произлегува дека потеклото на неприлагоденоста може да ја видиме и во општествената дезорганизација, а не само од психичките карактеристики на личноста (Сулејманов, З. 2000).

г) Теорија на фрустрации

Оваа теорија според својата содржина се надоврзува на психоаналитичката теорија бидејќи во објаснувањето на престапничкото однесување тргнува од фрустрацијата како посебна психичка состојба во која личноста е спречена или оневозможена во задоволувањето на различни социјалните потреби, желби и мотиви.

Незадоволувањето на примарните психолошки потреби (љубов, заштита, сигурност, припадност и др.) посебната наклонетост и неоправданото форсирање и привилегирање на некого и слични ситуации во развојниот период, создаваат травматични состојби кои продуцираат агресивни реакции, кои не ретко се манифестираат како криминално однесување (From E., 1976).

Ако се земе предвид дека извори на фрустрација можат да бидат и општествени фактори, оваа теорија според некои автори има социјално-психолошки карактер (Petrović M., 1973).

Деструктивната агресивност е последица на неправилното усмерување на животната енергија кај децата и младите. Причините за таквата агресивност лежат во детското доживување на надворешниот свет, кое е резултат на неправилниот однос на потесната, а понекогаш и пошироката социјална средина (Bregant Milona, 1968).

На оваа теорија и се приговара бидејќи, агресијата не се јавува само како последица на фрустрација, туку и поради тоа што не секоја фрустрација резултира со агресија. Имено постојат и други форми на манифестација на фрустрацијата како што се менување на полето на интерес, вложување на поголеми напори да се постигне целта, повлекување во себе, разочарување и сл. Дали фрустрацијата ќе продуцира агресивност ќе зависи од тоа дали истата е легитимна и доволно силна. Доколку е оправдана и недоволно силна, веројатноста една индивидуа да реагира агресивно е многу мала и обратно – нелигитимните и силни фрустрации продуцираат бес, омраза, непријателство, а не ретко и агресија врз изворот на фрустрација (Лазаровски Ј., 1997).

д) Теорија на условувањето

Оваа теорија има бихејвиористичка основа, а развиена е од страна на англискиот психолог J. H. Eysenck. Според овој автор како што наведува Јашовиќ, деликвентите се емоционално нестабилни екстравертни личности. Нестабилноста која честопати има и психопатски карактер го детерминира нивното деликвентно однесување. Причините за деликвентното однесување, преставниците на оваа теорија ги објаснуваат со условниот рефлекс на личноста, што се јавува како последица на посебни структури на нервниот систем. Многу активности на деликвентите според Еусенк како да потекнуваат од физиолошката глад за стимулуси, од досада и посебната желбата да се изложат на ризични ситуации.

Другиот облик на поврзаноста на екстравертноста со деликвентното однесување се остварува преку совеста, за која Еусенк смета дека е условен рефлекс кој се добива со тренинг. Совеста, како регулатор на однесувањето кај екстравертните личности, многу тешко се формира бидејќи емоционално нестабилните и екстравертни личности тешко се условуваат (Jašović Ž., 1991).

Неспособноста за условување е главната причина за непочитување и кршење на законските одредби и обичаите воопшто. Со други зборови престапниците се лица кои во развојниот период не научиле и не усвоиле норми на стандардно и вообичаено однесување (Janković I., Pešić V., 1981).

## 9.5. Психопатолошки теории

Овие теории по својата суштина се мошне блиски на биолошките и антрополошките учења за престапничкото однесување и истите се развиени главно од страна на психијатрите P. Despin, M. Zilboord, Ph. Pinel, H. Guddard, Eskirol, Benedict A. Morel, и др. (Сулејманов З., 2000). Според застапниците на оваа теорија менталните и емоционалните пореметувања се значајни причини за криминалното однесување (Janković I., Pešić V., 1981).

На овие теории им се приговара поради тоа што при научното докажување е констатирано дека психолошките абнормалности се присутни главно кај оние престапници кои сториле потешки деликти. Со други зборови кај лицата осудени на кратки казни лишување од слобода изостануваат психичките пореметувања (Сулејманов З., 2000).

## 9.6. Социолошки теории

Наспроти биолошките, антрополошките, психопатолошките и психолошките учења кои во внатрешните т.н. ендогени фактори ги гледаат главните одлучувачки причини за деликвентното однесување социолошките теории, причините за таквото однесување ги гледаат во факторите на природната и социјалната средина односно ја истакнуваат општествената условеност на антисоцијалните однесувања.

Егзогените фактори потекнуваат од социјалната или природната средина поради што социолошките теории се делат на две групи, од кои едните придаваат особено но не и одлучувачко значење на природните услови и влијанија (климатските и географските фактори) и други кои во прв план го истакнуваат влијанието на општествената средина (Jašović, Ž. 1991).

а)Теорија на аномија е една од најразвиените, највлијателните и најзначајните социолошки теории која поаѓа од претпоставката дека присуството на легитимните цели кои не можат да се задоволат на конформистички начин ја присилуваат личноста на девијантно однесување (Hrnčić J. 1999).

Поставените постулати на оваа теорија ги разработува и модифицира R. Merton кој станува нејзин најистакнат претставник.

Според Durkheim, основоположник на оваа теорија причините за криминалното однесување лежат во пореметувањата на општетвената рамнотежа. Таквата состојба Durkheim ја нарекува аномија и истата се карактеризира со безаконие, непостоење на норми и дезорганизација (Jašović Ž. 1991).

Индивидуата која отстапува во однесувањето и прифаќањето на општествените цели повеќето автори ја нарекуваат аномична. За аномична се смета личноста која е без иднина, минато и со морална празнина (Mc Slosky., Chaar J., 1965).

Со други зборови, аномија преставува пореметувања или слабеење на регулаторската функција на општеството (Špadijer Džinić., J. 1988).

Состојбата на дезорганизација и неред настанува поради брзите општествени, политички промени, одредени економски кризи, трансформација на општествениот капитал и слични состојби кои ги ослабнуваат механизмите и инструментите преку кои зедницата ги остварува своите функции (Jašović Ž. 1991).

Според Мертон легитимните средства за постигнување на општествено прифатените културни цели не се подеднакво достапни за сите членови на општеството. Достапноста на таквите средства зависи од положбата на луѓето во општествената

заедница. Според Cloward и нелегитимните (недозволените) средства не се подеднакво достапни за сите граѓани, односно и овде достапноста зависи од статусот на луѓето во општествената заедница (Špadijer Džinić., J. 1988).

Врз основа на прифаќањето или отфрлањето на културните цели, како и изборот на дозволени или недозволени средства за нивно остварување, Merton ја дава класификацијата на прилагодување и општествено однесување на личноста во дадени социјални услови.

Конформизмот е најприфатлив, најдобар начин на однесување во состојба на аномија, бидејќи ги прифаќа културните цели и дозволените средствата за нивно остварување. Како однесување конформизмот е најраспространет во релативно економски и политичките стабилни држави.

Иновацијата како облик на прилагодување подразбира прифаќање на општествените цели и вредности, но во остварувањето на истите користи недозволени (нелегитимни) средства. Делинквенцијата е типичен пример за овој вид однесување, бидејќи во остварувањето на материјалното благо младите се користат со институционално забранети средства (Đurić M., 1961).

Ритуализам е исто така индивидуална адаптација која подразбира напуштање на културните цели, материјалниот успех и општественото напредување или пак нивното значење се намалува до таа мера што стремежите на поединецот можат да бидат задоволени. Кај овој вид однесување, и покрај неприфаќањето на културните цели и напредувањето во животот, индивидуата се придржува за дозволеното и истото не може да се смета за девијантно. Но и покрај споменатото, ритуализмот како облик на однесување се смета за културно непожелно бидејќи отстапува од културниот модел, според кој човекот треба да се стреми да напредува во општествената хиерархија.

Повлекување или ретреатизам е веројатно најредок вид на индивидуална адаптација. Кај овој вид на однесување имаме отфрлање на културните цели и општествени вредности и на дозволените средства за нивно остварување.Тука најчесто се вбројуваат: скитањето, алкохолизмот и наркоманијата.

Бунтовништво како облик на однесување во состојба на аномија подразбира отфрлање на прифатените културни цели и средствата за нивно постигнување. Но овде поединецот бара да се воспостават нови цели, средства и начини за нивно остварување. Тука гледаме напори за промена на постојната општествена структура, а не настојување за адаптирање во рамките на дадената културна структура (Merton, 1969). Според Hirschi постулатите на Мертоновата теорија не се научно потврдени и теориски

развиени и тие повеќе го прикажуваат исходот отколку процесот на таквата состојба (Hirschi T., 1972).

И покрај влијанието што го оставила оваа теорија во објаснувањето на деликвентното однесување, на неа и се упатуваат разни забелешки и критики во смисла на нејзината ограниченост. Според Тодоровиќ, Мертоновата теорија не ги зема предвид елементите на општествената инфраструктура во која треба да се бараат причините за престапничкото однесување на социјално загрозените слоеви. Според истиот автор не е прифатливо и објаснувањето дека ниските и сиромашни слоеви тежнеат да ги достигнат стандардите на живот на високите класи, па поради недостапноста на легитимните средства се доаѓа до состојба на аномија што резултира со криминалитет. Имено аспирациите на пониските и социјално загрозените слоеви се состојат во задоволување на секојдневните и елементарни човечки потреби (Todorović A., 1971).

б) Теорија на диференцијална асоцијација и идентификација е мошне познато учење за престапничкото однесување кое настанало под влијание на социјалните теории. Оваа теорија ја формулирал и развивал американскиот социолог Edwin Sutherland. Основни постулати на ова учење за криминалитетот кај младите се: 1) криминалното однесување е стекната - научена активност; 2) таквото однесување е научено во интеракција со други луѓе во процесот на комуникација; 3) најголем дел од таквото учење се одвива и остварува во интимни лични групи како што се семејството, врсниците и др; 4) ова учење вклучува усвојување техники за вршење на деликти како и усмерување на мотивите, нагонот, ставовите и рационализацијата; 5) до таква специфична мотивација може да дојде само ако во интимните лични групи, каде поединецот припаѓа, преовладуваат престапничките модели на однесување во однос на просоцијалните или антипрестапничките; 6) личноста станува престапник поради преовладување на одредбите во прилог на кршење на законите во однос на дефинициите кои не се во судир со законите; 7) до деликвентно однесување ќе дојде кога зачестеност, траење, интензитет и приоритет ќе имаат престапничките асоцијации во однос на антипрестапничките; 8) процесот на учење на криминалното однесување ѓи опфаќа сите механизми кои се содржани во било кое учење; 9) криминалното однесување, иако се јавува како резултат на општите потреби и вредности, не може да се објасни со таквите потреби бидејќи и просоцијалното неинкриминирано однесување е израз на тие исти потреби и вредности. Со други зборови, криминалците крадат за да дојдат до

пари и поудобен живот, но и поштените луѓе се стремат за пари и подобар живот но истото го остаруваат преку труд (Sutherland E., Cressey D., 1966).

Теоријата на Sutherland е преиначена и дополнета со воведување на категоријата диференцијална идентификација од страна на D. Glasera. Според овој автор поединецот ќе се однесува деликвентно доколку се идентификува со лицата кои одобруваат или сами вршат криминални акти (Glaser D., 1956).

в) Теорија на супкултура и контракултура

Ова теорија е формулирана во трисеттите години од страна на американскиот социолог Torsten Selin кој во своето дело „Културни норми и криминалитет" го објаснува судирот на конфликтни норми меѓу различни културни системи (конфликти од примарен карактер) како и судирите кои настануваат во иста култура меѓу различни општествени групи со различни сфаќања, вредности, односи, ставови и сл. Последните се нарекуваат конфликти од секундарен карактер и истите претставуваат главен извор на конфликти и состојби што доведуваат до криминал (Арнаудовски Љ, 2007).

Со помош на овие судири многу американски автори се обиделе да го објаснат криминалитетот кај популацијата што имигрира и емигрира, криминалитетот кај младите кој се јавува како резултат на различни начини на воспитување во семејството и надвор од него во поширокатa средина, криминалитетот на домородците и доселениците и другите општествени групи. Поради различните норми и сфери на влијание со оваа теорија се објаснувале и конфликтните судири меѓу бандите и семејствата кои се занимавале со организиран криминал (Miller B, 1958).

Според оваа теорија престапничкото однесување кај децата и младите припадници на пониските класи се јавува како резултат на изложеноста на противречните влијанија и тоа: од една страна, културата и системот на вредности што ги наметнува средната класа како доминантна култура, на која и се подредени целокупниот апарат на моќ и влијание, па и самиот воспитно-образовен систем, и од друга страна културата и вредносните на сопствената класа чии можности за постигнување на повисок социјален статус објективно гледано се недоволни. Со други зборови младите припадници на пониските слоеви трпат секојдневно влијание од својата класа која помалку инсистира на вредностите и нормите што ги поставува доминантната група (успех, економска независност, професионално напредувње, углед и сл.), а повеќе е преокупирана со задоволувањето на секојднвните потреби од егзистенцијална природа. Поради неможноста за постигнување на повисок социјален

статус и економска сигурност, кај младите сѐ повеке се јавува незадоволство, фрустрација, непријателство и агресивност кон отфрлените културни норми и вредности на средната класа како доминантна општествена група. Во обидите да постигнат социјална и економска сигурност овие млади се здружуваат со други слични на нив, кои имаат исти или слични проблеми во прилагодувањето поради што настануваат малолетничките банди, кои имат своја супкултура која се карактеризира со взаемна солидарност, другарство, искреност, припадност, слични чувства и др. (Jašović Ž, 1991).

Посебна варијанта на оваа група на теории е **теоријата на културен расчекор** која го објаснува деликвентното однесување, не како судир меѓу различни групи, туку како резултат на брзината на менување на општествените вредности (Сулејманов З., 2000).

г) Теорија на социјален интеракционизам и стигматизација

Споменатата теорија се јавува во седумдесеттите години од минатиот век . Во криминолошката и социолошката литература е позната и како **теорија на етикетира-ње,** а до израз доаѓа на VII Меѓународен конгрес за криминологија, одржан во Белград 1973 година.

Со нормите и правилата со кои доминантната општествена група ги уредува односите меѓу различните групи и институциите се одредува кое однесување е девијантно, а кое општествено прифатливо. Однесувањата на поединиците не се сами по себе девијантни, туку тие стануваат такви тогаш кога се кршат правилата што ги поставила доминантната општествена група преку системот на контрола и моќ. Според мислењето на социолозите од оваа ориентација, девијантноста не е некој посебен квалитет што индивидуата го извршила, туку последица на тоа што доминантната група ги применува правилата и санкциите врз нив. Со други зборови деликвент е оној на кого оваа етикета е успешно применета, а девијантно е она однесување кое луѓето така го етикетираат (Becker H., 1963).

Според оваа социолошка ориентација значајна карактеристика е тоа што девијантноста се смета за интерактивен процес во кој учествуваат две функционално поврзани групи. Со други зборови кажано изворот на девијација лежи во интеракција меѓу лицата кои се сторители на делата и оние кои реагираат на тоа дело. Првите се оние кои ги кршат вообичаените стандарди и норми во заедницата поставени од доминантната општествената група додека вторите се оние кои ги почитуваат

правилата и стандардите односно група која има доминантна политичка и економска позиција во општеството што им дава за право да вршат рецензија на однесувањето на првата група (Shogam S., 1973).

### 9.6.1. Останати социолошки теории

Покрај споменатите социолошки теории постојат и други учења кои причините за престапничкото однесување ги гледаат во факторите на природната и социјалната средина односно ја истакнуваат општествената условеност на антисоцијалните однесувања.

а) Теорија на социјална контрола

Преставниците на оаа теорија се Hirschi T., Nye Ivan, Seydlitz во објаснувањето на престапничкото однесување тргнуваат од прашањето зошто луѓето не вршат кривични дела, а не зошто ги вршат. Според Hirschi секоја индивидуа може да стори деликт, но најголемиот дел од луѓето тоа не го прават бидејќи се спречени од релациите што ги имаат воспоставено со општествената заедница. Поголем дел од членовите на одредена заедница ги прифаќаат вообичаените стандарди и норми на однесување, поради што се воздржуваат од нивно кршење заради задоволување на своите социјални мотиви (Hirschi T., 1972).

б) Теоријата на моќ и контрола директно го проучува феноменот на полови разлики во деликвентното однесување. Ова теорија е реформулирана од Haggan J. и неговите соработници кои поаѓаат од претпоставките дека класните односи во семејството влијаат врз социјалната контрола на децата од различен пол. Имено мајката во патријархалните семејства, каде моќта на мажот е поголема, ги контролира повеќе ќерките отколку синовите, а тоа значи дека социјалната контрола во таквите семејства не е балансирана. Со други зборови како резултат на односот на моќта меѓу родителите имаме различен степен на слобода кај машките и женските деца. Женските деца се учат главно да бидат пасивни и да не влегуваат во ризик (Haggan J., Simpson J., Gillis A. R., Class in the Household: A Power-Control Theory of Gender and Delinquency, American Journal of Sociology, 92/4).

в) Теоријата на општествени групи престапничкото однесување го гледа во влијанието на културните системи, вредности и ставови на одредени микро и глобални општес-

твените групи. Имено разни општествени групи преку својот систем на норми во процесот на меѓусебната комуникација вршат одредено влијание врз однесувањето на своите членови. Конфликтните ситуации настануваат поради различните норми и стандарди на поедини групи на кои поединецот истовремено им припаѓа (Milutinović M., 1988).

г) Теоријата на општествена дезорганизација

Главни застапници се: Сатерленд, Елиот и Коен. Оваа теорија се јавува во различни варијанти кои се формираат врз основа на различните сфаќања на поимот општествена дезорганизација. Оваа теорија го поврзува криминалитетот со големите општествени и економски промени, со недостаток на согласност во општествената група, со конфликтите, неизедначениот културен развој, нефункциоирањето на разните форми на општествена контрола (Milutinović M, 1988). И покрај разликите во сфаќањето на поимот општествена дезорганизација повеќето автори истакнуваат дека не постои хармонична општествена организација. Според Френсис и Елиот во социјалната средина не постои хармонично усогласување меѓу индивидуалните и општествените ставови туку континуиран процес на дезорганизација која го одразува степенот на тие несогласувања (Elliot M. and Merrill F. 1934).

# II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

***1. Предмет на истражувањето*** во трудот се малолетните лица кои манифестираат престапничко однесување.

## *2. Цел на истражувањето*

Да се дојде до најнови сознанија за обемот, стапката, динамиката и структурата на престапничкото однесување кај малолетните лица.

***2.1. Посебна цел:*** да се утврди учеството на малолетните лица со интелектуален дефицит во вкупниот малолетнички криминалитет.

## *3. Задачи на истражувањето:*

- Да се утврди обемот и феноменологијата на асоцијално однесување кај малолетниците
- Да се утврди обемот и структурата на прекршоците кај малолетните лица
- Да се утврди обемот, динамиката и структурата на малолетничкиот криминалитет
- Да се утврди учеството на малолетните лица во вкупниот криминалитет
- Да се утврди учеството на малолетните лица со интелектуален дефицит во малолетничкиот криминалитет
- Да се утврди кои санкции се најприменувани кај малолетните лица
- Да се утврди кога за првпат малолетниците дошле во судир со законот
- Да се утврди рецидивизмот кај осудените малолетни лица
- Да се утврди криминалитетот со елементи на насилство кај малолетните лица
- Да се утврди криминалитетот според полот
- Да се утврди криминалитетот кај малолетните лица според возраста
- Да се утврди работниот статус на родителите
- Да се утврди образовната структура на осудените малолетници
- Да се утврди времетраењето на постапката кај малолетниците
- Да се утврди примената на мерката притвор кај малолетниците
- Да се направи споредба на малолетничкиот криминалитет во Македонија со криминалитетот на малолетните лица во Србија, Хрватска, Бугарија

Варијабли на истражувањето

Во истражувањето се испитувани следните варијабли: пол; возраст; обем; динамика и структура на асоцијално, прекршајно и криминално однесување, степен на образование; IQ; времетраење на постапката; притвор; повтор; санкции; етничка припадност; време кога првпат дошле во судир со законот и начинот на извршување на кривичното дело. Варијабли поврзани за семејството; образование на родителите; работен статус на родителите; материјални прилики;

Варијаблите: коефициент на интелегенција (IQ), рецидивизмот, времето кога првпат дошле во судир со законот и образовната структура на родителите се испитувани кај малолетните лица кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор.

## *4. Хипотези на истражувањето*

- *Надлежните институции немаат адекватен пристап во третирањето на асоцијалното однесување кај малолетните лица*
- *Бегањето од дома и непосетување на училиште се најчести облици на асоцијално однесување*
- *Прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот и прекршоците против јавниот ред и мир доминираат во прекршочното однесување кај малолетните престапници*
- *Малолетните лица за разлоика од нивните врсници во Србија, Хрватска и Бугарија имаат поголемо учество во вкупниот криминалитет*
- *Малолетните лица имаат поголема стапка на криминалитет од возрасните сторители на кривични дела*
- *Кај малолетниците доминираат кривичните дела од имотна природа*
- *Малолетните лица најчесто вршат кривичните дела во соучесништво*
- *Малолетните сторители на кривични дела имаат низок степен на образование*
- *Мерките на засилен надзор се најчесто применувани санкции*
- *Процентуалната застапеност на женските малолетни лица во малолетничкиот криминалитет е многу мала*
- *Постапката кај малолетните сторители на кривични дела предолго трае*

- *Голем број од малолетните делинквенти пред извршувањето на делото биле консументи на алкохол и/или дрога и психотропни супстанци*
- *Поголем број од малолетниците на кои им е изречена заводска мерка или казна малолетнички затвор се рецидивисти*
- *Поголемиот број од малолетниците кои се на извршување на заводска мерка или казна малолетнички затвор имат интелектуален дефицит*
- *Најголем број на малолетници на кои им е изречена заводска мерка или казна затвор во судир со законот дошле пред да наполнат 14 години*
- *Поголемиот број од малолетниците потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус*

## 5. Методологија на истражувањето

### 5.1. Методи на истражувањето

Во истражувањето ќе се користи дескриптивниот метод како и методот на теоретска анализа и компарација, со цел да се опишат обемот, динамиката, структурата на престапничкото однесување кај малолетните лица.

### 5.2. Техники на истражување:

*Анализа на содржина на готови документи* е основна постапка во собирањето на податоците од истражувањето.

### 5.3. Инструменти на истражувањето:

- Персонално досие на осудените лица (матични и евиденционо листови на осудените; судски пресуди; наоди и мислења на ЦСР; Извештаи од други пенитерсиерни установи)
- Стручно досие на осудените малолетни лица (извештаи од стручните тимови и групните воспитачи)
- судски извештаи обработени во статистичките прегледи на Државниот завод за статистика; Матични и евиденциони листови на осудените малолетници во пенитерсиерните установи како и стручните наоди и мислења на Центрите за социјална работа.

### *5.4. Обработка на податоците*

Во истражувањето применивме квантитативна и квалитативна обработка на податоците. Квалитативната анализа е користена за да се дојде до структурата на асоцијалното и прекршајното однесување и криминалитетот кај малолетните лица. Квантитативната анализа ја применивме при обработка на мерливите податоци со аритметичка средина и процентуална фреквенција. Заради подобра прегледност резултатите од истражувањето се прикажани на текстуален, графички и табеларен начин.

## *6. Примерок*

- пријавени, обвинети и осудени малолетни лица во периодот од 1998-2007 г.
- малолетни лица кои се на издржување воспитна мерка упатување во ВПД
- малолетни лица кои се на издржување казна малолетнички затвор

# III. Анализа и дискусија на резултатите

## 1. Асоцијално однесување кај малолетните лица

Табела бр. 1 Асоцијално однесување според возраста во Бугарија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Деца од 8-13** | N | 3564 | 3489 | 3631 | 3880 | 4038 | 3297 | 3142 | 2431 |
| | % | 34,6 | 33,8 | 32,8 | 29,4 | 30,3 | 26,6 | 29,2 | 25,2 |
| **Малолетници 14-17 години** | **N** | 6741 | 6833 | 7439 | 9316 | 9305 | 9110 | 7623 | 7220 |
| | **%** | 65,4 | 66,2 | 67,2 | 70,6 | 69,7 | 73,4 | 70,8 | 74,8 |
| **Вкупно** | **N** | **10305** | **10322** | **11070** | **13196** | **13343** | **12407** | **10765** | **9651** |

Според Специјалните служби за превенција на криминалот и асоцијалното однесување во Бугарија 30,2 % од вкупниот број на регистрирани асоцијални однесувања во периодот од 2000 до 2007 манифестирани се од страна на деца на возраст од 8 до 13 години а останатите 69,8% се манифестирани од малолетните лица.

Слика бр. 1 Асоцијално однесување според возраста во Бугарија




Табела бр. 2 Асоцијално однесување кај малолетните лица според полот во Бугарија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | **N** | 5023 | 5176 | 5264 | 7115 | 7136 | 6292 | 5451 | 5188 |
| | **%** | 74,5 | 75,8 | 70,8 | 76,4 | 77,0 | 69,0 | 71,5 | 71,9 |
| **Женски** | **N** | 1718 | 1657 | 2175 | 2201 | 2169 | 2818 | 2172 | 2032 |
| | **%** | 25,5 | 24,2 | 29,2 | 23,6 | 23,0 | 31,0 | 28,5 | 28,1 |
| **Вкупно** | **N** | **6741** | **6833** | **7439** | **9316** | **9305** | **9110** | **7623** | **7220** |

Слика бр. 2 Асоцијално однесување кај малолетните лица според полот во Бугарија




Од презентираните резултати на табелата констатираме дека во манифестирањето на асоцијалното однесување доминираат малолетните лица од машкиот пол. Од вкупниот број на регистрирани асоцијални однесувања во Бугарија 26,6% се сторени од женски а 73,4% се манифестирани од машки малолетни лица. Во анализираниот период во просек годишно 2117 женски малолетни лица манифестирале некој облик на асоцијално однесување. Соодносот на учеството во асоцијалното однесување според полот во Бугарија изнесува **2,8:1** во корист на малолетниците од машкиот пол.

Табела бр. 3 Феноменологија на асоцијално однесуање кај малолетните лица во Бугарија

| | | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бегање од дома** | N | 1539 | 1517 | 1662 | 1923 | 1978 | 2265 | 2184 | 2053 |
| | % | 23,04 | 22,69 | 24,83 | 23,65 | 20,05 | 23,63 | 24,11 | 24,47 |
| **Скитање и питачење** | N | 1405 | 1318 | 1126 | 1059 | 1785 | 1537 | 975 | 1044 |
| | % | 20,32 | 19,72 | 16,82 | 13,02 | 18,10 | 16,04 | 10,76 | 12,44 |
| **Зависност од алкохол** | N | 741 | 555 | 554 | 612 | 721 | 802 | 652 | 471 |
| | % | 10,71 | 8,30 | 8,27 | 7,52 | 7,31 | 8,36 | 7,19 | 5,61 |
| **Зависност и растурање на дрога** | N | 815 | 872 | 846 | 841 | 920 | 584 | 473 | 492 |
| | % | 11,78 | 13,04 | 12,64 | 10,34 | 9,32 | 6,09 | 5,22 | 5,86 |
| **Проституција и хомосексуалност** | N | 413 | 420 | 501 | 601 | 486 | 501 | 400 | 276 |
| | % | 5,97 | 6,28 | 7,48 | 7,39 | 4,92 | 5,22 | 4,41 | 3,29 |
| **Бегање од училиште** | N | 0 | 0 | 0 | 1091 | 1967 | 1888 | 2367 | 2044 |
| | % | 0 | 0 | 0 | 13,41 | 19,94 | 19,70 | 26,13 | 24,37 |
| **Вкупно** | N | **6913** | **6683** | **6691** | **8130** | **9861** | **9582** | **9057** | **8387** |

Од податоците презентирани на табелата се констатира дека бегањето од дома е најзастапено асоцијално однесување и истото е во постојан пораст. Во 2007 година бројот на ова однесување во однос на 2000 е поголем за 33,4%. Друг облик на однесување кој почесто се јавува е бегањето од училиште. Потоа следуваат скитањето и питачењето, зависноста од дрога, зависноста од алкохол и на крајот проституцијата и хомосексуалноста. На следниот графикон преку аритметичка средина за анализираниот период графички е прикажана преваленцијата на регистрираните облици на асоцијално однесување.

Слика бр. 3 Феноменологија на асоцијалното однесување кај малолетните лица во Бугарија




Табела бр. 4 Асоцијално однесување кај малолетните лица според полот во Македонија

| | Вкупно | Машки | | женски | | непознато | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | | | N |
| **1998** | **4015** | 3639 | 90,6 | 376 | **1998** | **4015** | 3639 |
| **1999** | **3906** | 3414 | 87,4 | 492 | **1999** | **3906** | 3414 |
| **2000** | **3601** | 2884 | 80,0 | 596 | **2000** | **3601** | 2884 |
| **2001** | **3717** | 3384 | 91,0 | 324 | **2001** | **3717** | 3384 |
| **2002** | **3378** | 2868 | 84,9 | 344 | **2002** | **3378** | 2868 |
| **2003** | **3148** | 2612 | 83,0 | 532 | **2003** | **3148** | 2612 |
| **2004** | **3306** | 3032 | 91,7 | 271 | **2004** | **3306** | 3032 |
| **2005** | **3453** | 3157 | 91,4 | 267 | **2005** | **3453** | 3157 |
| **2006** | **3374** | 2941 | 87,1 | 381 | **2006** | **3374** | 2941 |

*Податоците се евидентирани до 31.12. во наведените години

Слика бр. 4 Асоцијално однесување кај малолетните лица според полот во Македонија




Децата и малолетните лица од машки пол доминираат во манифестирањето на асоцијалното однесувања. Во анализираниот период најголем број на асоцијални однесувања децата и малолетните лица манифестирале од 1998 до 2001 година после која имаме стагнација за да во 2003 започне мал пад. Евидентната разликата во застапеноста на децата и младите од понежниот пол (11%) за периодот 1998-2006 во манифестирањето на различните облици на асоцијално однесување во главном се должи на обичаите, традицијата и културата во македонското семејство, а посебно во улогата на девојчињата во семејството за време на развојниот период.

Во Бугарија учеството на женските малолетни лица кои манифестирале асоцијални однесувања за анализираниот осумгодишен период (2000-2007) изнесува 26,6%.

Учството на женските малолетни лица од Македонија во манифестирањето на асоцијално однесување е за 15,6% помало од нивните врснички во Бугарија.

Соодносот меѓу половите во манифестирањето на асоцијалните однесувања во Македонија изнесува 7,8:1 во корист на машкиот пол. Во Бугарија тој сооднос изнесува 2,8:1 во корист на малолетниците од машкиот пол.

Надлежните институции (ЦСР) несериозно го третираат овој облик на однесување бидејќи не ги евидентираат феноменолошките карактеристики на истото па дури ни полот на малолетниците што најдобро може да се види од податоците на табелата каде што во некои години имаме дури 4,9% малолетници со непознат пол. За 2007 година поради недостаток на финансиски средства и стручен кадар, Заводот за социјални дејности не ги обработил податоците од ЦСР. Република Македонија како земја канди-

дат за рамноправно членство во Европската унија мора да изгради посериозен пристап кон овој општествен проблем доколку сака успешно и ефикасно да се справи со овој облик на престапничко однесување.

Табела бр. 5 Асоцијално однесување кај малолетните лица според возраста во РМ

| Возраст | вкупно | До 6 год | | 7-13 | | 14-17 | | Непознато | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | N | % | N | % |
| **1998** | **4015** | 1 | 0,02 | 1054 | 26,3 | 2960 | 73,7 | 0 | 0 |
| **1999** | **3906** | 11 | 0,3 | 970 | 24,7 | 2925 | 75,0 | 0 | 0 |
| **2000** | **3601** | 8 | 0,2 | 844 | 23,4 | 2733 | 75,8 | 16 | 0,4 |
| **2001** | **3717** | 6 | 0,2 | 851 | 22,9 | 2851 | 76,7 | 9 | 0,2 |
| **2002** | **3378** | 3 | 0,1 | 716 | 21,2 | 2493 | 73,8 | 166 | 4,9 |
| **2003** | **3148** | 8 | 0,3 | 543 | 17,2 | 2593 | 82,4 | 4 | 0,1 |
| **2004** | **3306** | 13 | 0,4 | 520 | 15,8 | 2770 | 83,7 | 3 | 0,1 |
| **2005** | **3453** | 0 | 0 | 544 | 15,8 | 2880 | 83,4 | 29 | 0,8 |
| **2006** | **3374** | 2 | 0,1 | 463 | 13,7 | 2857 | 84,7 | 52 | 1,5 |

Процентуалната застапеност (79%) на малолетните лица во Македонија кои манифестирале асоцијално однесување во однос на нивните врсници во Бугарија (73%) е поголема. Но за разлика од споменатата категорија во Бугарија поголемо е учеството на *децата* во манифестирањето на асоцијални однесувања што изнесува околу 27% во просек годишно, додека во Македонија децата на возраст до навршени 13 години живот учествуваат со околу 21%. Во многу мал број на процентуална застапеност се децата до 6 години живот, но тоа не значи дека треба да се занемари таквата појава кај оваа возрасна категорија на лица.

Слика бр. 5 Асоцијално однесување кај малолетните лица според возраста во РМ



Табела бр. 6 Асоцијално однесување на малолетните лица според местото на живеење во РМ

| година | вкупно | град | | село | | непознато | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | N | % |
| **1998** | **4015** | 2856 | 71,1 | 1159 | 28,9 | 0 | 0 |
| **1999** | **3906** | 2690 | 68,9 | 1215 | 31,1 | 1 | 0 |
| **2000** | **3601** | 2297 | 63,8 | 1198 | 33,3 | 106 | 2,9 |
| **2001** | **3717** | 2685 | 72,2 | 1023 | 27,6 | 9 | 0,2 |
| **2002** | **3378** | 2305 | 68,2 | 907 | 26,8 | 166 | 4,9 |
| **2003** | **3148** | 2271 | 72,1 | 873 | 27,8 | 4 | 0,1 |
| **2004** | **3306** | 2375 | 71,9 | 928 | 28,0 | 3 | 0,1 |
| **2005** | **3453** | 2386 | 69,1 | 1038 | 30,0 | 29 | 0,9 |
| **2006** | **3374** | 2331 | 69,1 | 991 | 29,4 | 52 | 1,5 |

Од податоците презентирани на табелата се констатира дека поголемиот дел од децата и малолетниците со асоцијално однесување потекнуваат од урбана средина. Застапеноста на малолетниците кои потекнуваат од урбана средина се движи од 63,8 до 72,2% или 69,6% во просек годишно за анализираниот десетгодишен период. Застапеноста на децата и малолетниците со асоцијално однесување од селска средина се движи од 26,8 до 33,3%. Во просек годишно за анализираниот период (1998-2006) имаме 29,2% деца и малолетници од рурална средина.

Слика бр. 6 Асоцијално однесување на малолетните лица според местото на живеење



## 2. Прекршочно однесување кај малолетните лица

Табела бр. 7 Пријавени сторители на прекршоци според возраста во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно Сторители** | 17398 | 15084 | 16851 | 10905 | 12290 | 15673 | 20197 | 20538 | 18828 | 17382 |
| **Полнолетни** | 14715<br>84,6 % | 13548<br>89,8 % | 14994<br>89,0 % | 9838<br>90,2 % | 11149<br>90,7 % | 14305<br>91,3 % | 18271<br>90,5 % | 18514<br>90,1 % | 17067<br>90,6 % | 15486<br>89,0 % |
| **Малолетни** | 2683<br>15,4 % | 1536<br>10,2 % | 1857<br>11,0 % | 1067<br>9,8 % | 1141<br>9,3 % | 1368<br>8,7 % | 1926<br>9,5 % | 2024<br>9,9 % | 1761<br>9,4 % | 1896<br>11,0 % |

*Сектор за аналитика при Министерството за внатрешни работи на РМ

Презентираните податоци се однесуваат на прекршоците против јавниот ред и мир и прекршоците кои ги третираат социопатолошките појави: уживањето во наркотички дроги и психотропни сустанци.

Од податоците може да се констатира дека малолетните лица во 1998 година учествуваат со 15,4% од вкупниот број на прекршоци против јавниот ред. Во 2003 година имаме благ пад на сторени прекршоци од оваа група од страна на малолетните лица, но од наредната 2004 година повторно започнува пораст на извршени прекршоци. Учеството на малолетните лица во вкупниот број на прекршоци од споменатите групи за анализираниот период изнесува 10,5%.

Надлежните институции во Македонија немаат изградено сериозен пристап кон прекршочното однесување. Имено податоците со кои располагаат споменатите министерства се толку сиромашни што е невозможно да се прави споредба со таков вид на однесување во друга земја, а уште помалку да се изготвува национална стратегија за сузбивање и елиминирање на овој вид престапничкото однесување кај децата и младите. Министерството за правда го евидентира само бројот на сторени прекршоци и решени предмети од областа на прекршочното однесување.

Министерството за внатрешни работи ги евидентира и регистрира само прекршоците против јавниот ред и мир и делумно прекршоците кои ги третират социјално патолошките појави.

За да бидат поуспешни и поефикасни во сузбивањето и елиминирањето на условите и факторите кои доведуваат до различни видови на прекршочно однесување, потребно е надлежните институции да водат статистичка евиденција за сторените прекршоци. Овде пред се мислиме на социодемографските карактеристики и тоа: возраста, полот, семејно материјалните прилики како и образовното ниво на малолетните лица.

Од голема важност е да се евидентираат феноменолошките карактеристики на прекршочното однесување и тоа пред сè: видовите на сторените прекршоци, обемот, динамиката и стапката за одреден временски период како и изречените санкции.

Слика бр. 7 Пријавени сторители на прекршоци според возраста во Македонија




Табела бр.8 Феноменологија на прекршајно однесување во Македонија

| | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Против јавниот ред и мир** | N | 2645 | 1457 | 1762 | 1018 | 1046 | 1318 | 1875 | 1992 | 1709 | 1859 |
| | % | 98,5 | 95,0 | 95,0 | 95,4 | 91,7 | 96,3 | 97,3 | 98,4 | 97,0 | 98,0 |
| **Уживање во дрога и псих. супстанци** | N | 38 | 79 | 95 | 49 | 95 | 50 | 51 | 32 | 52 | 37 |
| | % | 1,5 | 5,0 | 5,0 | 4,6 | 8,3 | 3,7 | 2,7 | 1,6 | 3,0 | 2,0 |
| **Вкупно** | | **2683** | **1536** | **1857** | **1067** | **1141** | **1368** | **1926** | **2024** | **1761** | **1896** |

Од податоците кои ни беа на располагање (МВР) за спомenатите две групи на прекршоци се констатира дека доминираат прекршоците против јавниот ред и мир со 96,7% годишно во просек. Според податоците на МВР од оваа група на прекршоци најмногу се застапени: ***учество, предизвикување или поттикнување тепачка; физички напад; неоправдано влегување и задржување во заеднички простории; карање, викање и непристојно однесување; фрлање и кршење на разни предмети; вознемирување на соседи и други.***

Обемот и динамиката на прекршоците кои ги опфаќаат социопатолошките појави „уживањето во наркотични дроги, психотропни супстанци и перкусори“ во анализираниот период варира. Аритметичка средина за овие прекршоци за периодот од 1998 до 2007 изнесува 57 или 3.3% во просек годишно.

Надлежните институции во Република Македонија имаат несериозен пристап кон овој облик на престапничко однесување. Како земја кандидат за рамноправно членство во Европската унија, нема оправдување за неевидентирањето и регистрирањето на обемот и феноменологијата на прекршоците кај малолетните лица. Сиромашните податоци не ни даваат можност да го споредуваме овој облик на престапничко однесување со таквото однесување во други земји.

Табела бр. 9 Обем и феноменологија на прекршочното однесување во Хрватска

| **Вкупно** | | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **13266** | **11050** | **11766** | **11323** | **10961** |
| **Вид на прекршоци** | **женски %** | **1456 11,0 %** | **1293 11,7 %** | **1201 10,2%** | **1025 9,0%** | **1042 9,5%** |
| **Јавниот ред и мир** | **вкупно %** | **2097 15,8** | **2264 20,5** | **2517 21,4** | **2413 21,3** | **2837 25,9** |
| | женски | 134 | 185 | 223 | 186 | 223 |
| **Безбедноста на сообраќајот и патиштата** | **вкупно %** | **6291 47,4** | **5185 47,0** | **6564 55,8** | **6612 58,4** | **6072 55,4** |
| | женски | 541 | 465 | 541 | 550 | 565 |
| **Јавна безбедност** | **вкупно %** | **3303 25,0** | **2354 21,3** | **1870 15,9** | **1874 16,6** | **1782 16,3** |
| | женски | 366 | 264 | 196 | 182 | 197 |
| **Од областа на стопанството** | **вкупно %** | **1092 8,2** | **1136 10,2** | **768 6,5** | **395 3,5** | **242 2,2** |
| | женски | 373 | 376 | 240 | 104 | 57 |
| **Здрав.заштита, соц.грижа, здрав.осиг. зашт. на околин.** | **вкупно %** | **404 3,0** | **12 0,1** | **1 0,009** | **9 0,08** | **1 0,00** |
| | женски | 41 | 3 | - | 2 | - |
| **Од областа на општествената самозаштита** | **вкупно %** | **75 0,6** | **96 0,9** | **42 0,4** | **14 0,1** | **19 0,15** |
| | женски | - | - | - | - | - |
| **Останати прекршоци** | **вкупно %** | **4 0,03** | **3 0,02** | **4 0,03** | **6 0,03** | **8 0,05** |
| | женски | 1 | - | 1 | 1 | - |

Од податоците на табелата се констатира дека во Хрватска, од вкупниот број на обвинети за споменатиот петогодишен период (2002-2006) 10,2% се женски малолетни лица. Во просек годишно, од сите прекршоци за споменатиот период, најмногу се застапени прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот и патиштата со 52,8%. По нив следуваат прекршоците против јавниот ред и мир чија застапеност за споменатиот период изнесува 21%. Следна група на прекршоци според застапеноста се прекршоците од областа на јавната безбедност со 19%. Помалку застапени се прекршоците од областа на стопанството; здравствената заштита, социјалната грижа, здравственото осигурување и заштита на човековата околина; општествената самозаштита и останатите прекршоци.

Табела бр. 10 Изречени санкции кај малолетните лица за сторени прекршоци во Хрватска

| Прогласени криви | | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изречени санкции** | **вкупно** | **8025** | **6500** | **7259** | **6992** | **6629** |
| **Казни** | **N** | **2426** | **925** | **411** | **316** | **446** |
| | **%** | **30,2** | **14,2** | **5,7** | **4,5** | **6,7** |
| Малолетнички затвор | N | 1 | 40 | 9 | 7 | 8 |
| Парична казна | N | 1987 | 828 | 358 | 263 | 339 |
| | % | 24,8 | 12,7 | 4,9 | 3,8 | 5,1 |
| Парична казна и затвор | | 2 | - | - | - | - |
| Опомена | | 407 | - | - | - | - |
| Глоба | | 29 | 57 | 44 | 46 | 99 |
| **Воспитни мерки** | **N** | **5599** | **5575** | **6848** | **6676** | **6183** |
| | **%** | **69,8** | **85,8** | **94,3** | **95,5** | **93,3** |
| Судски укор | N | 5599 | 5537 | 6793 | 6174 | 5961 |
| Посебни обврски | | - | 33 | 51 | 490 | 200 |
| Упатување во воспитен центар | | - | 5 | 4 | 12 | 22 |
| **Заштитни мерки (со казната)** | | **210** | **274** | **302** | **361** | **409** |
| Забрана за управување со моторно возило | | - | 33 | 48 | 28 | 37 |
| Одземање на предмети | | 81 | 120 | 139 | 107 | 138 |
| Протерување на странец од земјата | | 78 | 121 | 115 | 226 | 234 |
| Други мерки | | 51 | - | - | - | - |

Во Хрватска 87,7% од изречени санкции за прекршоци кај малолетните лица во периодот (2002-2006) се воспитните мерки. Најпопуларна воспитна мерка е мерката судски укор, потоа следува мерката посебни обврски додека мерката упатување во воспитен центар е минимално застапена. Трета според застапеноста санкција за сторени прекршоци е паричната казна која е застапена 10,3% во просек годишно за споменатиот период. Заштитните мерки во Хрватска се изрекуваат заедно со казната, а од нив најзастапени се протерување на странец од земјата, одземање на предмети и на последно место забрана за управување со моторни возила.

## 3. Криминалитет кај малолетите лица

### 3.1. Обем на криминалитетот

Табела бр. 11 Пријавени лица за сторени кривични дела во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно пријавени** | **22714** | **21382** | **22035** | **19464** | **19437** | **21439** | **24079** | **25076** | **25014** | **24534** |
| Полнолетни<br>% | 20582<br>90,6 | 19383<br>90,6 | 20220<br>91,8 | 18018<br>92,6 | 18171<br>93,5 | 20161<br>94,0 | 22591<br>94,0 | 23814<br>95,0 | 23514<br>94,0 | 23305<br>95,0 |
| Малолетни<br>% | 2132<br>9,4 | 1999<br>9,4 | 1815<br>8,2 | 1446<br>7,4 | 1266<br>6,5 | 1278<br>6,0 | 1488<br>6,0 | 1262<br>5,0 | 1500<br>6,0 | 1229<br>5,0 |

*Недостасуваат податоци за обвинети и осудени лица за 2005 г. од Основен суд Куманово

Слика бр. 8 Пријавени лица за сторени кривични дела во Македонија




Најмногу пријавени малолетни лица за сторени кривични дела во анализираниот десетгодишен период (1998-2007) имаме во првите две години т.е. во 1998 и 1999 година каде малолетниците учествуваат со 9,4% од вкупниот број на пријавени. Од 2000-та година бројот на пријавени малолетници постојано опаѓа, за да во последната година изнесува 5% од вкупниот број пријавени сторители на кривични дела. *Во фазата на пријавување малолетниците учествуваат со 6,2% во вкупниот криминалитет. Соодносот на малолетни и полнолетни сторители на кривични дела во фазата на пријавување изнесува 13,6:1 во корист на полнолетните лица.*

Табела бр. 12 Обвинети лица за сторени кривични дела во Македонија

| | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005*** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно обвинети** | 9176 | 9723 | 9232 | 8597 | 9449 | 10953 | 10920 | 11528 | 12304 | 12487 |
| Полнолетни | 7891 | 8533 | 8078 | 7509 | 8450 | 9926 | 9916 | 10639 | 11317 | 11648 |
| % | 86,0 | 88,0 | 87,5 | 87,3 | 89,4 | 91,0 | 91,0 | 92,3 | 92,0 | 93,3 |
| Малолетни | 1285 | 1190 | 1154 | 1088 | 999 | 1027 | 1004 | 889 | 987 | 839 |
| % | 14,0 | 12,0 | 12,5 | 12,7 | 10,6 | 9,0 | 9,0 | 7,7 | 8,0 | 6,7 |

*Недостасуваат податоци за обвинети и осудени лица за 2005 г. од Основен суд Куманово

Слика бр. 9 Обвинети лица за сторени кривични дела во Македонија




Кога станува збор за учеството на малолетните лица во вкупниот криминалитет според втората фаза од постапката т.е. според бројот на обвинети, најзабележителна е 1998 година кога застапеноста изнесува 14%. Од 1998 до 2002 година од анализираниот период учеството на малолетните сторители изнесува повеќе од 10,6%. Во последните пет години учеството на малолетниците според бројот на обвинети се движи од 9% во 2003 до 6,7% во последната 2007 година.

*Малолетните сторители на кривични дела во анализираниот период (1998-2007) учествуваат со 10,2% во вкупниот криминалитет. Соодносот на учеството во фазата на поднесени обвиненија изнесува 8,2:1 во корист на возрасните престапници.*

Табела бр. 13 Осудени лица за сторени кривични дела во Македонија

| | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005*** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно осудени** | 7062 | 7719 | 7435 | 6829 | 7159 | 8487 | 8974 | 9607 | 10124 | 10315 |
| полнолетни<br>% | 6128<br>87,0 | 6783<br>88,0 | 6496<br>87,4 | 5952<br>87,0 | 6383<br>89,1 | 7661<br>90,2 | 8097<br>90,2 | 8845<br>92,0 | 9280<br>91,7 | 9639<br>93,4 |
| малолетни<br>% | 934<br>13,0 | 936<br>12,0 | 939<br>12,6 | 877<br>13,0 | 776<br>10,9 | 826<br>9,8 | 877<br>9,8 | 762<br>8,0 | 844<br>8,3 | 676<br>6,6 |

*Недостасуваат податоци за обвинети и осудени лица за 2005 г. од Основен суд Куманово

Слика бр. 10  Осудени лица за сторени кривични дела во Македонија




*Не достасуваат податоци за обвинети и осудени лица за 2005 г. од Основен суд Куманово

И во последната фаза од постапката (**правосилно осудени**) во првите пет години застапеноста на малолетниците изнесува повеќе од 10%, односно нивното учество се движи од 13% во 1998 до 10,9% во 2002-та година. Во 1998 година соодносот на учеството помеѓу малолетните и полнолетните сторители на кривични дела изнесува 6,6:1 во корист на возрасните лица. Во 2003 и 2004 година имаме благ пад на малолетничкиот криминалитет и истиот изнесува 9,8% кој пад продолжува и во наредните години за да во последната 2007-ма година малолетниците учествуваат со 6,6% од вкупниот број на правосилно осудени.

*Во фазата на правосилно осудени лица за анализираниот период малолетниците учествуваат со 10,4% во вкупниот криминалитет. Соодносот на учество во оваа фаза изнесува 9:1 во корист на возрасните сторители на кривични дела.*

Во *Хрватска* во периодот од 2002 до 2006 година учеството на малолетните лица вкупниот криминалитет во првата и втората фаза од постапката изнесува **3,7%.**

Во последната фаза од постапката за споменатиот период преваленцијата на правосилно осудените малолетници се движи од 3,7 до 5% или годишно во просек **4%** од вкупниот број на осудени лица.

Соодносот на правосилно осудени малолетни и полнолетни лица во Хрватска во периодот од (2002 до 2006) изнесува 24:1 во корист на полнолетните лица. Споменати-

от соодност за истите години во Македонија изнесува 9,9:1 во корист на возрасните сторители на кривични дела.

Табела бр. 14 Пријавени лица за сторени кривични дела во Хрватска

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Вкупно** | **64711** | **100** | **72238** | **100** | **78134** | **100** | **79039** | **100** | **78697** | **100** |
| **полнолетни** | 61889 | 95,6 | 69329 | 96,0 | 75403 | 96,5 | 76409 | 96,7 | 75867 | 96,4 |
| **малолетни** | 2822 | 4,4 | 2909 | 4,0 | 2731 | 3,5 | 2630 | 3,3 | 2830 | 3,6 |

Слика бр. 11 Пријавени лица за сторени кривични дела во Хрватска




Најмногу пријавени малолетни лица во оваа фаза од постапката имаме во првата (2002) година од анализираниот период. Соодносот на учеството во фазата на пријавени изнесува 25,7:1 во корист на полнолетните сторители на кривични дела.

Табела бр. 15 Обвинети лица сторени кривични дела во Хрватска

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Вкупно** | **29164** | **100** | **32763** | **100** | **33863** | **100** | **31418** | **100** | **35265** | **100** |
| **полнолетни** | 27887 | 95,6 | 31603 | 96,5 | 32557 | 96,1 | 30322 | 96,5 | 34053 | 96,6 |
| **малолетни** | 1277 | 4,4 | 1160 | 3,5 | 1306 | 3,9 | 1096 | 3,5 | 1212 | 3,4 |

Слика бр. 12 Обвинети лица сторени кривични дела во Хрватска




Најмногу обвинети малолетни лица за сторени кривични дела во анализираниот период имаме во 2002-та годинаво која малолетниците учествуваат со 4,4% од вкупниот број на обвинети лица. Во оваа фаза од постапката соодносот на учеството меѓу малолетните и полнолетните сторители на кривични дела изнесува 25,8:1 во корист на возрасните. Во просек, за анализираниот петгодишен период, според бројот на обвинети, малолетниците учествуваат со 3,7% во вкупниот криминалитет.

Табела бр. 16 Осудени лица за сторени кривични дела во Хрватска

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Вкупно** | **20034** | **100** | **23814** | **100** | **24814** | **100** | **22586** | **100** | **25190** | **100** |
| **полнолетни** | 19040 | 95,0 | 22939 | 96,3 | 23851 | 96,1 | 21731 | 96,2 | 24216 | 96,1 |
| **малолетни** | 994 | 5,0 | 875 | 3,7 | 963 | 3,9 | 855 | 3,8 | 974 | 3,9 |

Слика бр. 13 Осудени лица за сторени кривични дела во Хрватска



Најмногу осудени малолетни лица за сторени кривични дела во анализираниот период имаме во 2002-та година во која малолетниците учествуваат со 5% од вкупниот број на осудени лица. Во оваа фаза од постапката соодносот на учеството меѓу малолетните и полнолетните сторители на кривични дела изнесува 24:1 во корист на возрасните. Преваленцијата на осудените малолетни лица изнесува 4% од вкупниот број на осудени.

Табела бр. 17 Осудени лица за сторени кривични дела во Бугарија

| | **Год.** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Осудени | вк. | 30405 | 28729 | 27771 | 28617 | 29646 | 30501 | 30595 | 31035 |
| | број | 27013 | 25470 | 24222 | 24937 | 26238 | 27228 | 27586 | 31035 |
| **Полнолетни** | % | 88,8 | 88,7 | 87,2 | 87,1 | 88,5 | 89,3 | 90,2 | 89,7 |
| | број | 3392 | 3259 | 3549 | 3680 | 3408 | 3273 | 3009 | 3198 |
| **Малолетни** | % | **11,2** | **11,3** | **12,8** | **12,9** | **11,5** | **10,7** | **9,8** | **10,3** |

Слика бр. 14 Осудени лица за сторени кривични дела во Бугарија




***Во Бугарија** учеството на малолетните лица во фазата на правосилно осудени во периодот од 2000 до 2007 изнесува 11.3% од вкупниот број на осудени лица.*

*Соодносот на малолетни и полнолетни лица во криминалитетот според бројот на осудени во Бугарија за периодот (2000-2007) изнесува 7,9:1 во корист на полнолетните лица.*

За разлика од периодот 1992-1997 кога малолетниците во Бугарија учествувале со 6,1 до 9,2 % во вкупниот криминалитет (Петров Г. 1998) во периодот од 2000-2007 година уеството на малолетните лица во ова фаза на постапката е зголемен за 65% .

Во споредба со **Србија,** која како соседна земја е приближно иста по бројот на население (без Косово), криминалитетот на малолетните сторители во **Бугарија** се манифестира во поголем обем. Во анализираниот петогодишен период од 2002-2006 малолетниците во Бугарија сториле 66% повеќе кривични дела од нивните врсници во Србија. Во Бугарија годишно во просек за споменатиот период од пет години се осудени 3383 додека во Србија за истиот период 2037 малолетни лица.

Процентуалното учеството на малолетните сторители на кривични дела во Македонија во споредба со нивните врсници во Србија во фазата на пријавени и во фазата на правосилно осудени е двојно поголема.

Табела бр. 18 Пријавени лица за сторени кривични дела во Србија

| | **2002** | | **2003** | | **2004** | | **2005** | | **2006** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Вкупно** | **107312** | **100** | **98148** | **100** | **91573** | **100** | **103481** | **100** | **108742** | **100** |
| **Полнолетни** | 104061 | 97,0 | 95733 | 97,5 | 88453 | 96,6 | 100536 | 97,2 | 105701 | 97,2 |
| **Малолетни** | 3251 | 3,0 | 2415 | 2,5 | 3120 | 3,4 | 2945 | 2,8 | 3041 | 2,8 |

Слика бр. 15 Пријавени лица за сторени кривични дела во Србија




Во **Србија** учеството на малолетните лица во фазата на пријавени во периодот од 2002-2006 изнесува 3% од вкупниот број на пријавени лица за сторени кривични дела. Соодносот на учеството помеѓу малолетните и полнолетните лица во фазата на пријавување изнесува 33,5:1.

Табела бр. 19 Осудени лица за сторени кривични дела во Србија

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Вкупно** | **35997** | **100** | **35097** | **100** | **36222** | **100** | **39135** | **100** | **42988** | **100** |
| **Полнолетни** | 33675 | 93,5 | 33017 | 94,0 | 34239 | 94,5 | 36901 | 94,3 | 41422 | 96,4 |
| **Малолетни** | 2322 | 6,5 | 2080 | 6,0 | 1983 | 5,5 | 2234 | 5,7 | 1566 | 3,6 |

Слика бр. 16 Осудени лица за сторени кривични дела во Србија




Во фазата на правосилно осудени, за периодот (2002-2006) малолетниците во Србија учествуваат со 5,5% од вкупниот број на осудени лица.

Соодносот на учеството на малолетните и полнолетните сторители во фазата на правосилно осудени за анализираниот период изнесува **17,6:1** во корист на полнолетните.

## 3.2. Стапка на криминалитетот во Македонија

Табела бр. 20 Стапка на криминалитетот

| | Кривично одговорна популација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Население над 18 год. старост** | **вкуп. осудени полнолетни** | **на 1000 жители** | **Население од 14-18 г. старост** | **вкуп. осудени малолетници** | **на 1000 жители** |
| 1998 | 1.447870 | 6128 | 4,2 | 134.125 | 934 | 7,0 |
| 1999 | 1.465869 | 6783 | 4,6 | 133.693 | 936 | 7,0 |
| 2000 | 1.483667 | 6496 | 4,4 | 132.245 | 939 | 7,1 |
| 2001 | 1.492220 | 5952 | 4,0 | 132.151 | 877 | 6,6 |
| 2002 | 1.499441 | 6383 | 4,3 | 132.487 | 776 | 5,9 |
| 2003 | 1.515725 | 7661 | 5,0 | 131.003 | 826 | 6,3 |
| 2004 | 1.530886 | 8097 | 5,3 | 129.877 | 877 | 6,8 |
| 2005 | 1.545684 | 8845* | 5,7 | 128.630 | 762* | 5,9 |
| 2006 | 1.560292 | 9280 | 5,9 | 126.518 | 844 | 6,7 |
| 2007 | 1.572945 | 9639 | 6,1 | 124.602 | 676 | 5,4 |

*Опфатот е нецелосен за 2005 година недостасуваат податоците од Основен суд Куманово

Слика бр. 17 Стапка на криминалитетот




Стапка на криминалитетот како феноменолошка карактеристика е пресметана според бројот на осудени малолетни и полнолетни лица на 1000 жители способни за вина или кривична одговорност, како кај малолетните така и кај полнолетните сторители на кривични дела во последната фаза од постапката.

Ако се земе предвид застапеноста на малолетниците во вкупниот број на население според податоците презентирани на табелата, може да се констатира дека учеството на малолетните сторители на кривични дела во вкупниот криминалитет е поголемо речиси за 30% во однос на возрасните.

Во просек за анализираниот десетогодишен период (1998-2007) на *1000 полнолетни жители имаме 5 осудени лица за сторени кривични дела.* Во истиот период на 1000 жители на возраст од 14 до 18 години старост имаме 6,5 осудени малолетни лица. Од сите години во анализираниот период само во последната (2007) година стапката на криминалитет е поголема кај полнолетните сторители на кривични дела.

Табела бр. 21 Стапка на вкупниот криминалитет во Македонија

| | кривич. одгов. попул. (нас. способ. за вина) | Вкупно осудени | на 1000 жители |
|---|---|---|---|
| **1998** | 1.581995 | 7062 | 4,5 |
| **1999** | 1.599562 | 7719 | 4,8 |
| **2000** | 1.615912 | 7435 | 4,6 |
| **2001** | 1.624371 | 6829 | 4,2 |
| **2002** | 1.631928 | 7159 | 4,4 |
| **2003** | 1.646728 | 8487 | 5,1 |
| **2004** | 1.660763 | 8974 | 5,4 |
| **2005** | 1.674314 | 9607* | 5,7 |
| **2006** | 1.686810 | 10124 | 6,0 |
| **2007** | 1.697547 | 10315 | 6,1 |

*Опфатот е нецелосен за 2005 година недостасуваат податоците од Основен суд Куманово

Од податоците презентирани на табелата се констатира дека во последните пет години од десетгодишниот анализиран период имаме зголемена стапка на вкупниот криминалитет. Пораст на стапката започнува од 2003 година кога изнесува 5,1 на 1000 жители способни за вина. Континуиран пораст на стапката имаме сѐ до последната 2007 година во која истата е најголема и изнесува 6,1 на 1000 кривичноодговорни лица односно население способно за вина.

## 3.3.Структура на малолетничкиот криминалитет во Македонија

Табела бр. 22 Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на кривични дела** | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 | 1500 | 1229 |
| **животот и телото** | 108<br>5,1% | 81<br>4,0% | 79<br>4,3% | 72<br>5,0% | 68<br>5,4% | 70<br>5,5% | 90<br>6,0% | 82<br>6,5% | 83<br>5,5 % | 72<br>5,8% |
| **Имотот** | 1840<br>86,3% | 1768<br>88,4% | 1539<br>84,8% | 1215<br>84,0% | 1028<br>81,2% | 1029<br>80,5% | 1202<br>80,8% | 1015<br>80,4% | 1231<br>82,1 % | 967<br>78,7% |
| безбед. на јавн. сообраќај | 57<br>2,7 % | 78<br>3,9 % | 60<br>3,3 % | 66<br>4,6 % | 41<br>3,2 % | 56<br>4,4 % | 43<br>2,9 % | 54<br>4,3 % | 53<br>3,5 % | 67<br>5,4 % |
| јавниот ред | 21<br>1 % | 16<br>0,8 % | 23<br>1,3 % | 24<br>1,6 % | 57<br>4,5 % | 34<br>2,7 % | 54<br>3,6 % | 44<br>3,5 % | 64<br>4,3 % | 29<br>2,3 % |
| Полов. слобода и полов.морал | 29<br>1,4 % | 11<br>0,5 % | 18<br>1 % | 11<br>0,8 % | 10<br>0,8 % | 16<br>1,2 % | 11<br>0,7 % | 15<br>1,2 % | 24<br>1,6 % | 19<br>1,5 % |
| слобод.и права на човекот | 10<br>0,5 % | 1<br>0,0 % | 2<br>0,1 % | 1<br>0,1 % | 4<br>0,3 % | 2<br>0,1 % | 7<br>0,5 % | 2<br>0,1 % | 1<br>0,1 % | 2<br>0,2 % |
| правниот сообраќај | 16<br>0,7 % | 9<br>0,4 % | 9<br>0,5 % | 6<br>0,4 % | 10<br>0,8 % | 12<br>0,9 % | 28<br>1,9 % | 9<br>0,7 % | 6<br>0,4 % | 36<br>2,9 % |
| ј. финан. плат. промет и стоп. | 13<br>0,6 % | 9<br>0,4 % | 20<br>1,1 % | 9<br>0,6 % | 15<br>1,2 % | 11<br>0,9 % | 10<br>0,7 % | 9<br>0,7 % | 7<br>0,5 % | 12<br>1 % |
| здравјето на лугето | 13<br>0,6 % | 13<br>0,6 % | 31<br>1,7 % | 11<br>0,8 % | 21<br>1,6 % | 18<br>1,4 % | 18<br>1,2 % | 14<br>1,1 % | 8<br>0,5 % | 6<br>0,5 % |
| Општ. сигур. на луѓето и имотот | 6<br>0,3 % | 6<br>0,3 % | 7<br>0,4 % | 8<br>0,5 % | 5<br>0,4 % | 18<br>1,4 % | 10<br>0,7 % | 7<br>0,5 % | 13<br>0,9 % | 11<br>0,9 % |
| Против честа и угледот | 4<br>0,2% | 1<br>0,0 % | 1<br>0,0 % | / | 3<br>0,2 % | 1<br>0,1 % | 3<br>0,2 % | 2<br>0,1 % | 1<br>0,1 % | / |
| Останати кривични дела | 13<br>0,6% | 15<br>0,7% | 6<br>0,3% | 26<br>1,8 % | 23<br>1,8 % | 4<br>0,3 % | 11<br>0,7 % | 12<br>0,9 % | 9<br>0,6 % | 8<br>0,6 % |

Според податоците на табелата во оваа фаза од постапката обемот на криминалитетот во сите години од анализираниот период варира. Најмалку пријавени малолетници имаме во последната – 2007 година. Според процентуалната застапеност, во сите години доминираат кривичните дела против имотот и таа изнесува од 78 до 88% или годишно во просек 83,2% од вкупно сторените кривични дела. По нив следуваат кривичните дела против животот и телото чија застапеност годишно во просек изнесува 5,2% . На трето место според застапеноста со 3,7% се кривичните дела

против јавниот сообраќај. Потоа следуваат кривичните дела против половата слобода и половиот морал со 1,1% од вкупниот број на пријавени дела во анализираниот период. Кривичните дела против здравјето на луѓето (неовластено производство и пуштање во промет на опојни дроги) застапени се со 1% од сите пријавени кривични дела во споменатиот период.

Табела бр. 23 Обвинети малолетни лица според групите на кривични дела

| | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно обвинети** | 1285 | 1190 | 1154 | 1088 | 999 | 1027 | 1004 | 889 | 987 | 839 |
| **животот и телото** | 77<br>6% | 58<br>4,9 % | 44<br>3,8% | 56<br>5,1% | 63<br>6,3 % | 59<br>5,7% | 59<br>5,9% | **66**<br>**7,4 %** | **66**<br>**6,7 %** | **56**<br>**6,7 %** |
| слоб. и права на чов. и граѓ | / | 2<br>0,2% | / | / | / | 3<br>0,3% | 5<br>0,5 % | 5<br>0,6 % | 1<br>0,1% | / |
| честа и угледот | / | / | 1<br>0,1 % | / | / | 4<br>0,4 % | / | 1<br>0,1 % | 1<br>0,1 % | / |
| Пол. слобода и полов. Морал | 15<br>1,2 % | 14<br>1,2 % | 9<br>0,8% | 9<br>0,8 % | 11<br>1,1 % | 11<br>1,1% | 10<br>1,0% | 11<br>1,2 % | **15**<br>**1,5 %** | 12<br>1,4% |
| здравјето на лугето | 8<br>0,6 % | 9<br>0,7% | 15<br>1,3 % | 15<br>1,4 % | 14<br>1,4 % | 11<br>1,0% | 12<br>1,2% | 10<br>1,1% | 11<br>1,1 % | 7<br>0,8 % |
| ј.финан.плат. промет и стоп. | 3<br>0,7 % | 9<br>0,7 % | 15<br>1,3 % | 5<br>0,4 % | 18<br>1,8 % | 12<br>1,2 % | / | 8<br>0,9 % | 6<br>0,6 % | 11<br>1,3 % |
| **против имотот** | 1091<br>84,9% | 1017<br>85,5% | 987<br>78,9% | 911<br>83,7% | 816<br>81,7% | 852<br>83% | 803<br>80 % | 712<br>80,1% | 789<br>79,9% | 680<br>81,0% |
| Опш. сигур. на луѓето и имот. | 10<br>0,8 % | 3<br>0,2 % | 4<br>0,3 % | 5<br>0,4 % | 7<br>0,7 % | 3<br>0,3% | 13<br>1,3% | 1<br>0,1% | 4<br>0,4% | 10<br>1,2% |
| Безб на јавниот сообраќај | 37<br>2,9 % | 57<br>4,8 % | 40<br>3,5 % | 53<br>4,9 % | 41<br>4,1% | 42<br>4,1% | 41<br>4,1% | 30<br>3,4% | 38<br>3,8% | 23<br>2,7 % |
| правниот сообраќај | 11<br>0,8 % | 2<br>0,2 % | 14<br>1,2 % | 9<br>0,8% | 3<br>0,3 % | 9<br>0,9 % | 17<br>1,7 % | 3<br>0,3 % | 7<br>0,7 % | 6<br>0,7 % |
| јавниот ред | 24<br>1,9% | 16<br>1,3 % | 15<br>1,3 % | 13<br>1,2% | 22<br>2,2 % | 18<br>1,7% | 36<br>3,6% | 36<br>4,0 % | 44<br>4,4 % | 25<br>3 % |
| Останати кривични дела | 9<br>0,7 % | 3<br>0,2 % | 10<br>0,9% | 12<br>1,1 % | 4<br>0,4 % | 3<br>0,3 % | 8<br>0,8% | 6<br>0,7 % | 5<br>0,1 % | 9<br>1,1 % |

Во презентираните резултати недостасуваат податоците од Основниот суд во Куманово

И во оваа фаза од постапката доминираат кривичните дела од имотна природа и тоа со застапеност од 79 до 85% или просечно за анализираниот период 82,8% од вкупно извршените дела од страна на малолетниците. По нив најзастапени се обвиненијата за кривичните дела против животот и телото просечно со 5,8%; против безбедноста на јавниот сообраќај 3,8%; против јавниот ред 2,4%; против половата слобода и половиот морал 1,1%; против здравјето на луѓето 1%. Останатите групи на кривични дела се застапени во многу помал процент.

Табела бр. 24 Осудени малолетни лица според групите на кривични дела

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно осуде. | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 |
| животот и телото | 63<br>6,7% | 53<br>5,7% | 39<br>4,1 % | 45<br>5,1 % | 52<br>6,7 % | 51<br>6,2% | 52<br>5,9% | 60<br>7,9 % | 54<br>6,4 % | 49<br>7,2 % |
| права на човек. и граѓанинот | / | *1*<br>*0,1%* | / | / | / | *2*<br>*0,2 %* | *5*<br>*0,6 %* | *5*<br>*0,6 %* | *1*<br>*0,1 %* | / |
| честа и угледот | / | / | / | / | / | / | / | / | 1<br>0,1 % | / |
| Пол. слобода и пол. морал | 12<br>1,3% | 12<br>1,3 % | 7<br>0,7 % | 8<br>0,9 % | 9<br>1,1 % | 9<br>1,1 % | 9<br>1,0 % | 10<br>1,3 % | 13<br>1,5 % | 11<br>1,62% |
| здравјето на лугето | 7<br>0,7% | 4<br>0,4 % | 15<br>1,6 % | 11<br>1,2 % | 13<br>1,7 % | / | 11<br>1,2 % | 7<br>0,9 % | 9<br>1,1 % | 5<br>0,7 % |
| бракот семеј. и младината | 3<br>0,3 % | 1<br>0,1% | 3<br>0,3 % | 6<br>0,7 % | 1<br>0,1 % | 4<br>0,5 % | / | 1<br>0,1 % | 1<br>0,1 % | 2<br>0,3 % |
| Ј. Финан. плат. промет и стоп. | 2<br>0,1 % | 6<br>0,6 % | 12<br>1,3 % | 4<br>0,4 % | 13<br>1,7% | 11<br>1,3 % | / | 5<br>0,6% | 5<br>0,6 % | 9<br>1,3 % |
| Имотот | 778<br>83,3% | 793<br>84,7% | 786<br>83,7% | 729<br>83,1% | 626<br>80,7% | 674<br>81,6% | 696<br>79,4% | 608<br>79,8% | 672<br>79,6% | 537<br>79,4% |
| Опш.сигур. на луѓе. и имотот | 6<br>0,6% | 2<br>0,2 % | 4<br>0,4 % | 3<br>0,3 % | 6<br>0,8 % | 2<br>0,2 % | 8<br>0,9 % | 1<br>0,1 % | 4<br>0,5 % | 7<br>1,0 % |
| Безб. на јав. сообраќај | 30<br>3,2% | 50<br>5,3% | 39<br>4,15% | 50<br>5,7 % | 36<br>4,6% | 38<br>4,6 % | 36<br>4,1 % | 27<br>3,5% | 35<br>4,1 % | 22<br>3,2 % |
| правниот сообраќај | 9<br>1,0 % | 1<br>0,1% | 13<br>1,4 % | 8<br>0,9 % | 3<br>0,4 % | 7<br>0,8% | 16<br>1,8 % | / | 5<br>0,6 % | 5<br>0,7 % |
| јавниот ред | 22<br>2,3 % | 11<br>1,2 % | 15<br>1,6 % | 9<br>1,0 % | 14<br>1,8 % | 14<br>1,7 % | 36<br>4,1 % | 33<br>4,3 % | 40<br>4,7 % | 24<br>3,5 % |
| Останати крив. дела | 2<br>0,2 % | 2<br>0,2 % | 6<br>0,6 % | 4<br>0,4 % | 3<br>0,4 % | 14<br>1,7 % | 8<br>0,9 % | 5<br>0,6% | 4<br>О,5 % | 5<br>0,7% |

Во презентираните резултати недостасуваат податоците од Основниот суд во Куманово

Во последната фаза од постапката исто така доминираат делата против имотот чија застапеност се движи од 79,4 до 84,7% или просечно 81,7%. По нив следуваат делата против животот и телото со 6,1%; кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај 4,3%; против јавниот ред и мир со 2,6%; против половата слобода 1,2%; против здравјето на луѓето 1%. Останатите кривични дела и во оваа фаза од постапката се застапени во многу помал процент.

### 3.3.1. Криминалитет на насилство кај малолетните лица

Табела бр. 25 Криминалитет на насилство кај малолетните лица во Македонија

| Кривични дела | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 |
| насил. крим. N | 102 | 105 | 87 | 92 | 106 | 86 | 132 | 138 | 148 | 119 |
| % | 10,9 | 11,2 | 9,3 | 10,5 | 13,7 | 10,4 | 15,0 | 18,1 | 17,5 | 17,6 |
| Помл. малолет. N | 66 | 66 | 27 | 38 | 42 | 15 | 36 | 41 | 40 | 33 |
| % | 64,7 | 62,9 | 31,0 | 41,3 | 39,6 | 17,4 | 27,2 | 29,7 | 27,0 | 27,7 |
| Убиство | 2 | - | - | / | 1 | - | - | - | - | 3 |
| Телесна повреда | 14 | 19 | - | 3 | 3 | 3 | 6 | 4 | 6 | 4 |
| Тешка тел. повреда | 7 | 12 | 7 | 7 | 8 | 2 | 7 | 11 | 9 | 2 |
| Учество во тепачка | 6 | 3 | - | 4 | 6 | - | 4 | 4 | 1 | 1 |
| Загроз. со опас. Оруд | 8 | - | - | 4 | 2 | - | 1 | - | - | - |
| Присилба | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Силување | 2 | 3 | 1 | - | - | 1 | - | - | 1 | - |
| Полов напад врз дете | - | - | - | 5 | 4 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 |
| Разбојништво | 13 | 24 | 17 | 12 | 13 | 3 | 8 | 11 | 15 | 11 |
| Разбојничка кражба | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| Насилство | 14 | 5 | 2 | 3 | 5 | 4 | 7 | 8 | 6 | 10 |
| Самовластие | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| Пост. малолет. N | 36 | 39 | 60 | 54 | 64 | 71 | 96 | 97 | 108 | 86 |
| % | 35,3 | 37,1 | 69,0 | 58,7 | 60,4 | 82,6 | 72,8 | 70,3 | 73,0 | 72,3 |
| Убиство | - | - | 2 | 1 | 2 | 6 | 2 | 4 | 2 | 4 |
| Телесна повреда | 7 | 9 | 6 | 6 | 10 | 3 | 8 | 6 | 19 | 16 |
| Тешка тел. повреда | 11 | 5 | 15 | 15 | 15 | 10 | 17 | 12 | 12 | 15 |
| Учество во тепачка | 8 | 3 | 6 | 1 | 5 | 8 | 2 | 18 | 3 | 4 |
| Загроз. со опас. оруд | - | 1 | 3 | 4 | - | 4 | 5 | 1 | 2 | / |
| Грабнување | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - |
| Присилба | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Против правно лишување од слобода | - | - | - | - | - | - | 2 | 3 | - | - |
| Силување | 2 | - | 1 | 3 | 1 | 4 | 2 | 1 | 2 | 1 |
| Полов напад врз дете | - | - | 5 | - | 3 | 3 | 3 | 3 | 7 | 7 |
| Запуштање и малтрет. на малолетно лице | - | - | - | - | 1 | - | - | - | 1 | - |
| Разбојништво | 1 | 16 | 16 | 21 | 18 | 23 | 31 | 34 | 41 | 32 |
| Разбојничка кражба | - | - | 1 | 1 | 1 | - | 2 | 3 | / | / |
| Насилство | 7 | 5 | 5 | 2 | 8 | 9 | 19 | 12 | 14 | 7 |
| Самовластие | - | - | - | - | - | - | 3 | - | - | |
| Спреч.служб. лице во вршење на сл. дејствие | - | - | - | - | - | - | - | - | 5 | - |

Слика бр. 18 Криминалитет на насилство кај малолетните лица во Македонија




Во последно време во Македонија загрижува фактот што постојано расте криминалитетот со поголем степен на општествена опасност. Во анализираниот десетогодишен период (1998-2007) учеството на кривичните дела со елементи на насилство се движи од 10,9 во 1998 до 17,6 % во 2007 година.

Во првите две години од анализираниот период, 1998 и 1999 г., помладите малолетници во вкупниот насилнички криминалитет учествуваат со повеќе од 64%.

Најчести кривични дела од овој вид на криминалитет сторени од страна на малолетниците се: разбојништвото кое е застапено со 38%. По него следува кривичното дело тешка телесна повреда со 18%, телесната повреда со 14%, со исто толкав процент е застапено и кривичното дело насилство.

Во анализираниот период (1998-2007) учеството на насилничкиот во вкупниот малолетнички криминалитет изнесува **13,2%.**

Како појава со висок степен на опасност, криминалитетот на насилство во последните четири години (2004 -2007) покажува забележителен пораст поради што со право можеме да кажеме дека истиот преставува сериозен социјален и општествен проблем.

**Помладите малолетни лица** годишно во просек за анализираниот период (1998-2007) во криминалитетот со насилство учествуваат со 36,2% од вкупниот број на осудени малолетни лица за овој вид на криминалитет.

Табела бр. 26 Пријавени малолетни лица за криминалитет на насилство во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005* | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 | 1500 | 1229 |
| к. дела со насилство % | 186 | 174 | 157 | 165 | 142 | 165 | 230 | 206 | 227 | 205 |
| | 8,7 | 8,7 | 8,7 | 11,4 | 11,2 | 12,9 | 15,5 | 16,3 | 15,1 | 16,7 |

*Не достасуваат податоците од Основен суд во Куманово

Слика бр. 19 Пријавени малолетни лица за криминалитет на насилство во Македонија




Од презентираните резултати на табелата се констатира дека од 2003 година почнува порастот на криминалитетот со насилство кај малолетните лица во Македонија. Во анализираниот период застапеноста на споменатиот криминалитет се движи од 8,7% во првите три години до 16,7 во последната т.е. 2007 година.

Во фазата на пријавување, овој вид на криминалитет годишно во просек е застапен со 12,5 %. За разлика од РМ, во Хрватска споменатиот криминалитет е застапен со 8,6 % од вкупниот број на сторени кривични дела од страна на малолетниците.

Од 1998 до 2006 година во Македонија малолетните лица сториле 1652 кривични дела на насилство додека во Хрватска за истиот период се сторени 2005 кривични дела од овој тип на криминалитет. Ако се земе предвид бројот на население помеѓу овие две земји (2,1:1 во корист на Хрватска) малолетните лица во Македонија вршат значително поголем број на кривични дела од овој вид на криминалитет.

Табела бр. 27 Криминалитет на насилство кај малолетните лица во Хрватска

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно сторени кривични дела | 1896 | 2267 | 2375 | 2846 | 2822 | 2909 | 2731 | 2630 | 2830 |
| Кривични дела со елементи на насилство | 196 | 206 | 175 | 200 | 176 | 244 | 256 | 249 | 303 |
| % | 10,3 | 9,1 | 7,4 | 7,0 | 6,2 | 8,4 | 9,4 | 9,5 | 10,7 |

Слика бр. 20 Криминалитет на насилство кај малолетните лица во Хрватска




Од податоците прикажани на табелата се констатира дека од 1998 година започнува благ пад на криминалитетот со насилство кај малолетните сторители се до 2003 година кога започнува порастот на истиот.

Во Хрватска во 2002 биле пријавени 176, а во 2006 година 303 малолетни лица за кривични дела на насилство, што значи за пет години овој вид на криминалитет е зголемен за 72%.

### 3.3.2.Рецедивизам (повтор) кај малолетните лица

Табела бр. 28 Пријавени малолетни лица според поранешни осуди

| | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно пријавени** | | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 | 1488 | 1262 | 1500 | 1229 |
| **Рецедивисти** | **N** | 478 | 428 | 528 | 374 | 325 | 227 | 311 | 216 | 367 | 307 |
| | **%** | 22,4 | 21,4 | 29,1 | 25,9 | 25,7 | 17,8 | 21,0 | 17,1 | 24,5 | 25,0 |

Слика бр. 21 Пријавени малолетни лица според поранешни осуди




Во 2000-та година од вкупно 1815 пријавени малолетни лица за сторени кривични дела 528 или 29,1% биле порано осудени. Во анализираниот период (1998-2007), од вкупниот број на пријавени малолетни сторители на кривични дела, 23,1% биле порано осудувани, односно се рецедивисти во кривично правна смисла.

Табела бр. 29 Повтор кај малолетните лица според возраста

| | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Рецедивисти** | **N** | 478 | 428 | 528 | 374 | 325 | 227 | 311 | 216 | 367 | 307 |
| **Помлади малолетници** | **N** | 414 | 416 | 227 | 139 | 102 | 66 | 94 | 89 | 177 | 116 |
| | **%** | 86,7 | 97,2 | 43,0 | 37,2 | 31,4 | 71,0 | 30,2 | 41,2 | 48,2 | 37,8 |
| **Постари малолетници** | **N** | 64 | 12 | 301 | 235 | 223 | 161 | 217 | 127 | 190 | 191 |
| | **%** | 13,3 | 2,8 | 57,0 | 62,8 | 68,6 | 29,0 | 69,8 | 58,8 | 51,8 | 62,2 |

Слика бр. 22 Повтор кај малолетните лица според возраста



Загрижувачки се податоците што во 1998 година од вкупниот број на повторници, 86,7% се помлади малолетници. Уште подраматична е состојбата во 1999 година кога од вкупниот број на поранешно осудени, 97% се помлади малолетници.

Соодносот на помладите и постарите малолетни повторници во 1998 изнесува **6,5:1** а во 1999 **35:1** во корист на помладите малолетни лица. Во сите останати години од анализираниот период поголем е процентот на повтор кај постарите малолетни лица.

Од вкупниот број на повторници за споменатиот период во просек 51,7% се помлади а 48,3% се постари малолетни лица со тоа што во првите две години од анализираниот период премногу е доминантен бројот на помладите малолетни рецедивисти.

Табела бр. 30 Повтор според сторените кривични дела

| | | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Повторници** | N | 478 | 428 | 528 | 374 | 325 | 227 | 311 | 216 | 367 | 307 |
| **За исти дела** | N | 249 | 150 | 144 | 106 | 99 | 64 | 102 | 59 | 89 | 93 |
| | % | 52,1 | 35,1 | 27,3 | 28,3 | 30,5 | 28,2 | 32,8 | 27,3 | 24,3 | 30,3 |
| **За други дела** | N | 57 | 13 | 23 | 18 | 4 | 11 | 12 | 00 | 11 | 6 |
| | % | 11,9 | 3,0 | 4,3 | 4,8 | 1,2 | 4,8 | 3,9 | 0,0 | 3,0 | 2,0 |
| **За ист вид и за други дела** | N | 172 | 265 | 361 | 250 | 222 | 152 | 197 | 157 | 267 | 208 |
| | % | 36,0 | 61,9 | 68,4 | 66,9 | 68,3 | 67,0 | 63,3 | 72,7 | 72,7 | 67,7 |

Слика бр. 23 Повтор според сторените кривичните дела




Освен во првата во останатите анализирани години кај малолетните сторители на кривични дела доминира повеќекратниот комбиниран повтор (за исти и други кривични дела) со 63,2%. Аритметичка средина на специјалниот повторот (за исти кривични дела) во анализира-

ниот десетогодишен период 1998-2007 изнесува 32,4 %. Општиот повтор во истиот период се јавува со 4,4%.

### *3.3.2.1.Повтор кај малолетниците кои се на издржување на казна ВПД или казна малолетнички затвор*

Табела бр. 31 Повтор кај малолетните лица кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор

| Вид на повтор | испитаници | | | | | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни | | Гранични | | потпросечни | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Општ повеќекратен | 3 | 4,8 | 4 | 6,5 | 4 | 6,5 | 11 | 17,8 |
| Општ обичен | 1 | 1,6 | / | / | / | / | 1 | 1,6 |
| Специјален повеќекратен | 7 | 11,3 | 1 | 1,6 | 21 | 33,9 | 29 | 46,8 |
| Специјален обичен | / | | 2 | 3,2 | 3 | 4,8 | 5 | 8,0 |
| примарни | 7 | 11,3 | 2 | 3,2 | 7 | 11,3 | 16 | 25,8 |
| Вкупно | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

Слика бр. 24 Повтор кај малолетните лица кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор




Од вкупниот број на малолетници кои се на издржување на заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор **74,2% се рецидивисти** и тоа 46% сториле повеќе кривични дела од иста група (**специјални повеќекратни повторници**), 17,8% малолетници сториле повеќе кривични дела од различна група (**општ повеќекратен повтор**); 8% од малолетниците по втор пат извршиле исто кривично дело (**обичен**

**специјален повтор**) и еден малолетник сторител е на две кривични дела од различна група (**општ обичен повтор**). Од податоците може да се констатира дека 80% од потпросечните малолетни сторители на кривични дела, кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор, се рецидивисти. Кај оваа категорија на малолетни сторители најзастапен е специјалниот повеќекратен повтор.

Кај малолетните престапници со гранична интелегенција имаме 77,8% рецедивизам. Кај оваа категорија најмногу е застапен општиот повеќекратен повтор.

Од вкупниот број (18) малолетни престапници со просечен IQ 11 или 61,1% се рецедивисти и тоа најмногу специјален повеќекратен повтор.

## 3.4. Времетраење на постапката кај обвинетите малолетни лица

Табела бр. 32 Пријавени малолетни лица во Македонија според траењето на постапката

| | вкупно | Траење на постапката од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 1 месец | Од 1-2 месеци | Од 2-4 месеци | Од 4-6 месеци | 6 -12 месеци | Над 1 година |
| **1998** | **2132** | 95<br>4,5% | 173<br>8,1% | 381<br>17,9% | 319<br>15% | **551<br>25,8%** | **613<br>28,8%** |
| **1999** | **1999** | 108<br>5,40 % | 280<br>14 % | 421<br>21,06 % | 259<br>12,95 % | **494<br>24,71 %** | **437<br>21,86 %** |
| **2000** | **1815** | 79<br>4,35 % | 188<br>10,35 % | 323<br>17,79 % | 301<br>16,58 % | **593<br>32,67 %** | **331<br>18,23 %** |
| **2001** | **1446** | 105<br>7,26 % | 159<br>10,99 % | 216<br>14,93 % | 204<br>14,10 % | **390<br>26,97 %** | **372<br>25,72 %** |
| **2002** | **1266** | 97<br>7,66 % | 171<br>13,50 % | 270<br>21,32 % | 196<br>15,48 % | 253<br>19,98 % | 279<br>22 ,03 % |
| **2003** | **1278** | 72<br>5,63% | 178<br>13,92% | 393<br>30,75% | 263<br>20,57% | 238<br>18,62% | 134<br>10,48% |
| **2004** | **1488** | 99<br>6,65 | 182<br>12,23% | 462<br>31,05 | 256<br>17,20% | 315<br>21,16% | 174<br>11,69% |
| **2005** | **1262** | 83<br>6,57 % | 157<br>12,44 % | 336<br>26,62 % | 224<br>17,74 % | 293<br>23,21 % | 169<br>13,40 % |
| **2006** | **1500** | 118<br>7,87% | 116<br>7,73% | 348<br>23,20% | 304<br>20,27% | 374<br>24,93% | 240<br>16,00% |
| **2007** | **1229** | 165<br>13,42% | 84<br>6,83% | 273<br>22,21% | 209<br>17,00 % | 332<br>27,01 % | 166<br>13,50 % |
| **вкупно** | **15415** | **1021** | **1688** | **3423** | **2535** | **3833** | **2915** |

Од податоците презентирани на табелата се констатира дека во 1998 година кај 613 или 28,8% малолетници постапката траела преку година дена, кај 551 или 25,8% од 6 до 12 месеци што значи предметите **не се решавале итно како што налага чл. 480 од ЗКП (пречистен текст, сл.весник на РМ бр.15/2005) а во поново време и ЗМП**.

Во 1998 од вкупно 2132 пријавени малолетници кај 54 % постапката траела по-

веќе од 6 месеци. Во 1999 г. преку 6 месеци постапката траела кај 47%, во 2000 кај повеќе од 50%, во 2001 година 52,7% итн.

Во анализираниот десетогодишен период ***кај 2915* или *19% малолетници постапката траела над една година, а кај 3833 или 25 % од 6 до 12 месеци.*** Врз основа на споменатото може да се констатира дека за споменатиот период имаме 44% случаи каде постапката траела повеќе од 6 месеци.

### 3.5. Притвор кај малолетните лица

Табела бр. 33 Примена и траење на мерка притвор кај обвинетите малолетници

| | **Траење на притворот** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **До 3 дена** | **3-15 дена** | **15-30 дена** | **1-2 Месеци** | **2-3 месеци** | **Над 3 месеци** |
| **1998** | 6 | - | - | 2 | 2 | 2 | - |
| **1999** | 9 | 2 | 4 | 1 | 1 | 1 | - |
| **2000** | 60 | 2 | 7 | 19 | 5 | 11 | 16 |
| **2001** | 33 | 1 | 6 | 12 | 4 | 4 | 6 |
| **2002** | 26 | 6 | 3 | 10 | 1 | 5 | 1 |
| **2003** | 23 | 2 | 1 | 16 | 2 | - | 2 |
| **2004** | 33 | 2 | 7 | 14 | 3 | 3 | 4 |
| **2005** | 16 | - | - | 4 | 2 | 4 | 6 |
| **2006** | 18 | 1 | 1 | 6 | 3 | 3 | 4 |
| **2007** | 21 | - | 1 | 3 | 6 | - | 11 |
| **Вкупно N** | **245** | **16** | **30** | **87** | **29** | **33** | **50** |
| **%** | **100** | **6,5** | **12,3** | **35,5** | **11,8** | **13,5** | **20,4** |

Во периодот кој го истражувавме, најмногу притвор е изречен со времетраење од 15 до 30 дена, и е изречен во 87 случаи или 35,5% од вкупниот број на изречената мерка во анализираниот период.

Загрижувачки е податокот што во анализираниот период мерката притвор со времетраење над **три месеци** е изречена кај 50 обвинети малолетници или во 20% од вкупниот број на оваа изречена мерка. Понатаму следува притворот со времетраење од 2-3 месеци со 13,5% или 33 случаи. Со 12,3% или 30 случаи е застапен притворот со времетраење од 3-15 дена. Потоа следува притворот со времетраење од 1-2 месеци, кој е застапен со 11,8% или 29 случаи. Најмалку применувана мерка е притвор со времетраење од 2-3 дена и тоа во 16 случаи во анализираниот десетогодишен приод. Од податоците прикажани на оваа табела се констатира дека мерката притвор во анализираниот период најмногу е применувана во 2000 година и тоа во 60 случаи. За истата година специфично е и тоа што најмногу е применета мерката притвор во времетраење над 3 месеци и тоа во 16 од вкупно 50 случаи. Во голем број мерката притвор со времетраење над три месеци е застапена и во 2007 година кога имаме 11

случаи. Најмногу притвор е изречен за кривичните дела против имотот и тоа за 174 или 71%, потоа за кривичните дела против животот и телото 14,7% или 36 случаи, за кривичните дела против половата слобода и половиот морал 4,9% или 12 случаи, за делата поврзани со дрога 2,9%. Останатите 6,5% за сите останати кривични дела.

### 3.6. Дистрибуција на малолетничкиот криминалитет според полот

Табела бр. 34 Пријавени малолетни лица за кривични дела според полот во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно пријавени** | **2132** | **1999** | **1815** | **1446** | **1266** | **1278** | **1488** | **1262** | **1500** | **1229** |
| **машки** | 2061 | 1956 | 1760 | 1410 | 1246 | 1241 | 1447 | 1221 | 1450 | 1183 |
| **%** | 96,6 | 97,8 | 97,0 | 97,5 | 98,4 | 97,1 | 97,2 | 96,8 | 96,7 | 96,3 |
| **женски** | 71 | 43 | 55 | 36 | 20 | 37 | 41 | 41 | 50 | 46 |
| **%** | 3,4 | 2,2 | 3,0 | 2,5 | 1,6 | 2,9 | 2,8 | 3,2 | 3,3 | 3,7 |

Слика бр.25 Пријавени малолетни лица за кривични дела според полот во Македонија




Учеството на малолетните лица од женскиот пол во малолетничкиот криминалитет за анализираниот десетгодишен период (1998-2007), во првата фаза од постапката, се движи од 1,6% во 2002 до 3,7% во последната 2007 година. Во последните три години од споменатиот период имаме благ пораст на кривични дела сторени од женски малолетни лица. Во просек, годишно за анализираниот период, 44 или 2,8% од вкупниот број на пријавени кривични дела се извршени од женски малолетни лица. Соодносот на учеството во малолетничкиот криминалитет според полот во фазата на пријавување изнесува 34:1 во корист на малолетниците од машкиот пол.

Табела бр. 35 Осудени малолетни лица според полот во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно пријавени** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| **машки** | 900 | 910 | 922 | 858 | 758 | 810 | 847 | 742 | 812 | 652 |
| **%** | 96,4 | 97,2 | 98,1 | 97,8 | 97,7 | 98,0 | 96,6 | 97,4 | 96,2 | 96,4 |
| **женски** | 34 | 26 | 17 | 19 | 18 | 16 | 30 | 20 | 32 | 24 |
| **%** | 3,6 | 2,8 | 1,9 | 2,2 | 2,3 | 2,0 | 3,4 | 2,6 | 3,8 | 3,6 |

Слика бр. 26 Осудени малолетни лица според полот во Македонија




Податоците на табелата ни го прикажуваат обемот на малолетничкиот криминалитет според полот во анализираниот десетгодишен период во последната фаза од постапката. Процентуалната застапеност на малолетните лица од женскиот пол во малолетничкиот криминалитет, според правосилноста на пресудите, се движи од 1,9 во 2000-та до 3,8% во 2006-та година односно 2,8% во просек за анализираниот период.

Соодносот на учеството во малолетничкиот криминалитет според полот изнесува 34,7:1 во корист на малолетниците од машкиот пол.

Во Бугарија тој соодносс изнесува **18:1.**

Во Србија во фаза на поднесувањето на пријавата во периодот од 2002-2006 година тој соодносс изнесува **16,8:1** во корист на машкиот пол. Во последната фаза од постапката (осудени) во Србија за анализираниот период тој соодносс изнесува **21,3:1** во корист на машкиот пол.

Табела бр. 36 Пријавени малолетни лица за кривични дела според полот во Србија

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % |
| **Вкупно** | **3251** | **100** | **2415** | **100** | **3120** | **100** | **2945** | **100** | **3041** | **100** |
| **Женски** | 169 | 5,2 | 138 | 5,7 | 148 | 4,7 | 149 | 5,1 | 227 | 7,5 |
| **Машки** | 3082 | 94,8 | 2277 | 94,3 | 2972 | 95,3 | 2796 | 94,9 | 2814 | 92,5 |

Слика бр. 27 Пријавени малолетни лица за кривични дела според полот во Србија




Учеството на женските малолетни лица во вкупниот малолетнички криминалитет во Србија за периодот (2002-2006) се движи од 4,7 до 7,5 % или годишно во просек 5,6% од вкупниот број на пријавени малолетни лица за сторени кривични дела. Кај малолетните сторители од машки пол средната вредност за анализираниот период изнесува 94,4%. Соодносот на учеството во малолетничкиот криминалитет **според полот** во фазата на пријавување во Србија изнесува **16,8:1** во корист на сторителите од машкиот пол.

Табела бр. 37 Осудени малолетни лица за кривични дела според полот во Србија

| | 2002 | | 2003 | | 2004 | | 2005 | | 2006 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % |
| **Вкупно** | **2322** | **100** | **2080** | **100** | **1983** | **100** | **2234** | **100** | **1566** | **100** |
| **Женски** | 92 | 4,0 | 97 | 4,7 | 92 | 4,6 | 106 | 4,7 | 71 | 4,5 |
| **Машки** | 2230 | 96,0 | 1983 | 95,3 | 1891 | 95,4 | 2128 | 95,3 | 1495 | 95,5 |

Слика бр. 28 Осудени малолетни лица за кривични дела според полот во Србија




Во периодот од една година, застапеноста на малолетните сторители од понежниот пол во малолетничкиот криминалитет според бројот на правосилно осудени малолетници изнесува 4,5%. Соодносот на учеството на женските и машките малолетни лица во Србија, во последната фаза од постапката (осудени) за периодот од 2002-2006, изнесува **21,2:1** во корист на сторителите од машкиот пол. Годишно во просек за анализираниот период (2002-2006), од вкупниот број на осудени малолетни лица во Србија, 95,5% се од машкиот а 4,5% од женскиот пол.

Табела бр. 38 Осудени малолетни лица за кривични дела според полот во Бугарија

| **година** | **Вкупно осудени** | **Машки** | | **Женски** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | n | % | n | % |
| **2000** | **3392** | 3227 | 95,1 | 165 | 4,9 |
| **2001** | **3259** | 3069 | 94,2 | 190 | 5,8 |
| **2002** | **3549** | 3367 | 94,9 | 182 | 5,1 |
| **2003** | **3680** | 3495 | 95,0 | 185 | 5,0 |
| **2004** | **3408** | 3217 | 94,4 | 191 | 5,6 |
| **2005** | **3273** | 3105 | 94,9 | 168 | 5,1 |
| **2006** | **3009** | 2843 | 94,5 | 166 | 5,5 |
| **2007** | **3198** | 3043 | 95,2 | 155 | 4,8 |
| **Вкупно** | **26768** | 25366 | 94,8 | 1402 | 5,2 |

Слика бр. 29 Осудени малолетни лица за кривични дела според полот во Бугарија




Годишно во просек, за анализираниот период (2000-2007) од вкупниот број на осудени малолетни лица во Бугарија, 94,8% се од машкиот, а 5,2% од женскиот пол.

Соодносот помеѓу машките и женските малолетни сторители на кривични дела изнесува **18:1** во корист на малолетниците од машкиот пол.

## 3.7. Криминалитет кај малолетни лица според возраста

Табела бр. 39 Осудени малолетни лица според возраста во Македонија

| | **1998** | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| **Помл.малолетн. N** | 704 | 707 | 415 | 405 | 333 | 264 | 282 | 235 | 271 | 197 |
| **%** | 75,4 | 75,5 | 44,1 | 46,1 | 42,9 | 32,0 | 32,2 | 30,8 | 32,1 | 29,1 |
| **Пост. малолетн. N** | 230 | 229 | 524 | 472 | 443 | 562 | 595 | 527 | 573 | 479 |
| **%** | 24,6 | 24,5 | 55,9 | 53,9 | 57,1 | 68,0 | 67,8 | 69,2 | 67,9 | 70,9 |

Слика бр. 30 Осудени малолетни лица според возраста во Македонија




Според податоците прикажани на табелата карактеристично е тоа што во првите две години (1998 и 1999) од анализираниот период помладите малолетни лица учествуваат со повеќе од 75% од вкупниот малолетнички криминалитет.

Од вкупниот број на осудени малолетници во десетгодишниот анализиран период (1998-2007), **45,1% се помлади, а 54,9% постари малолетни лица**. Соодносот на помлади и постари осудени малолетни лица за споменатиот период изнесува **1,2:1** во корист на постарите малоетни лица.

Табела бр. 40 Осудени малолетни лица според возраста во Хрватска

| | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **994** | **875** | **963** | **855** | **974** | **4661** |
| **помлади малолетници N** | 359 | 305 | 328 | 279 | 331 | 1602 |
| **%** | 36,1 | 34,9 | 34,1 | 32,6 | 34,0 | 34,4 |
| **Постари малолетници** | 635 | 570 | 635 | 576 | 643 | 3059 |
| **%** | 63,9 | 65,1 | 65,9 | 67,4 | 66,0 | 65,6 |

Слика бр. 31 Осудени малолетни лица според возраста во Хрватска




Од табеларниот и графичкиот приказ на резултатите констатираме дека во Хрватска учеството на постарите малолетни лица во анализираниот петгодишен период (2002-2006) во вкупниот криминалитет кај младите е доминантно.

Од вкупниот број на осудени малолетници во Хрватска во периодот (2002-2006) **34,4% се помлади, а 65,6% постари малолетни лица.**

Соодносот на учество помеѓу помладите и постарите малолетни сторители на кривични дела изнесува **1,9:1** во корист на постарите малолетни лица.

## 3.8. Дистрибуција на криминалитетот според етничката припадност

Табела бр. 48 Осудени малолени лица според етничката пипадност

| | Национално се изјасниле | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | македонци | Албанци | турци | Роми | власи | Срби | бошњаци | Останато | Непознато |
| 1998 | 934 | N | 587 | 180 | 35 | 100 | - | 13 | | 19 | - |
| | | % | 62,8 | 19,3 | 3,7 | 10,7 | - | 1,4 | | 2,0 | |
| 1999 | 936 | N | 602 | 159 | 30 | 110 | 2 | 13 | | 20 | - |
| | | % | 64,3 | 17,0 | 3,2 | 11,8 | 0,2 | 1,4 | | 2,1 | |
| 2000 | 939 | N | 565 | 182 | 22 | 133 | - | 9 | | 27 | 1 |
| | | % | 60,1 | 19,4 | 2,3 | 14,1 | - | 1,0 | | 2,9 | 0, 1 |
| 2001 | 877 | N | 579 | 122 | 36 | 106 | - | 10 | | 24 | 1 |
| | | % | 66,0 | 14,0 | 4,1 | 12,0 | - | 1,1 | | 28,0 | 0, 1 |
| 2002 | 776 | N | 494 | 123 | 23 | 104 | - | 7 | | 24 | 1 |
| | | % | 63,7 | 15,9 | 3,0 | 13,4 | | 0,9 | | 3,1 | 0,1 |
| 2003 | 826 | N | 573 | 94 | 27 | 111 | 1 | 6 | 4 | 9 | 1 |
| | | % | 69,3 | 11,4 | 3,3 | 13,4 | 0,1 | 0,7 | 0,5 | 1,1 | 0,1 |
| 2004 | 877 | N | 532 | 163 | 32 | 128 | - | 7 | 3 | 11 | 1 |
| | | % | 60,7 | 18,6 | 3,6 | 14,6 | | 0,8 | 0,3 | 1,3 | 0.1 |
| 2005 | 762 | N | 479 | 119 | 14 | 126 | - | 2 | 5 | 14 | 3 |
| | | % | 62,9 | 15,6 | 1,8 | 16,5 | | 0,3 | 0,7 | 1,8 | 0,1 |
| 2006 | 844 | N | 407 | 164 | 34 | 164 | - | 3 | 12 | 39 | 24 |
| | | % | 48,2 | 19,4 | 4,0 | 19,4 | | 0,4 | 1,4 | 4,6 | 2,8 |
| 2007 | 676 | N | 364 | 138 | 17 | 138 | - | 3 | 5 | 6 | 7 |
| | | % | 53,8 | 20,4 | 2,5 | 20,4 | - | 0,4 | 0,7 | 0,9 | 1,0 |

(Бошњаците во Уставот како етничка заедница влегоа во 2002 година);

Слика бр. 39 Осудени малолени лица според етничката припадност




Од податоците на табелата се констатира дека во анализираниот период (1998-2007) најзастапени се малолетниците од македонска етничка припадност (во продолжение МЕП) што е очекувано бидејќи процентуално се најмногу застапени во целокупното население. Од 1998 до 2007 година правосилно се осудени 5182 или 61,3% малолетници од македонска етничка припадност.

Во анализираниот десетгодишен период, од вкупниот број на осудени, 17,1% или 1444 малолетници се од **албанската етничка припадност.** Од нив 82,1% за кривични дела од имотна природа. Кривичните дела против животот и телото кај оваа етничка заедница застапени се со 5,8 %. Кривичните дела против безбедноста на сообраќајот кај албанската етничка припадност застапени се со 4,8%. Кривичните дела против јавниот ред и мир застапени се со 3,7%. Преваленцијата на делата против половата слобода и половиот морал изнесува 1,2%. ***Специфично за малолетниците од албанската етничка припадност се кривичните дела од областа на јавните финансии (фалсификување на пари и криумчарење стока преку царинска линија) каде што учествуваат со 43,3% од вкупниот број на сторени кривични дела од споменатата област во анализираниот 10 годишен период.*** Други значајни обележја на криминалитетот кај малолетниците од АЕП се *кривичните дела* поврзани со производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци,

чие учество изнесува 26,0 % од вкупниот број на сторени кривични дела од страна на малолетниците.

Според процентуалната застапеноста на етничките заедници во вкупното население на Македонија, од податоците прикажани на табелата може да се констатира дека најмногу осудени малолетни лица имаме од ромската етничка припадност, чија застапеност се движи од 10,7 % во 1998 година па до 20,4 % во 2007 година и истата континуирано се зголемува. Годишно во просек за споменатиот период Ромите учествуваат со 14,5% во вкупниот криминалитет. Кај малолетниците од ромска националност од вкупно 1220 кривични дела сторени за анализираниот период (1998-2007) 84% се од имотна природа, 2,8% против животот и телото, 2,2% против половата слобода, 1,8% против безбедноста на сообраќајот. Во преостанатите 10,2% се вклучени другите кривични дела. Најголемото учество на Ромите во малолетничкиот криминалитет најверојатно се должи на семејноматеријалните прилики и ниското културно-образовно ниво.

Малолетниците од турската етничка припадност (ТЕП) учествуваат со 270 или 3,2 %; на петто место со 2,3% се сторителите кои не се изјасниле за својата национална припадност. По нив следуваат малолетниците од српска националност со 73 правосилно осудени или 0,9 % од вкупниот број осудени.

Малолетниците од бошњачката национална припадност (БЕП) се евидентираат од 2003 година и нивното учество во просек годишно за периодот од 2003-2007 година изнесува 0,7%.

Најмалку правосилно осудени имаме кај малолетниците од влашката етничка припадност, што е очекувано бидејќи како малцинство најлесно се прилагодуваат на транзицијата. За периодот од 1998 до 2007 година имаме само 3 правосилно осудени малолетника од влашката етничка припадност.

### 3.9. Кривичните санкции спрема малолетните лица

Табела бр. 41 Изречени кривични санкции кај малолетните лица во Македонија

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| **Дисципл. Мерки N** | **217** | **140** | **119** | **107** | **99** | **120** | **148** | **119** | **122** | **64** |
| **%** | **23,2** | **15,0** | **12,7** | **12,2** | **12,8** | **14,5** | **16,9** | **15,7** | **14,5** | **9,5** |
| Помл. малолетници | 156 | 99 | 50 | 48 | 38 | 36 | 52 | 26 | 36 | 18 |
| Пост. малолетници | 61 | 41 | 69 | 59 | 61 | 84 | 96 | 93 | 86 | 46 |
| **засилен надзор N** | **684** | **775** | **786** | **740** | **655** | **689** | **685** | **610** | **695** | **579** |
| **%** | **73,3** | **82,9** | **83,7** | **84,4** | **84,4** | **83,4** | **78,1** | **80,0** | **82,3** | **85,6** |
| Помл. малолетници | 527 | 591 | 350 | 347 | 282 | 226 | 216 | 204 | 226 | 170 |
| Пост. малолетници | 157 | 184 | 436 | 393 | 373 | 463 | 469 | 406 | 469 | 409 |
| **Заводски мерки N** | **29** | **19** | **21** | **20** | **17** | **10** | **38** | **25** | **18** | **18** |
| **%** | **3,1** | **2,0** | **2,2** | **2,3** | **2,2** | **1,2** | **4,3** | **3,3** | **2,1** | **2,7** |
| Помл. малолетници | 21 | 17 | 15 | 10 | 13 | 2 | 14 | 5 | 9 | 9 |
| Пост. малолетници | 8 | 2 | 6 | 10 | 4 | 8 | 24 | 20 | 9 | 9 |
| **Малолет. затвор N** | **4** | **2** | **13** | **10** | **5** | **7** | **6** | **8** | **9** | **15** |
| **%** | **0,4** | **0,1** | **1,4** | **1,1** | **0,6** | **0,9** | **0,7** | **1,0** | **1,1** | **2,2** |
| Помл. малолетници | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Пост. малолетници | 4 | 2 | 13 | 10 | 5 | 7 | 6 | 8 | 9 | 15 |

Слика бр. 32 Изречени кривични санкции кај малолетните лица во Македонија




Од табеларниот и графичкиот приказ на резултатите констатираме дека во Македонија во анализираниот период најпопуларни кривични санкции, кои се применуваат кај малолетните сторители на кривични дела, се ***мерките на засилен надзор.*** Застапеноста на овој вид мерки за споменатиот десетгодишен период изнесува 81,6%.

Според застапеноста следуваат дисциплинските мерки со 14,9%.

Заводските мерки (упатување во воспитна установа и упатување во ВПД) се застапени со 2,5%. На крај сосема очекувано најмалку изрекувана санкција кај (постарите) малолетните лица е казната малолетнички затвор. Според презентираните резултати, воспитните мерки се изречени кај 99% од осудените малолетни лица.

Постои голема разлика во примената на мерката засилен надзор во Македонија и во Хрватска, каде мерката на засилена грижа и надзор е многу помалку застапена – просечно 41,3%.

Казната малолетнички затвор која според КЗ и ЗМП се изрекува само на постари малолетни лица во анализираниот период најмногу во 15 случаи е изречена во последната (2007) година. Во периодот од 1998 до 2007 година казната малолетнички затвор е изречена на 79 постари малолетни лица или апроксимативно 1% од вкупниот број на изречени санкции. Идентична е процентуалната застапеност на казната малолетнички затвор во Хрватска.

Табела бр. 42 Изречени кривични санкции кај малолетните лица во Хрватска

| | | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | **994** | **875** | **963** | **855** | **974** | **4661** |
| **Дисциплински мерки** | N | 454 | 347 | 394 | 363 | 410 | 1968 |
| | % | 45,7 | 39,7 | 41,0 | 42,5 | 42,0 | 42,2 |
| помлади малолетници | | 155 | 110 | 112 | 107 | 118 | |
| постари малолетници | | 299 | 237 | 282 | 256 | 292 | |
| **Засил грижа и надзор со днев.престој. во в. установа** | N | 391 | 394 | 422 | 321 | 397 | 1925 |
| | % | 39,3 | 45,0 | 43,8 | 37,5 | 40,8 | 41,3 |
| помлади малолетници | | 140 | 147 | 165 | 112 | 152 | |
| постари малолетници | | 251 | 247 | 257 | 209 | 245 | |
| **Заводски мерки** | N | 114 | 86 | 89 | 110 | 97 | 496 |
| | % | 11,5 | 9,8 | 9,2 | 12,9 | 10,0 | 10,7 |
| помлади малолетници | | 64 | 48 | 51 | 60 | 61 | |
| постари малолетници | | 50 | 38 | 38 | 50 | 36 | |
| **Малолетнички затвор** | N | 8 | 11 | 7 | 14 | 12 | 52 |
| | % | 0,8 | 1,3 | 0,7 | 1,6 | 1,2 | 1,1 |
| **Условен малолетнички затвор** | N | 27 | 37 | 51 | 47 | 58 | 220 |
| | % | 2,7 | 4,2 | 5,3 | 5,5 | 6,0 | 4,7 |

Слика бр. 33 Изречени кривични санкции кај малолетните лица во Хрватска




Според статистичките показатели во Хрватска најпопуларни санкции наменети за малолетните сторители на кривични дела се *дисциплинските мерки* чија застапеност во анализираниот период (2002-2006) изнесува 42,2%.

На второ место со 41,3% се *мерките на засилена грижа и засилен надзор со дневен престој во воспитна установа.*

*Заводските мерки* се применети кај 10,7% од осудените малолетни лица. Условната казна малолетнички затвор е застапена со 4,7% во вкупниот број на изречени кривични санкции.

Казната малолетнички затвор е најмалку применувана. Исто како и во Македонија, нејзината примена изнесува 1% од вкупниот број на изречени санкции.

## 3.10 Начин на извршување на кривичните дела

Табела бр. 43 Осудени малолетни лица според начинот на извршување на делото

| | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно осудени | | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 |
| Сам | **N** | **346** | **341** | **298** | **324** | **263** | **268** | * | **287** | **370** | **253** |
| | **%** | **37,0** | **36,4** | **31,7** | **36,9** | **33,9** | **32,4** | | **37,7** | **43,8** | **37,4** |
| Соучесништво | **N** | **588** | **595** | **641** | **553** | **513** | **558** | * | **475** | **474** | **423** |
| | **%** | **63,0** | **63,6** | **68,3** | **63,1** | **66,1** | **67,6** | | **62,3** | **56,2** | **62,6** |
| Извршител | N | 25 | 8 | 26 | 7 | 15 | 16 | * | 52 | 20 | 74 |
| | % | 4,3 | 1,3 | 4,0 | 1,3 | 2,9 | 2,9 | | 11,0 | 4,2 | 17,5 |
| Соизвршител | **N** | **562** | **580** | **608** | **543** | **491** | **537** | * | **423** | **450** | **349** |
| | **%** | **95,6** | **97,5** | **94,9** | **98,2** | **95,7** | **96,2** | | **89,0** | **94,9** | **82,5** |
| Поттикнувач | N | - | 1 | 1 | 0 | 1 | 4 | * | 0 | 4 | 0 |
| Помагач | N | 1 | 6 | 6 | 3 | 6 | 1 | * | 0 | 0 | 0 |

Во презентираните резултати недостасуваат податоците од Основниот суд во Куманово и податоците комплетно за 2004 г.

Од податоците прикажани на табелата може да се констатира дека малолетните лица кривичните дела ги вршат главно во соучесништво, што процентуално изнесува 63,6% од вкупно изршените кривични дела.

Соизвршителството со 94% е најзастапен облик на соучесништво, додека извршителството е застапено со 5,5% од вкупниот број на извршени кривични дела. Останатите облици на соучесништво се многу ретки, а во поедини години и воопшто не се застапени. Гледано во целина, високо изразеното групно вршење на кривични дела преставува сериозен општествен проблем.

Резултатите укажуваат на тоа дека групното вршење на кривичните дела е едно од главните обележја по кое малолетничкиот криминалитет се разликува од криминалитетот кај возрасните. Претпоставуваме дека вршењето на кривичните дела во помали или поголеми групи се должи на потребата од здружување и интензивната социјална комуникација. Младите најчесто се здружуваат во неформални групи поради неможноста да ги задоволат своите потреби или мотиви во званичните облици на организирања и колективни активности во рамките на училиштето и другите формални институции или организации. Честопати влегуваат во споменатите групи, односно банди, заради задоволување на чувството на припадност.

Слика бр. 34 Осудени малолетни лица според начинот на извршување на делото




Табела бр. 44 Број на учесници во извршувањето на делото

| учесници во извршувањето | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно осудени | | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 | 877 | 762 | 844 | 676 |
| едно лице | N | 346 | 341 | 298 | 324 | 263 | 268 | * | 287 | 370 | 253 |
| | % | 37,0 | 36,4 | 31,7 | 36,9 | 33,9 | 32,5 | * | 37,7 | 43,8 | 37,4 |
| две лица | N | 262 | 253 | 252 | 249 | 193 | 241 | * | 181 | 227 | 186 |
| | % | 28,1 | 27,1 | 26,9 | 28,4 | 24,9 | 29,2 | | 23,8 | 26,9 | 27,5 |
| три лица | N | 168 | 149 | 159 | 122 | 139 | 166 | * | 139 | 126 | 103 |
| | % | 18,0 | 15,9 | 16,9 | 13,9 | 17,9 | 20,0 | * | 18,2 | 14,9 | 15,2 |
| четри лица | N | 72 | 94 | 121 | 75 | 89 | 56 | * | 78 | 72 | 63 |
| | % | 7,7 | 10,0 | 12,9 | 8,6 | 11,5 | 6,8 | * | 10,2 | 8,6 | 9,4 |
| пет и повеќе | N | 86 | 99 | 109 | 107 | 92 | 95 | * | 77 | 49 | 71 |
| | % | 9,2 | 10,6 | 11,6 | 12,2 | 11,8 | 11,5 | * | 10,1 | 5,8 | 10,5 |

Во презентираните резултати недостасуваат податоците од Основниот суд во Куманово и податоците комплетно за 2004 г.

Во најголем број, 36,3% кривичните дела се извршени од страна на едно лице. Кога станува збор за бројот на учесници во извршувањето на делото 27% од малолетните лица делото го извршиле со уште едно лице односно делото е сторено од страна на две лица; 16,8% од вкупниот број на кривични дела биле сторени од страна на три лица; 9,5% од страна на четири лица и 10,4% од страна на пет лица.

Во наредната слика графички е прикажана застапеноста на бројот на учесници во извршувањето на кривичните дела со помош на аритметичка средина за анализираниот период од 1998 до 2007 година.

Слика бр. 35 Број на учесници во извршувањето на делото




3.9.1. Структура на сооучесниците

Табела бр. 45  Со кого го сториле делото

| со кого е изврш. Делото | | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени** | | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| **Сам** | **N** | 346 | 341 | 298 | 324 | 263 | 268 | * | 287 | 370 | 253 |
| | % | 37,0 | 36,4 | 31,7 | 36,9 | 33,9 | 32,4 | * | 37,7 | 43,9 | 37,4 |
| **Со полнолетни** | **N** | 30 | 63 | 45 | 43 | 33 | 47 | * | 31 | 44 | 41 |
| | **%** | 3,2 | 6,7 | 4,8 | 4,9 | 4,3 | 5,7 | * | 4,1 | 5,2 | 6,1 |
| **Со малолетни** | **N** | 503 | 459 | 498 | 451 | 405 | 467 | * | 402 | 406 | 354 |
| | **%** | 53,9 | 49,0 | 53,0 | 51,4 | 52,2 | 56,6 | * | 52,8 | 48,1 | 52,4 |
| **Со малолетни и полнолетни лица** | **N** | 55 | 73 | 98 | 59 | 75 | 44 | * | 42 | 24 | 28 |
| | **%** | 5,9 | 7,8 | 10,4 | 6,7 | 9,7 | 5,3 | * | 5,5 | 2,8 | 4,1 |

Во презентираните резултати недостасуваат податоците од Основниот суд во Куманово и податоците комплетно за 2004 г.

Од презентираните резултати може да се констатира дека во сите години од анализираниот период, најмногу кривичните дела малолетниците вршеле заедно со други малолетни лица и тоа 52,1% од вкупниот број на извршени кривични дела.

На второ место се индивидуално или самостојно извршените кривични дела кои се застапени со 36,5%. По нив следуваат кривичните дела сторени комбинирано (со полнолетни и малолетни лица) чија застапеност во просек годишно изнесува 6,5%.

Малолетните лица во споменатиот период најмалку дела имаат сторено заедно со полнолетни лица и таа застапеност изнесува 5% .

Слика бр. 36 Со кого го сториле делото




### 3.11. Рано започнување со вршење кривични дела

Табела бр. 46 Возраст кога прв пат биле во судир со законот

| Возраст | Малолетни престапници | | | | | | Вупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни | | Гранични | | Подпросечни | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| до 10 год. | 3 | 4,8 | 2 | 3,2 | 8 | 12,9 | 13 | 20,9 |
| до 12 год. | 3 | 4,8 | 2 | 3,2 | 10 | 16,2 | 15 | 24.2 |
| до 14 год. | 7 | 11,3 | 5 | 8,1 | 10 | 16,1 | 22 | 35,5 |
| 14-18 год. | 5 | 8,1 | 0 | 0 | 7 | 11.3 | 12 | 19,4 |
| Вупно | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

Загрижувачки е фактот што 80,6% од испитаниците, кои се на издржување на некоја од споменатите санкции, сториле кривични дела како категорија на деца т.е. до 14-та година од животот. Уште позагрижувачки е фактот што 20,9% од нив сториле кривични дела на возраст до 10 години, 24,2% до 12 години и 35,5% до навршени 13 години живот. Повеќе од 56% потпросечни испитаници за прв пат во судир со законот дошле до 14-та година, односно како категорија на деца.

Слика бр. 37   Возраст кога прв пат биле во судир со законот




## 3.12.Учество на лицата со интелектуален дефицит во малолетничкиот криминалитет

Табела бр. 47  IQ кај малолетниците престапници

| Малолетни престапници | ВПД Тетово | | МЗ Охрид | | КПД Идризово | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| **Просечни** | 9 | 14,5 | 9 | 14,5 | / | / | **18** | **29,1** |
| **Гранични** | 4 | 6,4 | 3 | 4,9 | 2 | 3,2 | **9** | **14,5** |
| **Подпросечни** | 22 | 35,5 | 10 | 16,1 | 3 | 4,9 | **35** | **56,4** |
| **Вкупно** | **35** | **56,4** | **22** | **35,5** | **5** | **8,1** | **62** | **100** |

Слика бр. 38  IQ кај малолетниците престапници



Од вкупно 62 испитаници, 35 се на издржување заводска мерка упатување во ВПД; 22 ја издржуваат казна малолетнички затвор во малолетнички затвор Охрид и 5 испитаници ја издржуваат казната малолетнички затвор во КПД Идризово (во РМ лицата кои се постари од 21 година казната малолетнички затвор ја издржуваат во КПД Идризово).

Од вкупниот број на осудени малолетници, 29% имаат просечна интелегенција, 14,5% имаат гранична и 56,4% имаат IQ под просек. Според истражувањата на Бакиќ (1995) 22% од испитаниците во заводот Туропоље (Хрватска) на стандардизираните тестови за интелегенција покажале IQ под просек, 68% просечна интелегенција, а кај 10% натпросечна интелегенција.

Од податоците на табелата се констатира дека најголем број на малолетници имаат IQ под просек. Ако во оваа група се вбројат и престапниците со гранична интелегенција, тогаш бројот на лицата со интелектуален дефицит би бил 70,9% од малолетниците кои се на издржување на некоја од пред малку споменатите санкции.

Таквата преваленција на лицата со интелектуален дефицит главно се должи на нивната сугестибилност како карактерна особина и помалата способност за расудување и предвидување на можните последици од дејствијата што ги преземаат.

Друга причина за таквата процентуална застапеност на оваа категорија на малолетни престапници се должи на нивната помала способност да ги сокријат материјалните траги од стореното дело, како и неможноста да изготват лажно алиби.

Поради наведените причини велиме дека интелектуалниот дефицит е можен, но не најзначаен или пресуден фактор за делинквентно однесување.

### 3.13. Работен статус на родителите

Табела број. 49 Работен статус на таткото кај осудените малолетни лица

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| Вработени N<br>% | 672<br>71,9 | 627<br>67,0 | 359<br>38,2 | 325<br>37,0 | 501<br>64,6 | 523<br>63,4 | 481<br>54,8 | 401<br>52,6 | 434<br>51,4 | 343<br>50,8 |
| Невработени N<br>% | 137<br>14,7 | 149<br>15,9 | 187<br>19,9 | 151<br>17,2 | 144<br>18,8 | 177<br>21,4 | 234<br>26,7 | 251<br>32,9 | 260<br>30,8 | 236<br>34,9 |
| Пензионери N<br>% | 30<br>3,2 | 30<br>3,2 | 27<br>2,9 | 29<br>3,3 | 19<br>2,4 | 25<br>3,0 | 31<br>3,5 | 13<br>1,8 | 12<br>1,4 | 11<br>1,6 |
| Неспособни за N<br>работа % | 1<br>0,1 | / | / | / | / | 1<br>0,1 | 1<br>0,1 | / | / | / |
| Непознато и N<br>Без занимање % | 94<br>10,1 | 130<br>13,9 | 366<br>39,0 | 372<br>42,4 | 112<br>14,4 | 100<br>12,1 | 130<br>14,9 | 97<br>12,7 | 138<br>16,4 | 86<br>12,7 |

Слика бр. 40 Работен статус на таткото кај осудените малолетни лица




Од податоците прикажани на табела број 49. може да се констатира дека бројот на невработени родители (татко) на осудените малолетници од 1998 до 2007 година континуирано се зголемува. Во 1998 година кај 14,7% од вкупниот број на осудени малолетници таткото имал невработен статус, додека во 2007 година таков статус имало кај 34,9% случаи. Овие податоци ни даваат за право да констатираме дека невработеноста, а како последица на тоа сиромаштијата и бедата, се можен индикатор за манифестирање на неприфатливи форми на однесување.

Табела бр. 50 Работен статус на мајката кај осудените малолетни лица

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| Вработени N<br>% | 327<br>35,0 | 339<br>36,4 | 227<br>24,2 | 202<br>23,0 | 170<br>21,9 | 320<br>38,8 | 273<br>31,1 | 250<br>32,8 | 201<br>23,8 | 162<br>24,0 |
| Невработени N<br>% | 121<br>13,0 | 169<br>18,1 | 158<br>16,8 | 175<br>20,0 | 144<br>18,6 | 191<br>23,1 | 250<br>28,5 | 280<br>36,7 | 225<br>26,7 | 264<br>39,0 |
| Пензионери N<br>% | 11<br>1,1 | 18<br>1,9 | 24<br>2,6 | 10<br>1,1 | 20<br>2,5 | 13<br>1,6 | 14<br>1,6 | 4<br>0,5 | 4<br>0,4 | 6<br>0,9 |
| Неспособни за N<br>работа % | / | / | / | / | / | 1<br>0,1 | / | / | / | / |
| Домакинка N<br>% | 392<br>42,0 | 335<br>35,8 | 340<br>36,2 | 282<br>32,2 | 276<br>35,6 | 250<br>30,2 | 259<br>29,5 | 156<br>20,5 | 351<br>41,6 | 167<br>24,7 |
| Ученици или N<br>студенти % | 1<br>0,1 | 4<br>0,4 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Непознато и N<br>без занимање % | 82<br>8,8 | 69<br>7,4 | 190<br>20,2 | 208<br>23,7 | 166<br>21,4 | 51<br>6,2 | 81<br>9,3 | 72<br>9,5 | 63<br>7,5 | 77<br>11,4 |

Слика бр. 41 Работен статус на мајката кај осудените малолетни лица




Невработеноста на мајката кај осудените малолетни лица во просек годишно изнесува **23,4%**. Истиот е особено зголемен во последните четири години од анализираниот период, за да во 2007 година изнесува 39%. Згора на тоа ако се земе предвид и бројот на мајки кои се регистрирани како домаќинки, 33,2% во просек, тогаш со право може да констатираме дека најголемиот број на малолетни престапници потекнуваат од семејства со ниски материјални примања.

## 3.14. Образовна структура на малолетните престапници

Табела бр. 51 Образована структура кај осудените малолетни лица во Македонија

| Училиште што во моментот го посетува | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** | **877** | **762** | **844** | **676** |
| **Основно N** | 89 | 78 | 86 | 98 | 56 | 57 | 68 | 68 | 64 | 36 |
| % | 9,5 | 8,3 | 9,2 | 11,2 | 7,2 | 6,9 | 7,8 | 8,9 | 7,6 | 5,3 |
| **Средно N** | 377 | 440 | 442 | 435 | 391 | 487 | 438 | 338 | 379 | 335 |
| % | 40,4 | 47,0 | 47,0 | 49,6 | 50,4 | 59,0 | 49,9 | 44,4 | 44,9 | 49,6 |
| **Виша/висока N** | / | / | 5 | 1 | / | 1 | / | 3 | / | / |
| % | / | / | 0,5 | 0,1 | / | 0,1 | / | 0,4 | / | / |
| **Непознато N** | / | 2 | 2 | / | 4 | 2 | 7 | 20 | 8 | 12 |
| % | / | 0,2 | 0,2 | / | 0,5 | 0,2 | 0,8 | 2,6 | 0,9 | 1,8 |
| **Не посетува учил. N** | 468 | 416 | 404 | 343 | 325 | 279 | 364 | 333 | 393 | 293 |
| % | 50,1 | 44,4 | 43,0 | 39,1 | 41,9 | 33,8 | 41,5 | 43,7 | 46,6 | 43,3 |
| | | | | | | | | | | |

Слика бр. 42 Образовна структура кај осудените малолетни лица во Македонија




Од презентираните податоци на табелата може да констатираме дека голем е бројот на малолетните лица кои во времето на извршувањето на делото не биле вклучени во образовниот систем. Процентуалната застапеност на малолетниците кои не биле вклучени во образованиот систем за анализираниот период се движи од 33,8 до 50,1% или годишно во просек 42,7%.

Од вкупниот број на осудени малолетни лица, 8,3% за време на извршувањето на делото посетувале основно училиште, што не е во корелација со нивната

календарска возраст. Со други зборови, најголем дел од нив имале слаб успех и повторувале една или повеќе години. Во моментот на извршувањето на делото, средно образование посетувале 43% од осудените малолетни лица.

Табела бр. 52 Образована структура на малолетните лица на кои им е изречена воспитна мерка во Бугарија

| Вкупно малолетници | | неписмени | | Неоформено основ.образов. | | Основно VIII | | Основно I-IV | | Средно образование | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| 2006 | 5573 | 286 | 5,1 | 453 | 8,1 | 1727 | 31 | 2763 | 49,7 | 344 | 6,1 |
| 2007 | 5163 | 328 | 6,4 | 422 | 8,2 | 1641 | 31,7 | 2447 | 47,4 | 325 | 6,3 |

Во соседна Бугарија според званичните статистички показатели од вкупниот број на малолетниците на кои им е изречена воспитна мерка за 2006 и 2007 година во просек 5,7% биле неписмени, 8,2% со неоформено основно образование, 31% осумгодишно основно образование, 49% четиригодишно основно училиште и 6,2% имале средно образование.

Табела бр. 53 Образовна структура на малолетниците кои издржуваат заводска мерка или казна малолетнички затвор во Македонија

| образование | Основно | | средно | | Студии | | Неписмени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % | N | % |
| **просечни** | 13 | 21 | 4 | 6,5 | / | / | 1 | 1,6 | 18 | 29,1 |
| **гранични** | 16 | 9,7 | / | 0 | / | / | 3 | 4,8 | 9 | 14,5 |
| **подпросечни** | 11 | 17,7 | / | 0 | / | / | 24 | 38,7 | 35 | 56,4 |
| **вкупно** | 30 | 48,4 | 4 | 6,5 | / | / | 28 | 45,1 | 62 | 100 |

Кога станува збор за образовната структура на малолетниците кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор, загрижува фактот што 45,1% се неписмени, а дел од нив и не сакаат да се вклучат во образовната програма за возрасни што се организира во пенитерсиерните установи. Основно образование имаат 48,4% од престапниците, од кои не мал број го дооформиле за време на издржувањето на казната. Средно училиште имаат завршено само 6,5% од осудените малолетници кои се на издржување на заводска мерка или малолетничкиот затвор.

## 3.15. Образовна структура на родителите

Табела бр. 54 Образовна структура на родителите

| Стручна подготовка | Татко | | Мајка | |
|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % |
| Неоформено | 20 | 42,5 | 32 | 62,7 |
| Основно | 17 | 36,3 | 9 | 17,6 |
| Средно | 7 | 14,9 | 8 | 15,7 |
| Високо | 1 | 2,1 | / | / |
| Останато | 2 | 4,2 | 2 | 4,0 |
| Вупно | 47 | 100 | 51 | 100 |

Од прикажаните резултати на табелата се констатира дека во 42,5% случаи таткото имал неоформено основно образование, а мајката во 62,7%. Таткото имал основно образование во 36,3%, а мајката кај 17,6% испитаници. Средно образование таткото имал кај 14,9%, а мајката кај 15,7% од малолетниците кои се на издржување на заводска мерка (ЗМ) или казна малолетнички затвор (МЗ). Со висока стручна спрема имаме само 1 родител (татко) или 2% од родителите на испитаниците.

Слика бр. 45 Образовна структура на родителите



## 3.16. Социјална патологија кај малолетниците кои се на издржување на заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор

Табела бр.54 Социјално патолошки појави во семејството

| Социјално патолошки појави | Малолетни престапници | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни | | Гранични | | Подпросечни | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Има | 4 | 6,4 | 7 | 11,3 | 21 | 33,9 | 32 | 51,6 |
| Нема | 14 | 22,6 | 2 | 3,2 | 14 | 22,6 | 30 | 48,4 |
| Вупно | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

Од резултатите прикажани на табела бр. 54 се констатира дека кај 51,6% во семејствата на испитаниците имало некоја од општествените девијации (алкохолизам, наркоманија, проституција, коцкање, питачење, семејно насилство и сл.), 60% од потпросечните испитаници потекнуваат од семејства во кои се манифестира некоја од споменатите социјално-патолошки појави. Во семејствата на категоријата на испитаници со гранична интелигенција имаме во 77% случаи на појава на некоја од општествените девијации. Во семејствата на просечно интелегентните испитаници во 22% случаи имаме појава на некој од наведените општествени девијации.

Слика бр. 43 Социјално-патолошки појави во семејството




Табела бр. 55 Социјално патолошки појави кај малолетниците

| Девијација | Малолетни престапници | | | | | | Вупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни | | Гранични | | Подпросечни | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Има | 6 | 9,7 | 7 | 11,3 | 21 | 33,9 | 34 | 54,8 |
| Нема | 12 | 19,3 | 2 | 3,2 | 14 | 22,6 | 28 | 45,2 |
| Вупно | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

Загрижувачки се податоците што голем број малолетни сторители на кривични дела, пред доаѓањето на издржување на санкцијата, консумирале алкохол, дрога и психотропни супстанци. Не мал дел од нив и се коцкале. Од вкупно 62 испитаници, 54,8 % биле склони кон консумирање на алкохол, дрога, психотропни супстанци и перкусори. Од просечните испитаници, девијации манифестирале 33%, од испитаниците со гранична интелегенција 78%, а од категоријата на испитаници со IQ под просек 60% манифестирале една или повеќе девијации.

Според истражувањата на Бакиќ (1995) од вкупно 102 малолетни лица во заводот Туропоље (Хрватска), 33% биле склони на консумирање алкохол, а 17% на наркотични дроги и психотропни супстанци.

Слика бр. 44 Социјално патолошки појави кај малолетниците



# IV.Заклучоци и предлог мерки

## 1.Заклучоци

Надлежните институции (ЦСР) недоволно ги евидентираат феноменолошките карактеристики на асоцијалното однесување, та дури ни полот на малолетниците што најдобро може да се види од податоците со кои располага Заводот за социјални дејности, каде што во некои години имаме дури 4,9% малолетници со непознат пол. Република Македонија како земја кандидат за рамноправно членство во Европската унија мора да изгради посериозен пристап кон овој општествен проблем доколку сака успешно и ефикасно да се справи со овој облик на престапничко однесување. Овој заклучок укажува дека хипотезата *Надлежните институции немаат адекватен пристап во третирањето на асоцијалното однесување кај малолетните лица* – делумно се потврдува.

Од пред малку споменатиот заклучок произлегува дека **хипотезата:** *бегање од дома и напуштањето на училиштето се најчести облици на асоцијално однесување* не можеше да се реализира бидејќи ЦСР не ги регистрираат малолетните лица според феноменологијата на асоцијалното однесување.

***Хипотезата:*** *Прекршоците од областа на безбедноста на сообраќајот и прекршоците против јавниот ред и мир доминираат во прекршочното однесување кај малолетните престапници* делумно е потврдена бидејќи надлежните институции (Министерството за внатрешни работи) ги евидентира и регистрира само прекршоците против јавниот ред и мир и делумно прекршоците кои ги третират социјално патолошките појави т.е. уживањето во наркотички дроги и психотропни сустанци. Од друга страна Министерството за правда го евидентира само бројот на сторени прекршоци и решени предмети од областа на прекршочното однесување.

Споменатите министерства и другите надлежните институции треба да изградат посериозен пристап во третманот на овој облик на престапничко однесување. Имено податоците со кои располагаат споменатите министерства се толку сиромашни што е невозможно да се прави споредба со таков вид на однесување во друга земја, а уште помалку да се изготви национална стратегија за сузбивање и елиминирање на овој вид престапничкото однесување кај децата и младите. За да бидат поуспешни и

поефикасни во сузбивањето и елиминирањето на условите и факторите кои доведуваат до различни видови на прекршочно однесување, потребно е надлежните институции да водат евиденција за сторените прекршоци. Овде пред сè мислиме на социодемографските карактеристики на сторителите и тоа: возраста, полот, семејно материјалните прилики како и образовното ниво на малолетните лица. Исто така од голема важност е да се евидентираат феноменолошките карактеристики: видот на прекршоците, обемот на изречените санкции и сл.

***Хипотезата:*** *Малолетните лица за разлика од нивните врсници во Србија, Хрватска и Бугарија имаат поголемо учество во вкупниот криминалитет* делумно е потврдена, бидејќи споменатото учеството на малолетните лица во сите фази од постапката е поголемо само во Србија и Хрватска. Учеството на малолетните лица во Бугарија е поголемо за околу 1% односно тоа изнесува 11,3% наспроти 10,4% кај малолетните престапници во Македонија. Во Србија малолетниците се застапени со 5,5% додека преваленцијата на малолетничкиот криминалитет во Хрватска изнесува 4%.

***Хипотезата:*** *Малолетните лица имаат поголема стапка на криминалитет од возрасните сторители на кривични дела* е целосно потврдена. Имено ако се земе предвид застапеноста на малолетниците во вкупниот број на население може да се констатира дека учеството на малолетните сторители на кривични дела во вкупниот криминалитет е поголемо речиси за 30% во однос на возрасните. Во просек за анализираниот десетгодишен период (1998–2007) на *1000 полнолетни жители имаме 5 осудени лица за сторени кривични дела. Во истиот период на 1000 жители на возраст од 14 до 18 години имаме 6,5 осудени малолетни лица.*

***Хипотезата:*** *Кај малолетниците доминираат кривичните дела од имотна природа* е целосно потврдена. Незавидната економска состојба во која живееме доведе до тоа да најголем број од децата и младите формираат систем на вредности во кој материјалните добра стануваат основна смисла на животот. Како второ материјалната состојба ги диференцира младите т.е. ги лишува од можностите за еднаков и рамноправен почеток во животот, односно ги прави нееднакви при задоволувањето на секојдневните социјални потреби. Токму поради тоа, очекувано е кривичните дела од имотна природа со 83,2% да доминираат во вкупниот малолетнички криминалитет. По нив следуваат кривичните дела против животот и телото чија застапеност се движи од 5 до 6%. На

трето место според застапеноста се кривичните дела против јавниот сообраќај со околу 4%. Понатаму следуваат кривичните дела против половата слобода и половиот морал со 1,2%; против здравјето на луѓето (неовластено производство и пуштање во промет на опојни дроги) со околу 1%. Останатите кривични дела се застапени во многу мал процент.

***Хипотезата:*** *Малолетните лица најчесто ги вршат кривичните дела во соучесништво* се потврдува бидејќи 63,6% од вкупно изршените кривични дела се сторени од две или повеќе лица. Поради споменатото, со право може да констатираме дека групното вршење на кривичните дела е едно од главните обележја по кое малолетничкиот криминалитет се разликува од криминалитетот кај возрасните.

Соизвршителството со 94% е најзастапен облик на соучесништво, додека извршителството е застапено со 5,5% од вкупниот број извршени кривични дела. Останатите облици на соучесништво се многу ретки, а во поедини години и воопшто не се застапени. Вршењето кривични дела во помали или поголеми групи се должи на потребата од здружување и интензивна социјална комуникација. Младите најчесто се здружуваат во неформални групи поради неможност да ги задоволат своите потреби или мотиви во званичните облици на организирање и колективни активности во рамките на училиштето и другите формални институции. Честопати влегуваат во споменатите групи или банди заради задоволување на чувството на припадност.

***Хипотезата:*** *Малолетните сторители на кривични дела имаат низок степен на образование* се потврдува.

Процентуалната застапеност на малолетниците кои не биле вклучени во образованиот систем за време на извршување на кривичното дело во анализираниот период изнесува 42,7%. Од вкупниот број на осудени малолетни лица 8,3% за време на извршувањето на делото посетувале основно училиште што не е во корелација со нивната календарска возраст. Во моментот на извршувањето на делото, средно образование посетувале 43% од осудените малолетни лица.

Ако земеме предвид дека училиштето како институција е одговорно за образовниот, социјалниот и психолошкиот развој на децата и младите, очекувано е дека непосетувањето, отсуствувањето и слабиот училишен успех ќе бидат значаен индикатор за неправилниот развој на малолетникот.

***Хипотезата:*** *Мерките на засилен надзор се најчесто применувани санкции* се потврдува. Имено застапеноста на овој вид мерки за споменатиот десетгодишен период изнесува 81,6%. На второ место се *дисциплинските мерки* чија застапеност изнесува 14,9% од вкупниот број изречени санкции. *Заводските мерки* учествуваат со 2,5% од применетите санкции.

Казната малолетнички затвор која според КЗ и ЗМП се изрекува само на постари малолетни лица, во анализираниот период е изречена на 79 постари малолетни лица или кај 1% од вкупниот број на осудени малолетни лица.

Според статистичките показатели во **Хрватска** популарноста на кривичните санкции немаат ист редослед како во Македонија. Најпопуларни санкции наменети за малолетните сторители на кривични дела (што не е случај во Македонија) се *дисциплинските мерки* чија застапеност во периодот (2002–2006) изнесува 42,2%. На второ место со 41,3% се *мерките на засилена грижа и засилен надзор со дневен престој во воспитна установа.* Заводските мерки се применети кај 10,7%, условната казна малолетнички затвор е застапена со 4,7% во вкупниот број изречени кривични санкции. Само казната малолетнички затвор процентуално (1%) подеднакво е применувана како и во Македонија.

***Хипотезата:*** *Процентуалната застапеност на женските малолетни лица во малолетничкиот криминалитет е многу мала* се потврдува бидејќи процентуалното учеството на малолетните лица од женскиот пол во малолетничкиот криминалитет во анализираниот период (1998–2007) во сите фази од постапката изнесува 2,8%.

Соодносот меѓу машките и женските малолетни сторители на кривични дела во сите фази од постапката апроксимативно изнесува **34:1** во корист на малолетниците од машкиот пол.

Во **Бугарија** годишно во просек за анализираниот период (2002-2006) од вкупниот број осудени малолетни лица, 94,8% се од машкиот, а 5,2% од женскиот пол. Соодносот меѓу машките и женските малолетни сторители на кривични дела изнесува **18,1:1** во корист на малолетниците од машкиот пол. Соодносот на учеството на женските и машките малолетни лица во **Србија** во последната фаза од постапката (осудени) за периодот од 2002-2006 изнесува **21,2:1** во корист на сторителите од машкиот пол. Годишно во просек за анализираниот период од вкупниот број на осудени малолетни лица 95,5% се од машкиот, а 4,5% се од *понежниот пол.*

***Хипотезата:*** *Постапката кај малолетните сторители на кривични дела предолго трае* се потврдува бидејќи кај 2915 или 19% од малолетниците постапката траела над една година, а кај 3833 или 25% од 6 до 12 месеци. Вкупно кај 44% од предметите во кои се обвинети малолетници, постапката траела повеќе од 6 месеци што не е во согласност со Законот за малолетничка правда и Законот за кривична постапка кои им налагаат на сите институции итно решавање на предметите во кои обвинети се малолетни лица.

***Хипотезата:*** *Голем број од малолетните деликвенти пред извршувањето на делото биле консументи на алкохол и/или дрога и психотропни супстанци* се потврдува. Имено од вкупно 62 испитаници, **54,8 %** манифестирале една или повеќе општествени девијации. Од просечните испитаници девијации манифестирале 33%, од испитаниците со гранична интелегенција 78%, а од категоријата на испитаници со IQ под просек 60% манифестирале една или повеќе девијации.

***Хипотезата:*** *Поголем број од малолетниците на кои им е изречена заводска мерка или казна малолетнички затвор се рецидивисти* се потврдува. Имено 75% од малолетниците кои се на издржување на заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор се повторници. Од вкупниот број повторници 46% сториле повеќе кривични дела од иста група (специјални повеќекратни повторници), 17,8% малолетници сториле повеќе кривични дела од различна група (општ повеќекратен повтор); 8% од малолетниците по втор пат извршиле исто кривично дело (обичен специјален повтор) и еден малолетник е сторител на две кривични дела од различна група (општ обичен повтор).

Од податоците може да се констатира дека 80% од ***потпросечните*** малолетни сторители на кривични дела, кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор се рецидивисти. Кај оваа категорија малолетни сторители најзастапен е специјалниот повеќекратен повтор. Кај малолетните престапници со гранична интелегенција имаме 77,8% рецидивизам. Кај оваа категорија најмногу е застапен општиот повеќекратен повтор.

***Хипотезата:*** *Поголемиот број на малолетнице кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор имат интелектуален дефицит* се потврдува. Од вкупниот број на осудени малолетници, кои се на издржување на воспитна мерка

упатување во ВПД или казна малолетнички затвор, 29% имаат просечна интелегенција, 14,5% гранична и 56,4% имаат IQ под просекот. Ако во групата на потпросечни малолетници се вбројат и престапниците со гранична интелегенција, тогаш бројот на лицата со интелектуален дефицит би изнесувал 70,9% од малолетниците кои се на издржување на некоја од пред малку споменатите санкции. Таквата преваленција на лицата со интелектуален дефицит главно се должи на нивната сугестибилност како карактерна особина и помалата способност за расудување и предвидување на можните последици од дејствијата што ги преземаат. Таквата процентуална застапеност на оваа категорија на малолетни престапници може да се должи и на нивната помала способност да ги сокријат материјалните траги од стореното дело, како и неможноста да изготват лажно алиби. Поради споменатите работи велиме дека интелектуалниот дефицит е можен, но не и најзначаен или пресуден фактор.

***Хипотезата:*** *Најголемиот број на малолетници на кои им е изречена заводска мерка или казна затвор во судир со законот дошле пред да наполнат 14 години* се потврдува. Загрижувачки е фактот што 80,6% од испитаниците кои се на издржување на некоја од споменатите санкции сториле кривични дела како категорија на деца до 14-та година од животот. Уште пострашен е фактот што 20,9% од нив сториле кривични дела на возраст до 10 години, 24,2% до 12 години и 35,5% до навршени 13 години живот. Повеќе од 56% ***потпросечни*** испитаници за првпат дошле во судир со законот до 14-та година односно како категорија деца.

***Хипотезата:*** *Поголемиот број од малолетниците потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус* се потврдува.

Статистичките показатели укажуваат на тоа дека 23% од малолетните престапници потекнуваат од семејства чии родители се невработени. Бројот на невработени родители (татко) на осудените малолетници од 1998 до 2007 година континуирано се зголемува. Во 1998 година таткото имал невработен статус кај 14,7% од вкупниот број осудени малолетници, додека во 2007 година кај 34,9%. Невработеноста на мајката кај осудените малолетни лица во просек годишно изнесува 23,4%. Истиот е особено зголемен во последните четири години од анализираниот период, за да во 2007 година достигне 39%. Згора на тоа ако се земе предвид и бројот на мајки кои се регистрирани како домаќинки 33,2% во просек, тогаш со право може да констатираме дека најголе-

миот број на малолетни престапници потекнуваат од семејства со ниски материјални примања. Во услови на транзиција кога материјалната состојба ги диференцира младите и ги лишува од еднаков и рамноправен почеток во животот, а особено во задоволувањето на секојдневните социјални потреби, со право можеме да кажеме дека невработеноста на родителите, односно ниските материјални примања, се можен индикатор за деликвентно однесување.

## 2. Предлог мерки

До колку сакаме ефикасност во сузбивањето на престапничкото однесување, преземените мерки и активности од страна на институциите не треба да бидат насочени само во фокус на престапот туку и на актерот на противправното однесување, оштетената личност или пак заедницата во зависност од тоа дали стореното дело било усмерено кон поединец или општествената заедница.

Превентивни мерки кои треба да се преземат од надлежните институции треба да бидат широко поддржани од јавното мислење, граѓаните, разните институции и невладини здруженија како и од средствата за масовна комуникација.

- Интернализација на моралните принципи преку образовните институции и средствата за масовна комуникација како значајни фактори во формирањето на ставовите, мислењето, и вредностните ориентации.
- Изготвување модели и механизми за практично имплементирање на превенцијата на малолетничкиот криминалитет.
- Организирана помош на децата и младите кои растат и се развиваат во социјално загрозени семејства за да се обезбедат нивните примарни потреби.
- Рано откривање на психички и општествено неприлагодените деца и млади како и на ситуациите, факторите и условите кои можат да имаат криминогено влијание врз нивната личност.
- Обезбедување услови за дневен или продолжителен престој во поголем број училишта.
- Поголема партиципација на државата во трошоците за дневен и продолжителен престој во училиштата.
- Помош на училиштата во дизајнирање на посебни индивидуални содржини во третманот на децата и младите кои манифестираат неприфатливо општествено однесување во училиштата.
- Центрите за социјална работа во соработка со училиштата и дисциплинските центри плански и систематски да го организираат слободното време на децата и младите кои живеат во ризични семејства.
- Формирање служби за експлорација и дијагностика во рамките на правосудните органи (во кои би работеле различни образовни профили: социјални педагози, детски психолози, психијатри за деца и млади и др.) заради подетално запознавање на судиите со био-психо-социјалните карактеристики на малолетните лица кои дошле во судир со законот.

- Формирање на единствен информациски систем за собирање на релевантните информации кои се однесуват на малолетничката деликвенција.
- Доследно да се применува принципот за индивидуализација во изборот и одмерувањето на казната.
- Да се зголеми експедитивноста на судовите во решавањето на предметите кај малолетните престапници т.е. временскиот интервал од пријавувањето до донесувањето на пресудата да биде што е можно пократок.
- Донесување на сите подзаконски акти за спроведување на Законот за малолетничка правда.
- Дизајнирање на индивидуален план во третманот на ресоцијализација за секое осудено малолетно лице.
- Пенитерсиерните установи да обезбедат услови за поголем број занимања за стручно оспособување на осудените малолетници кои издржуват казна затвор или заводска мерка.
- Кадровска екипираност и мултидисциплинарен пристап на институциите кои се занимаваат со дијагностика, опсервација и третман на децата и младите со пореметувања во однесувањето.
- Примена и развивање на полуинституционални и вонинституционални облици на заштита и третман како главна ориентација на активностите за спречување и сузбивање на деликвентното однесување.
- Формирање на посебни стручни тела, органи или одбори за заштита и давање помош во постпеналната фаза на ресоцијализацијата.
- Евалуација на третманот на ресоцијализација преку континуирано следење и помагање на децата и младите по излегувањето од установата сè до нивното успешно вклучување во општествената средина.
- Континуирано усовршување на судиите и јавните обвинители кои работат со малолетни престапници.
- Бенифиции за работодавците при вработување малолетните лица на кои им е изречена заводска мерка или малолетнички затвор.
- Отварање на институција ***Детски омбудсмен*** кој бескомпромисно ќе укажува на пропустите, незаконитоста и неодговорното постапување на посочените органи, служби и установи при релизирање на нивните законски должности и овластувања во сузбивањето на малолетничката делинквенција.

- Министерството за правда да ги евидентира и регистрира малолетните сторители на прекршоци, нивната феноменологија, видот на постапката, одлуката и изречените санкции.
- Поголема транспарентност и соработка на институциите кои се занимаваат со престапничко однесување кај децата и младите.
- Категоризирање и евидентирање на оние деца и млади со пореметувања во однесувањето кои имаат потреба од: специјално воспитание, специјално образование и специјално оспособување за живот и работа.
- Усогласување на научната и стручната јавност за тоа кои феноменолошки појави при пореметување во однесувањето треба да ги опфати Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој.
- Отварање мултидисциплинарни студии за превенција и третман на лицата со пореметувања во однесувањето.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Ајдински Г., (1999), Карактеристики во развојот на лесно ментално ретардираните ученици, Македонска ризница, Куманово
2. Ајдински Г., Киткањ З., (2007), Основи на дефектологијата, Филозофски факултет, Скопје.
3. Ајдински Љ., (1982), Интегрална рехабилитација на ментално ретардираните лица, ЈКСД, Београд.
4. Ajuriaguerra J, (1977), Manuel de psychiatrie de l'enfant, Masson, Paris.
5. Алексоски, С. (1997) Криминална психологија, Педагошки факултет - Штип, П. П. Елвод-Прилеп.
6. Anttila I, (1985) The benefits and Burden of Diverzion, in Pedro R. David (red) Crime and Criminal Policy, UN Social Defense Research institute, Rome.
7. Ačimović M., (1977) Komparativni metod u kriminologiji, JRKKP, br. 4 Beograd.
8. Арнаудовски Љ., (2007), Криминологија, 2-ри Август , Штип.
9. Babić J, (1995), Moralnost i društvena kriza, Institut za pedagoška istraživanja Beograd.
10. Bakić D.,(1996) Neke psiho-socio-emografske osobine i agresivno ponašanje odgojanika u zavodu ya preodgoj malolljetnika Turopolje, u Hrvatska revija za rehabilitaciska istraživanja br. 1, Zagreb.
11. Бараковска А, (2002), Слободно време на учениците како педагошки проблем, (дисертација) Филозофски факултет, Скопје
12. Bartolas C., (2000), Juvenile Delinquency, Allyn and Bacon, Boston.
13. Bašić J, Koller-Trbović N, Uzelac S, (2004), Poremećaji u ponašanju i rizična ponašanja, ERF, Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.
14. Bašić, Žižak i sur. (1992), Programski aspekti tretmana djece i omladine s poremećajima u ponašanju, Socijalna zaštita, Zagreb.
15. Bečin A., (1968), O pojmu i nazivu takoyvane vaspitno zapuštene dece i omladine, u Osvrti br. 1, SDDJ, Beograd.
16. Becker S. H., (1963) Outsiders, The Studies in the Sociology of Deviance, New York.
17. Бојанин С., (1994), Духовност, психијатрија и млади, Научна књига, Београд.
18. Bojanin, S. i Radulović, K. (1988), Socijalna psihijatrija rayvojnog doba, Naučna knjiga, Beograd.
19. Bojanin, S. (1985),Neuropsihologija razvojnog doba i opšti reedukativni metod, Zavod za

uđbenike i nastavna sredstva, Beograd.
20. Борисова В. (2001), Социјализация и ресоцијализация, Универзитетско издателство, Св. Климент Охридски, София.
21. Bošković M, (1995), Kriminologija i socijalna patologija, Matica srpska, Novi Sad.
22. Bregant Milona (1968) Šta je agresivnost vo: Agresivnost deteta ometenog u ponašanju, Odgojni zavod za mušku omladinu, Ivanec, Ljubljana.
23. Bregnat L., (1968), Psihološki aspekti vaspitne zapuštenosti, vo Osvrti, Br. 1, SDDJ, Beograd.
24. Brunner H.G, et.al. (1993) Abnormal behavior associated with a point mutation in the structural gene for monoamine oxidase A, Sciense.
25. Bukelić J, (2000), Socijalna psihijatrija, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva, Beograd.
26. Букилиќ В, (1991), Улога и значај установа за ресоцијализацију, са посебним освртом на потребу трансформације завода за васпитање малољетника у Титограду, во Преступништво младих у СР Црној Гори, Завод за воспитање малољетника Титоград.
27. Чадловски Г. (1993), Криминалистичка психологија, Коникс, Скопје.
28. Carić, A. (1975) Problemi maloletničkog sudstva, Split.
29. Clendenen R., (1963) Why Tean-Agers Go Wrong, in: Nordskog-McDonagh-Vincent
30. Coleman, M. C. (1992): Behavior disorders: teory and practice, Allyn i Bacon, Boston.
31. Cook E.T., Greenberg M.T, and Kushe, C.A, (1994), The relations betveen emotional understanding, intellectual functioning, and disruptive behavior problems in elementary-scool-aged children. Journal of abnormal Child psychology, Vol. 22, No.2. New York.
32. Cytryn L., Lourie S. R.,(1972),"Mental retardation", Freedman M. A., Kaplan H., (eds.): The Child His Psychological and Cultural Development, Atheneum, New York.
33. Criminal Policy, UN Social Defence Research Institute, No. 25, Rome.
34. Čuričić V, Bradić Z, (1997), Preobražaji adolescencije, u Adolescencija revolucija i evolucija u razvoju, Beograd.
35. Čordic. A., Bojanin S,(1992), Opšta defektološka dijagnostika, Beograd.
36. Daniel W.G., (1961), Juvenile Delinquency, vo “Sociology of Crime” vo izdanie I, Roucek, New York.
37. Димитријоска С., (2001), Интервентни форми во социјалната работа со деца под социјален ризик, во Улични деца/деца на улица, Филозофски факултет, Скопје
38. Đorđević D, (1988), Pedagoška psihologija, Dečje novine, Gornji Milanovac.
39. Đurić M.,(1961) Devijantno ponašanje i društvena dezorganizacija, Sociologija, Beograd.

40. Elliot M. and Merrill F. (1934) Social disorganization, Harpes and Brothers New York.
41. Filipčić K., (1998), Obravnavanje mladoletnih delikventov-primerjalnopravni vidik, Univerza v Ljubljani, Institut za kriminologijo pri Pravni fakulteti, Ljubljana.
42. Filipčić K., (1998) Obravnanje mladoletnih delinkventov-Primjerjalnopravni vidik, Ljubljana.
43. From E., (1976) Anatomija ljudske destruktivnosti, Naprijed, Zagreb.
44. Фром Е., (1981), За непослушноста и другите есеи, Комунист, Скопје.
45. Gibs J. C. (1991), Sociomoral Developmental Delayand Cognitive Distortion: implications for the Treatment of Antisocial Youth in the book W. M. kurtines and J .L. Gewritz, Handbook of moral Behavior and Development Vol. 3. Hillsdale, NJj: Lawrence Erlbaum Associates.
46. Glaser D., (1956) Criminality Theories and Behavioral Images, American Journal of Sociology,. LXI, New York.
47. Quay H.C., & J. Wierry J.S.,(1979) Psyhopatological disorders, New York Willey.
48. Hampton C., (1982), Criminal Procedure, Third Edition, London, Sweet i Madzwell
49. Hentig, H. (1959) Zločin, uzroci i uslovi, Saraevo.
50. Hessle, S. and Vinnerljung, B. (1999), Child Welfare in Sweden-An Overview. Stockolm University, Department of Social Work, Stockholm.
51. Hirschi T., (1972), Causes of Delinquency, University of California Press, Berkley.
52. Horvatić Ž., (1998), Osnove Kriminologije, Ministarstvo unutrašnjih poslova, Policijska akademija, Zagreb.
53. Hrnčić J., (1999), Delinkvent ili pacijent, Zadužbina Andrejević, Beograd.
54. Hrnić J., (1996), Karakteristike funkcionisanja porodica maloletnih delinkvenata, Časopis za kliničku psihologiju i socijalnu patologiju br. 3, Beograd.
55. Ilić Z., Žunić-Pavlović V, Jugović A, Radić-Šestić M i Jovanić G, (2005), Smetnje i poremećaji u socijalnom razvoju kod dece mlađeg školskog uzrasta, u Smetnje u razvoju kod dece mlađeg školskog uzrasta, Defektološki fakultet, Beograd.
56. Ilić Z., (2000), Resocijalizacija mladih prestupnika, Defektološki fakultet, Beograd.
57. Ilić Z., (2007), Kriminalitet mladih I reforma pravno institucionalne zaštite u Srbiji, Stanje kriminaliteta u Srbiji i opravdana sredstva reagovanja, I deo, Pravni fakultet, Beograd.
58. Институт за социјална работа и социјална политика, (2004), Емпириска анализа на проблемите на децата во ризик и евалуација на постоечките заштитни фактори,

УНИЦЕФ, Скопје
59. Jacobs P.A, Melville B. M., Brittain M. M., Mc Clemont R. P., (1965), Aggressive behavior mental sub-normality and the XYY male, Nature, 208, New York.
60. Janković I., Pešić V., (1988), Dručtvene devijacije Kritika socijalne patologije, Naučna knjiga, Beograd.
61. Јанкуловски, З. (1994), Полиција и човекови права, Папирус, Скопје.
62. Jašović Ž., (1991), Kriminologija, maloletničke delinkvencije, Naučna knjiga, Beograd.
63. Jugović A., (2004), Rizična ponašanja omladine, u mladi zagubljeni u tranziciji, Centar za proučavanje alternativa, Beograd.
64. Југовић А., ( 2006), Социјална заштита и реформа малолетничког правосудства, Зборник радова-Ново кривично законодавство: дилеме и проблеми у теорији и пракси, Институт ѕа криминолошка истраживања и Виша школа унутрашњих послова, Београд.
65. Кајзер Г., (1996), Криминологија, Александрија, Скопје.
66. Камбовски В., (2004), Компаративна анализа на малолетничкото законодавство, УНИЦЕФ, Скопје.
67. Камбовски В., (2005), Казнено право, општ дел, Култура, Скопје.
68. Kandić Z., (1980), Kriminalitet dece na užem području Beograda, doktorska disertacija, Pravni fakultet, Beograd.
69. Kandić Z., (1986), Osnovi krivičnog prava, Naučna knjiga, Beograd.
70. Kangaspunta K., (1995), Profiles of Criminal Justice Systems in Europe and North America, HEUNI, European Institute for Crime Prevention and Control Affiliated njith the United Nations, Publication Series No. 26, Helsinki.
71. Kazdin A. E., (1985): Treatment of antisocial behavior in children and adolescents, Dorsey Press, Homewood.
72. Kessler, R. et al. (1994), A Lifetime and 12-month prevalence of DSM-III-R psychiatric disorders in the United States: Results from the nationalcomorbidity study, Arch. Gen Psychiatry, New York.
73. Kiely M., (1987), The prevalence of mental retardation, Epidemiology Reviews 9, New York.
74. Knižić, B. (2001), Obrazovanje i resocijalizacija, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.
75. Kocijan H, D. (1996), Moje se dete menja u čemu je problem, Školska knjiga, Zagreb.
76. Kondić K., (1997), Adolescent i njegova okolina, u Adolescencija, identitet-

psihopatologija-psihoterapija, Beograd.
77. Kovačević D., (1997), Specifičnosti socijalnog funkcionisanja adolescenata, vidi vo Adolescencija revolucija i evolucija u razvoju, yadužbina Andrejević, Beograd.
78. Kovačević V., (1976) Doktorska disertacija, Fakultet za defektologiju, Sveučilište u Zagrebu, Zagreb.
79. Кралев Т., (2004), Криминологија, НИП, Студентски збор,Скопје.
80. Krivokapić V., (2008), Prevencija kriminaliteta, Nade desing, Narodno delo, Beograd.
81. Kroff H. M., (1986), The assessment of child and adolescent personality, Guilford Press, New York.
82. Крстић Д., (1988), Психолошки речник , ИРО, Вук Караџић, Београд.
83. Лазаровски Ј., (1997), Алтруистичко и агресивно однесување, Матица македонска, Скопје.
84. Laignel-La vastin M, i Stanciu V., (1964) Crime and Personalitu, Boston.
85. Лажетиќ Бужаровска Г., (2003), Алтернативи за затворот, Борографика, Скопје.
86. Lemert E., (1951), Socijal pathology, New York-London-Toronto.
87. Lukić, R.D, (1962), Osnovi Sociologije, Beograd.
88. Majkić M., (2008), Nasilje u skolama i zloupotreba psihoaktivnih supstanci, u Poremečaji ponašanja u sistemu obrazovanja, FZSER, Beograd.
89. Матевски. Н, (2004), Казнено процесно право, посебен дел, Правен факултет, Скопје.
90. Mc Slosky., Chaar J., (1965) Psychological Dimenzions of Anomy, во American Sociological Review, No 1, New York.
91. Mentus T, (2008), Nasilje u skolama, u Poremečaji ponašanja u sistemu obrazovanja, FZSER, Beograd.
92. Merton R.,(1969), Social Strukture and Anomie, во Delinquency, Crime and Social Process, ur. Cressey D. R, Ward D. A., Harper & Row, New York.
93. Mikšaj-Todorović Lj.,(1993), Manifestna razina promjena u strukturi delinkvencije malodobnih u republici Hrvatskoj, Kriminologija i socijalna integracija br. 1, Zagreb.
94. Miller B., (1958), Lower-Class Culture az a Generating Milieu of Gang Delinquency, u Journal of Social Issues, 14, no. 3, New York.
95. Миланковић-Васовић Љ. (2005), Уредник: Жељко Вујотић, приредили: Обрадовић Д., Милошевић Н., Малолетни учиниоци кривичних дела и кривично правна заштита малолетних лица, Интермех, Београд.

96. Milosavljević M., (2004), Zlostavljanje i zanemarivanje dece, Socijalno humanitarno udruženje, Sačuvajmo decu, Beograd.
97. Milosavljević M. (2005), Reforma sistema pravno-institucionalne zaštite maloletnih prestupnika, Socijalno humanitarno udruženje Sačuvajmo decu, Beograd.
98. Milutinović M. i Aleksic Ž, (1989), Maloletnicka delinkvencija, Naučna knjiga, Beograd.
99. Milutinoviħ M., (1988), Kriminologija, Savremena administracija, Beograd
100. Milutinović M., (1971), Osvrti br. 4; Etiologije maloletničkog prestupništva; SDDJ, Beograd.
101. Милутиновић М., (1957), Криминалитет као друштвена појава, Београд.
102. Милутиновић М., (1961), Проблем криминогених фактора у савременој криминолошкој литератури, Народна милиција, бр. 6/61, Београд.
103. Njooton B., (1959), Social Science and Social Pathology, London,
104. Obradović D., Milošević N, (2005), Maloletni učinioci krivičnih dela i krivično pravna zaštita maloletnih lica, Intermex, Beograd.
105. Paul Softley (1985), (with the assistance of David Rrown, Bob Forde, George Mair and David Moxon), Police Interrogation: An Observational Stady in Four Police Stations.
106. Paulsen F.,( 1921), System der Ethik, Stuttgart-Berlin.
107. Pejović-Milovančević M, (2001), Poremečaj ponašanja dece i omladine, Zadužbina Andrejević, Beograd.
108. Pejović-Milovančević M., (2000), Problemi klasifikacije kliničkog entiteta „Poremečaj ponašanja", Psihijatrija danas, Beograd.
109. Petravić S. (1996) Konstrukcija skale za procjenu ponašanja učenika u razredu, Filozofski fakultet, Zagreb.
110. Petrović M., (1973) Vrednosne orientacije delinkvenata, Beograd.
111. Poldrugač Z., Marušić D. i Žižak A., (2006), Poludnevni tretman djece i mladeži s poremećajima u ponašanju, ERF Sveučilište u Zagrebu.
112. Radovanović D., (1992), Čovek i zatvor, Prometej, Beograd.
113. Radulović M. D., (2006), Psihologija kriminala-psihopatija i prestupništvo, FZSER; Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd.
114. Ristanović- Nikolić, V. (2000) Od žrtve do zatvorenice, Viktimiloško društvo Srbije, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Prometej, Beograd.

115. Robinson S. M., (1962), ”Juvenile Delinquecy, its Nature and Control”, Holt Rinehart and Winstonn New York.
116. Roger T., and John B., (1995), Policing Today, London.
117. Rot N., (1981), Psihologija ličnosti, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva, Beograd,
118. Rot, N. (1995) Psihologija grupa, IP Zavet, Beograd
119. Ружин Н., (2004), Социјална политика, Филозофски факултет, Скопје
120. Ружин Н., (2006), Современи системи за социјална заштита, Филозофски факултет, Скопје
121. Singer M, (1994), Kriminologija, Globus, Zagreb.
122. Singer M., (1984), Nasilničko ponašanje, Penološke teme, br. 3-4, Zagreb, 221-237
123. Snell M. E., Renzaglija M. A., (1982),"Moderate, Swere and Profound Handicaps": Haring N.G. (ed.), Exceptional Children and Youth, Charles E. Merrill, Columbus, Ohio.
124. Stakić Đ., Milovanović M., (1991), Metode socijalnog rada, Beograd.
125. Стакић Џ.,(1991), Методика рада са малолетним деликвентима, Дечје новине, Горњи Милановац.
126. Смиљанић, В., Толичић И., (1976), Дечја психологија, Завод за издавање уџбеника и наставна средства, Београд.
127. Сулејманов З. (2007), Криминологија, Графос, Скопје.
128. Сулејманов З., Стојановски Н., (2002) Социјална патологија, Филозофски факултет, Скопје.
129. Sutherland E., Cressey D., (1966), Principles of Criminology, Sixth Edition, J. B. Lippincott Company, Chicago.
130. Szymanski S. L., Tanguay P. E., (1980), *Emotional Disordes of Mentallu Retarded Persons*, Universitty Park Press, Baltimore.
131. Shogam S., (1973), Stigma and Sterrotipe, The interakcionist Approach, referat na VII međunarodni kongres za kriminologiju, Beograd.
132. Špadijer Džinić., J. (1988), Socijalna patologija, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva-Beograd.
133. Šuklić M, Stevanović I., (1999), Maloletni delinkventi u Srbiji, Jugoslovenski centar za prava deteta, Beograd.
134. Švrakić D., (1989), Poremećaji ličnosti: Psihijatrija, ur. Kecmanović D, „Medicinska knjiga- Svijetlost“ , Beograd-Zagreb.
135. Tadić N., (1989),Psihijatrija detinjstva i mladosti, Naučna knjiga, Beograd.

136. Такашманова-Соколовска Т., (1998), Когнитивен развој и сликата за себе во периодот на адолесценција, Графохартија, Скопје.
137. Todorović A., (1971), Uzroci maloletičkog prestupništva, Beograd.
138. Трајковски В., (2004), Генетски аспекти на деликвентното и криминално однесување, во Годишен зборник на Филозофски факултет на Универзитет „Св Кирил и Методиј" Скопје.
139. Требјешанин Ж., (2000), Речник Психологије, Стубови културе, Београд.
140. Uzelac S. i suradnici, (1990), Fakultet za defektologiju, Zagreb.
141. Uzelac, S. (1993). Neke soiodemografske karakteristike malolljetnika sankcioniranih u Republici Hrvatskoj, Kriminologija i socijalna integracija, 1, Zagreb.
142. Велкова Т., (1999) Повторот кај малолетните сторители на кривични дела, 2 Август, Штип.
143. Vidanović, I. (1991), Metodika socijalnog rada s pojedincem i porodicom , I opšt deo, Naučna knjiga, Beograd.
144. Vincent, M. (1997), Ka autonomiji: adolescencija, u: Adolescencija, identitet-psihopatologija-psihoterapija, ur. Erić Lj, Ćurčić. Beograd.
145. Willam i Joan McCord, (1964), The psychopath: An essay on the criminal mind Princeton: Van Nostrand.
146. Žganec, N. (1999). Organiziranje lokalne yajednice u prevenciji poremečaja u ponašanju djece i mladeži (disertacia) Edukacijsko'rehabilitacijski fakultet, Zagreb.
147. Žužul M., (1986), Pregled teorija agresivnosti, Penološke teme br. 3-4 Zagreb.

**Списанија**

148. Unicef, innocenti, digest, Juvenile, Florence- Italy, January, 1998
149. Criminal Justice Systems in Europe, Helsinki, 1985
150. Criminal Justice Systems in Europe.
151. The National Council for Crime Prevention Snjeden, The Snjedish Code of Judicial Procedure, (1985), Maz, Report , No 16, Stockholm .
152. The National Council for Crime Prevention Snjeden, The Snjedish Penal Code, (1986), Maz, No 2, Stockholm.
153. Drug War Chronicle-world leading drug policy newsletter Issue # 557, 24/10/2008
154. Federal Statistical office-(STAT magazine) Juvenile delinquency in Germany 24.01.2008
155. International review of Criminal policy, (1990) special Double volume on Juvenile Jjustice in international perspektive, UN, New York.

153. The National Council for Crime Prevention Snjeden, The Snjedish Penal Code, (1986), Maz, No 2, Stockholm.
154. Drug War Chronicle-world leading drug policy newsletter Issue # 557, 24/10/2008
155. Federal Statistical office-(STAT magazine) Juvenile delinquency in Germany 24.01.2008
156. International review of Criminal policy, (1990) special Double volume on Juvenile Jjustice in international perspektive, UN, New York.

**Закони, подзаконски акти, меѓународни документи, други правни прописи, интернет ресурси и други извори**

157. Закон за кривична постапка, (пречистен текст) Сл. Весник на РМ бр. 15/2005
182. Кривичен законик, (пречистен текст) Сл. Весник на РМ, бр.19/2004
183. Закон за малолетничка правда, Сл. Весник на РМ бр.87/2007
184. Zakon o maloletnim učiniocima krivičnih dela i krivično pravna zaštita maloletnih lica, Sl. Glasnik SRS, br. 85/2005.
185. Jugendgerichsgesetz (JGG)- In der Fassung der Bekanntmachung vom 11. December 1974, (BGBI.IS.3427)
186. Strafprozessordnung-In der Fassung der Bekanntmachung vom 7. April 1987 (BGBI.IS.1074, ber. S1319)
187. Konfliktrldet, Municipal mediation boards-an alternative to prosecution, An overview of the Norwegian system, Royal Norwegian Ministry of justice and police, 1996.
188. Закон за извршување на санкциите, Сл. Весник на РМ бр. 2/2006
189. Педагошки речник I, (1967) Завод за издавање уџбеника Социјалистичке Републике Србије, Београд.
190. Енциклопедија Човек, 2007 Младинска книга, Скопје.
191. Правилник за извршување на стручно-инструкторскиот надзор во извршувањето на алтернативните мерки., Сл. Весник на РМ бр. 118/2008
192. Правилник за условите, постапката и начинот за издавање и одземање на дозволата за извршување на алтернативните мерки., Сл. Весник на РМ бр. 118/2008
193. Правилник за видот и условите на извршување на општокорисната работа., Сл. Весник на РМ бр. 118/2008

194. Правилник за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во психичкиот и физичкиот развој., Сл. Весник на РМ, бр.30/2000
195. UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice-Beijing Rules, Publications of Defence for Children International (DCI) 1995;
196. UN Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency-Riyadh Guidelines, Publications of DCI 1995;
197. UN Rules for the Protection of Juveniles Deprived of their Liberty, Publications of DCI 1995;
198. Конвенција за правата на детето, 1990, OON, 1989 20.11., УНИЦЕФ
199. Compendium of UN Standards and Norms in Crime Prevention and Criminal Justice, New York, 1992
200. SZO Ženeva, 1992, ICD-10 Klasifikacija mentalnih poremećaja i poremećaja ponašanja: Klinički opisi i dijagnostička uputstva, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.
201. AAMR-American Association on Mental Retardation, Mental Retardation-Definition, classification and system of support, Washington DC, 2002.
202. Статистички прегледи: сторители на кривични дела за 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007.
203. Статистички прегледи: проценка на население за: 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007.

**Интернет ресурси**

http://webrzs.stat.gov.rs/axd/drugasrana.php?Sifra=0012&izbor=odel&tab=62

http://webrzs.stat.gov.rs/axd/drugasrana.php?Sifra=0012&izbor=odel&tab=163

http://webrzs.stat.gov.rs/axd/drugasrana.php?Sifra=0012&izbor=odel&tab=66

http://webrzs.stat.gov.rs/axd/drugasrana.php?Sifra=0012&izbor=odel&tab=68

http://webrzs.stat.gov.rs/axd/drugasrana.php?Sifra=0012&izbor=odel&tab=71

www.seenews.com/news/latestnews/bulgariannsi-anti-socialactsonminorsandjuvenilesin2007-095039/

www.nsi.bg/socialActivities_e/basicCrime07.htm

http://www.fzs.ba/god.htm#pravosuđe

http://www.stat.si/novica_prikazi.aspx?id=1913

(http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/articles/A62584-2005mar1.html)

http://www.statcan.gc.ca/pub/85-561-m/2007009/findings-rezultats/40533993-eng.htm

# Прилози:

## Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела и траењето на постапката за 1998 година

| Групи на кривични дела | вкупно | од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 1 месец | Од 1-2 месеци | Од 2-4 месеци | Од 4-6 месеци | 6 -12 месеци | Над 1 година |
| вкупно | **2132** | **95<br>4,5%** | **173<br>8,1%** | **381<br>17,9%** | **319<br>15%** | **551<br>25,8%** | **613<br>28,8%** |
| **Против животот и телото** | 108 | 5 | 16 | 25 | 19 | 20 | 23 |
| **Слободите и правата на човек. и граѓанинот** | 10 | - | - | 3 | - | 1 | 6 |
| **Бракот, семејството и младината** | 6 | - | 2 | - | - | 2 | 2 |
| **Половата слобода и половиот морал** | 29 | - | 5 | 1 | 4 | 11 | 8 |
| **Здравјето на луѓето** | 13 | 1 | 5 | 3 | 1 | 3 | - |
| **Честа и угледот** | 4 | - | - | - | 2 | 2 | - |
| **Животната средина** | 3 | - | 1 | - | - | 2 | - |
| **Против имотот** | **1840** | **87** | **135** | **325** | **272** | **480** | **541** |
| **Ј. Финансии, платниот промет и стопанството** | 13 | 1 | 2 | 1 | 1 | 5 | 3 |
| **Општа сигурност на луѓето и имотот** | 6 | - | - | 2 | 3 | - | 1 |
| **Безбедноста на јавниот сообраќај** | 57 | - | 3 | 17 | 11 | 14 | 12 |
| **Правосудството** | 3 | - | - | 1 | 1 | - | 1 |
| **Правниот сообраќај** | 16 | 1 | 3 | 3 | 1 | 7 | 1 |
| **Јавниот ред** | 21 | - | 1 | - | 3 | 3 | 14 |
| **Кривични дела од посебни закони** | 3 | - | - | - | 1 | 1 | 1 |

**Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела и траењето на постапката за 1999 година**

| Групи на кривични дела | вкупно | од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 1 месец | Од 1-2 месеци | Од 2-4 месеци | Од 4-6 месеци | 6 -12 месеци | Над 1 година |
| вкупно | 1999 | 108 5,40 % | 280 14 % | 421 21,06 % | 259 12,95 % | 494 24,71 % | 437 21,86 % |
| Против животот и телото | 81 | 11 | 23 | 12 | 13 | 8 | 14 |
| Слободите и правата на човек. и граѓанинот | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| Бракот, семејството и младината | 1 | - | - | 1 | - | - | - |
| Половата слобода и половиот морал | 11 | - | - | 3 | 1 | 4 | 3 |
| Здравјето на луѓето | 13 | - | 3 | 6 | - | 2 | 2 |
| Честа и угледот | 1 | - | - | - | 1 | - | - |
| Против имотот | 1768 | 94 | 240 | 367 | 220 | 455 | 392 |
| Ј. Финансии, платниот промет и стопанството | 9 | 1 | - | 7 | - | - | 1 |
| Општа сигурност на луѓето и имотот | 6 | - | 2 | 2 | - | - | 2 |
| Безбедноста на јавниот сообраќај | 78 | - | 9 | 18 | 17 | 20 | 14 |
| Правосудството | 4 | 1 | 1 | 1 | - | - | 1 |
| Правниот сообраќај | 9 | - | - | - | 1 | 1 | 7 |
| Јавниот ред | 16 | 1 | 2 | 3 | 6 | 4 | - |
| Кривични дела од посебни закони | 1 | - | - | 1 | - | - | - |

## Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела и траењето на постапката за 2000 година

| Групи на кривични дела | вкупно | од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 1 месец | Од 1-2 месеци | Од 2-4 месеци | Од 4-6 месеци | 6 -12 месеци | Над 1 година |
| **вкупно** | **1815** | **79<br>4,35 %** | **188<br>10,35 %** | **323<br>17,79 %** | **301<br>16,58 %** | **593<br>32,67 %** | **331<br>18,23 %** |
| **Против животот и телото** | 79 | 4 | 6 | 21 | 30 | 15 | 3 |
| **Слободите и правата на човек. и граѓанинот** | 2 | - | - | - | - | 2 | - |
| **Бракот, семејството и младината** | 3 | - | - | 2 | - | - | 1 |
| **Половата слобода и половиот морал** | 18 | - | 4 | - | 2 | 7 | 5 |
| **Здравјето на луѓето** | 31 | - | 9 | 9 | 8 | 4 | 1 |
| **Честа и угледот** | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **Културното наследство и природ. Реткости** | 8 | - | 7 | - | - | 1 | - |
| **Животната средина** | 2 | - | 1 | 1 | - | - | - |
| **Вооружените сили** | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| **Службената должност** | 1 | 1 | - | - | - | - | - |
| | | | | | | | |
| **Против имотот** | **1539** | **69** | **146** | **261** | **240** | **531** | **292** |
| **Ј. Финансии, платниот промет и стопанството** | 20 | 1 | 3 | 6 | - | 4 | 6 |
| **Општа сигурност на луѓето и имотот** | 7 | - | - | 3 | - | 3 | 1 |
| **Безбедноста на јавниот сообраќај** | 60 | 2 | 6 | 14 | 11 | 17 | 10 |
| **Правосудството** | 5 | - | - | 2 | 1 | 2 | - |
| **Правниот сообраќај** | 9 | 1 | 3 | - | 2 | 2 | 1 |
| **Јавниот ред** | 23 | 1 | - | 3 | 7 | 4 | 8 |
| **Кривични дела од посебни закони** | 6 | - | 3 | 1 | - | 1 | 1 |

**Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела и траењето на постапката за 2001 година**

| Групи на кривични дела | вкупно | од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 1 месец | Од 1-2 месеци | Од 2-4 месеци | Од 4-6 месеци | 6 -12 месеци | Над 1 година |
| **вкупно** | **1446** | **105<br>7,26 %** | **159<br>10,99 %** | **216<br>14,93 %** | **204<br>14,10 %** | **390<br>26,97 %** | **372<br>25,72 %** |
| **Против животот и телото** | 72 | 1 | 6 | 13 | 11 | 19 | 22 |
| **Слободите и правата на човек. и граѓанинот** | 1 | - | - | - | 1 | - | - |
| **Бракот, семејството и младината** | 9 | - | - | 8 | - | 1 | - |
| **Половата слобода и половиот морал** | 11 | - | 3 | 1 | 2 | 1 | 4 |
| **Здравјето на луѓето** | 11 | 1 | 1 | 2 | - | 4 | 3 |
| **Против имотот** | **1215** | **94** | **129** | **167** | **167** | **340** | **318** |
| **Ј. Финансии, платниот промет и стопанството** | 9 | - | 2 | 1 | - | 1 | 5 |
| **Општа сигурност на луѓето и имотот** | 8 | - | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| **Безбедноста на јавниот сообраќај** | 66 | 6 | 7 | 12 | 11 | 17 | 13 |
| **Правосудството** | 2 | - | - | - | 1 | 1 | - |
| **Правниот сообраќај** | 6 | - | 1 | 3 | - | 1 | 1 |
| **Јавниот ред** | 24 | 1 | 2 | 4 | 10 | 2 | 5 |
| **Против државата** | 10 | 1 | 5 | 4 | - | - | - |
| **К.дела предвидени со посебни закони** | 2 | 1 | - | - | - | 1 | - |

**Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела и траењето на постапката за 2002 година**

| Групи на кривични дела | вкупно | од поднесување на пријавата до донесување на одлука | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
